Универзитет ,,Свети Кирил и Методиј“ - Скопје

Филозофски факултет – Институт за социологија

Европски студии за интеграции и комуникации

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

# ТЕМА: СОЦИЈАЛНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ГЛОБАЛНАТА ЕКОНОМСКА КРИЗА (2007-2010 ГОДИНА), СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА НЕВРАБОТЕНОСТА ВО ЗЕМЈИТЕ - ЧЛЕНКИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Ментор:

Проф. Д-р Милева Ѓуровска

Кандидат:

Жарко Стојановски

Скопје, 2012 година

# СОДРЖИНА


**Вовед.....................................................................................................3**

**1.Причини за појавата на глобалната економска криза (2007-2010 година)..................4**

**2. Економска состојба во државите-членки на Европската Унија за време на глобалната економска криза..................................................................................................10**

**3.Невработеноста во земјите-членки на Европската унија во периодот на глобалната економска криза (2007-2010 година).......................................................................14**

**4.Социјална заштита во државите-членки на Европската Унија...........................................................................................................26**

**5. Социјална ексклузија во земјите-членки на Европската унија.....................................33**

**6. Глобалната економска криза во Летонија ..................................................................38**

**6.1 Социо-економските последици од глобалната криза во Летонија.............................42**

**6.2. Мерките кои ги презеде Летонија за да се справи со невработеноста .....................46**

**7. Економската криза во 90-те години и глобалната економска криза (2007-2010) во Финска .................................................................................................................48**

**7.1 Мерките кои ги презеде Финска за намалување на невработеноста .......................57**

**8. Глобалната економска криза во Шпанија ..................................................................60**

**8.1 Мерките што ги презеде Шпанија за намалување на невработеноста.......................67**

**9. Глобалната економска криза во Германија ................................................................70**

**9.1 Мерките што ги презеде Германија за намалување на невработеноста ..................76**

**10. Глобалната економска криза во Холандија ..............................................................79**

**10.1 Мерките што ги презеде Холандија за намалување на невработеноста .................83**

**11. Глобалната економска криза во Грција ....................................................................90**

**11.1 Мерките што ги презеде Грција за намалување на невработеноста ......................98**

**12. Глобалната економска криза во Македонија .........................................................103**

**12.1 Стапката на невработеност и социјалната заштита во Република Македонија .....104**

**12.1.2 Мерките кои ги презема Република Македонија за да се намали невработеноста.......................................................................................................110**

**13.Причините за големите разлики во стапката на невработеност помеѓу државите-членки на Европската унија и мерките кои се преземаат за нејзино намалување........128**

**14. Повторното ширење на глобалната економска криза во 2011 година .....................134**

**15. Новите насочувања на политиката на вработување, економската, социјалната и образовната политика во земјите-членки на Европската Унија ....................................139**

**Заклучок ........................................................................................................................147**

**Преглед на табели ..................................................................................... .....154**

**Користена литература .........................................................................................156**

# Вовед

Економската криза е појава која се опишува како „цунами''- се појавува наеднаш и зад себе остава големи последици.

Економските кризи датираат од многу одамна, за првпат се спомнуваат во XVI век во Шпанската империја, во времето на кралот Филип II, кога во периодот од 1557-1596-та година државата четири пати банкротирала.

Причините за појавата за економските кризи можат да бидат многубројни, како на пример: нафтената криза во седумдесеттите години од минатиот век, кога високата цена на нафтата и недоволните количества на гориво, директно се одразија на економиите во многу држави во светот; распадот на Советскиот сојуз кој предизвика економска криза во многу други европски држави, на пример во Финска, која својата економија ја базираше на извоз, а најголемиот дел од извозот(25%) го остваруваше со Советскиот Сојуз, по чиј распад, кризата директно се пренесе во оваа земја.

Финансиската криза од 2007 година до денес е предизвикана од намалувањето на ликвидноста на банкарскиот систем во САД. Таа резултираше со колапс на многу финансиски институции, потпомагање на банките од национални влади и падови на берзанските пазари ширум светот. На многу места, страдаше и пазарот со недвижнини, резултирајќи со многу иселувања, запленувања и продолжени одмори. Многу економисти сметаат дека е најлошата финансиска криза после кризата во Америка од 1930-тите. Таа придонесе за пропаѓање на клучни бизниси, намалување на потрошувачката моќ пресметано во трилиони американски долари, значителен пад на економската активност, а владите мораа да преземат важни чекори. Многу мерки, со различна тежина биле предложени од експертите. Пазарни, но и регулаторни решенија се имплементирани, или пак се разгледуваат, додека сè уште има големи ризици за светската економија за периодот од 2010-2011 година. Иако периодот понекогаш бил нарекуван и „Голема рецесија", овој термин се користел и за сите други рецесии во претходните декади.

Колапсот на глобалниот пазар со куќи, кој го достигна врвот во САД во 2006, предизвика драстично паѓање на вредноста на акциите поврзани со недвижнините, наштетувајќи им на финансиските институции ширум светот. Прашањата во врска со платежната способност на банките, неможноста за издавање кредити и недовербата на инвеститорите имаа удар врз глобалните берзи, кадешто акциите доживеаа големи падови за време на крајот на 2008 и почетокот на 2009. Економиите во светот забавија во овој период какошто кредитните услови се затегнаа, а меѓународната трговија опадна. Критичарите

тврдат дека агенцииите за кредитен рејтинг и инвеститорите не успеале прецизно да го оценат ризикот при финансиските зделки поврзани со хипотеки, а владите не ги прилагодиле нивните регулаторни практики кон финансиските пазари на 21 век. Владите и централните банки одговорија без преседан со фискално стимулирање, проширување на монетарна политика и финансиска помош на институциите.

Глобалната економска криза, која се појави во 2007-та година, беше криза со најголеми размери до сега, која опфати голем број на развиени држави и држави во развој во светот. Поради глобализираната економија, појавата на наредни глобални економски кризи во светот е очигледна.

Без разлика на тоа од кои причини е предизвикана една економска криза и во колку држави е присутна, заедничко на сите економски кризи се последиците од нив, од кои највпечатливи се: намалување на побарувачката на производи и намалениот извоз, што директно предизвикува намалување на производството, пад на економијата, раст на цените на производите, намалување на финансиските средства во државата, намалување на платите на вработените и пад на финансиската моќ на граѓаните, раст на стапката на невработеност, зголемен број на корисници на социјална помош, поголем број на луѓе кои живеат под ризик од сиромаштија или социјално исклучување, оптоварување на пензискиот и социјалниот фонд, како и раст на јавниот долг на државата.

Глобалната економска криза различно се манифестираше во државите–членки на Европската Унија. Дел од нив беа силно погодени од кризата, во други пак, кризата беше послабо изразена. Овие разлики се должеа, пред се, на различните макро-економски состојби и политики на земјите-членки, но и на различните активни политики и мерки кои беа преземени, за државите да се справат со кризата.

Креирање на активни политики и преземање на соодветни мерки, можат да ги спречат или намалат влијанијата и последиците од економските кризи, што значи помали социо-економски последици за граѓаните и државите.

Токму овие активни политики и мерки, ќе бидат истражувани во магистерскиот труд и треба да послужат како идна препорака за преземање на истите од страна на владите и надлежните институции, со цел да бидат намалени последиците од идни економски кризи.

## 1.Причини за појавата на глобалната економска криза (2007-2010 година)

„Сегашната финансиска криза што произлегува од американскиот хипотекарен сектор, а која полека се вовлекувше во глобалниот финансиски неред уште од летото 2007 година, доживеа нова фаза на забрзаност и развој во почетокот на есента 2008 година. Постојаните неуспеси на берзата и банкарските неуспеси се најлошите што досега се забележани уште од 1929 година’’-Жак Шапир[1].

Меѓутоа постоеја голем број причини за појавата на Глобалната економска криза(2007-2010година) кои не беа само од финансиски карактер. Така на пример, појавата на голем број природни катастрофи, како поплави,пожари,земјотеси,суши итн. во изминатите години ширум светот, директно влијаеја во падот на економијата. Зголемената побарувачка на пченица и останати житни култури од страна на Кина и Индија и недостатокот на резерви, поради што се зголеми и цената на овие продукти и општо зголемувањето на цените на прехрамбените производи, одигра исто така голема улога во засилувањето на ефектите на кризата. Се позачестената употреба на житните растенија за добивање на биодизел горивата, исто така, влијае во растот на цената на овие производи.

Корените на оваа криза лежат во неолибералната ера на економската либерализација и слободните пазари. Неолибералната превласт започна во 80-те години во Обединетото кралство и САД, откако Маргарет Тачер[2] и Роналд Реган[3] дојдоа на власт. Потоа, неолибералните политики брзо се раширија во сите земји со пазарна економија. Во текот на оваа ера, пазарите ширум светот беа либерализирани, што особено беше случај со финансиските пазари. Економските политики ширум светот се засноваа врз верувањето дека слободните пазари се секогаш ефикасни и дека даваат најдобар економски резултат. Улогата на Владите во економијата беше редуцирана речиси во сите земји со пазарна економија. Многумина се уште гледаат на неолибералниот период како на успешен период, но економските и социјалните последици од неолибералната политика не беа толку впечатливи: глобалниот економски развој беше значително намален во годините 1980-2000-та година, споредено со примерот во „ерата на Кејнз[4]“ од 1950-1970-те години.

[1] Шапир Жак (2009) *Од финансиск[illegible] до пресвртница*, Фондација Фридрих Еберт,Скопје.

[2] Маргарет Тачер во 1974 година станува првата претседателка на Конзервативната партија, [illegible] претседателка на владата на Обединетото Кралство и ја извршувала функцијата од 4 мај 1979 до 28 ноември 1990 година.

[3] Роналд Реган е претседател на САД од 1981-1989 година.

Исто така, придобивките од економскиот развој беа нерамномерно распределувани во текот на неолибералната ера: нееднаквоста во приходите значително се зголеми во самите земји, но и меѓу земјите .

Случувањата кои ги видовме на финансиските пазари и во реалната економија во текот на последните две години покажуваат дека крајните политики на слободните пазари не функционираа и дека глобалниот економски систем го доведоа речиси до колапс.

На крајот, алчноста и краткорочното барање на профит не им послужи на интересите на општествата. Пазарите не можеа самостојно да се справуваат и регулираат .

Неразумните иницијативи на финансиските пазари поттикнуваа опасни ризици за краткотрајни добивки. Финансискиот сектор воведуваше нови и се покомплексни и нетранспарентни мерки. Основниот проблем беше тоа што финансиските пазари беа третирани како да се било кој друг сектор на производство, а не како средство за распределба на финансии за реалните активности. Тоа доведе до создавање на „ меур " на цените на обврзниците . Очекуваната добивка од овие обврзници беше неодржливо висока што за возврат повлијае врз распределбата на финансискиот капитал за овие инструменти, наместо за здрави инвестиции во реалната економија .

Без значителна финансиска регулатива, тенденциозните иницијативи на микро ниво, создадоа системски ризик кој не беше земен предвид во процесот на носење на одлуки од страна на факторите на финансиските пазари. На крајот, овој системски ризик се реализираше во текот на 2007-2008 година. Проблемите ескалираа веднаш по колапсот со Лехман брадерс[5], во септември 2008 година. Целиот глобален финансиски систем се соочи со сериозен ризик од целосен колапс, но сега се чини дека најлошата системска закана за постоењето на финансискиот систем е спречена. Акутното реструктуирање и итната финансиска помош за банките од милијарди американски долари ги стабилизираа финансиските пазари, барем привремено. Меѓутоа, се чини дека сите се согласуваат дека на глобалниот финансиски ситем му е потребна суштинска реформа, за во иднина да се избегне реализацијата на системските ризици. Ваквите акутни активности со кои беа

[4] Кејнз беше британски економист(1883-1946г.)кој сметаше дека е дискутабилно дали е доволно пазарите самостојно да се регулираат. Неговите предлози за стимулирање на побарувачката преку јавно трошење, го одбележаа периодот по кризата во САД во 30-те години.Меѓутоа, во 70-те години и неговиот модел се соочи со криза. Долговоте на државите кои се појавија заради финансирање на јавното трошење, не беа вратени во време на економски развој, што придонесе за натамошно зголемување на државниот дефицит и потоа беа силно промовирани неолибералните политики во економијата.

[5] Лехман брадерс беше финансиска институција и четврта најголема инвестициска банка во САД, која банкротираше во 2008 година како резултат на должничката и финансиската криза во САД.

спасени финансиските пазари од моментален колапс, со сигурност не се доволни сами по себе .

Финансиските пазари кои беа на работ на пропаѓање беа проследени со глобален драстичен пад на реалната економија. Лошото функционирање на финансиските пазари го поттикна опаѓањето на реалната економија, но главните суштински фактори кои стојат зад опаѓањето на реалната економија се должат на глобалниот макроекономски дебаланс. Акумулираниот долг на приватниот сектор значително се зголеми во последните триесет години, особено во САД, каде потрошувачката беше поголема од можностите. Прекумерната потрошувачка во САД беше возможна поради огромниот вишок на тековната сметка на Кина, земјите кои извезуваат нафта, некои земји кои имаат висок приход (главно во Северна Европа) и некои економии во развој (кои имаа вишок на тековната сметка како резултат на рестриктивните барања на ММФ за девизни резерви). Движењето на капиталот од овие земји завршуваше најчесто во САД, за финансирање на дефицитот. На глобално ниво, економијата на САД дејствуваше како „единствен потрошувач". Беше само прашање на време кога ваквиот дебаланс ќе заврши со пад на глобалната економија. Како резултат на тоа, се соочуваме со реструктуирање на целиот глобален економски поредок (Рахкола,Тевдовски и Стамболиева.2009:4-5)

Кризата на ликвидноста е резултат на глобалната криза на финансискиот систем кој се фокусира на општата несигурност на софистицираните должнички инструменти развиени за време на последните десет години, преку процесот на претворање во хартии од вредност. Но, оваа финансиска криза има корени и во процесот на прекумерното одобрување на кредити , што се случуваше во САД, Велика Британија,Шпанија и Ирска.

Според Жак Шапир, оваа експанзија на кредити е резултат на структурните промени во поделбата на приходот што се случува во американската економија, меѓутоа,исто така и во економијата на Обединетото Кралство уште во средината на осумдесеттите години. Овие промени го опишуваат „нео-либералниот " капиталистички модел. Уделот на платите опаѓа, а добивката доживуваат многу висок скок, додека распределбата на приходот во САД станува нерамномерен слично како во времето на големата рецесија од 1929 година . Доколку просечната плата значајно се зголемила до 2006 година, нејзината средна вредност воопшто не е изменета, таа дури и опаднала во неколку американски држави познати по „старите индустрии'' (Шапир,2009:2).

Монетарниот неред, епитомизиран во целосна слобода на циркулација на капиталот, во 1998 година доведе до криза во најголем број од земјите во развој. Неможноста преживеаните институции кои потекнуваат од Бретон Вудс , ММФ и Светската банка , да ја контролираат или само да управуваат со кризата , ги доведе најголемиот дел од земјите во развој , главно од Азија, да помислат дека би можеле да ги заштитат само огромните

странски девизни резерви. Според тоа, ова логично ги доведе овие земји да ги применат FOREX политиките на акумулација, засновани врз девалоризација на националната валута и на конкурентна дефлација .

Наметнувајќи стриктни ограничувања на својот внатрешен пазар, тие се свртеа кон моделот на развојот заснован врз извоз, во времето кога Светската трговска организација негува нов режим на слободна трговија, што на азиските земји во развој им овозможува да ги применат меркантилистичките политики .

Овој извоз, заснован врз стапката на порастот, се свртува кон повисоки камати на штедењето, а политиките на привлекување инвестиции им помогнаа на земјите во развој да користат високи каматни стапки на порастот на работната продуктивност, која не настанува од директни или индиректни приходи. Како што квалитетот на извозот почнува да расте, тој создава силен ефект на длабока дефлација заснована врз платите за економиите на развиените земји, а особено на американската.

Американската економија одржува висока стапка на развој со замена на кредитите (главно хипотекарните и озогласениот механизам за екстракција на домашниот капитал) за заработувачката од труд. Ова беше потпомогнато со изразената проактивна монетарна политика, но и со процесот на претворање на капиталот во хартии од вредност. Во изразено дерегулирано финансиско опкружување, ова претворање на капиталот во хартии од вредност помогна банките и хипотекарните брокери да ги намалат каматните стапки на високо ризичните хипотеки. Конкуренцијата во хипотекарниот систем претставува силен поттик за ширењето на процесот на претворањето на капиталот во хартии од вредност во целиот хипотекарен сектор.

Хипотеките прогресивно ги истиснуваат другите системи на кредитната потрошувачка и во американските домаќинства долгот достигнува до 93% од БДП во 2006 година. Меѓутоа, американската стапка на пораст би била многу помала отколку што е, без екстракција на домашниот капитал што овозможи постојан пораст на цените на недвижностите од 1990 до 2007 година. Секако, евтините кредити ја помогнаа зголемената побарувачка и порастот на цените на недвижностите и дури иако нивото на штедење на домаќинствата достигнува незабележителни 0,4% во 2007 година, солвентноста на домаќинствата не се доведуваше во прашање, се додека цените не почнаа да паѓаат. Во 2007 година, вкупниот износ на заштеди во САД доаѓа до рекордно најниско ниво на БДП од 13,6%, во Германија достигнува 23,8%, а во Франција 20,3%.

Стапката на порастот која е генерирана на овој начин врз основа на потрошувачката, во времето кога опаѓа продуктивноста на трудот, го објаснува огромниот дефицит на тековните сметки кои ги бележи САД од 2000 година, до денес. Азиските земји го користат својот сопствен суфицит за масовно откупување на американските долгови. Оваа

двојна нерамнотежа, за несреќа, е наречена „Бретон Вудс[6] II ", но всушност е нестабилна бидејќи се заснова врз неодржливиот систем на експанзија на долгот .

Американскиот стопански пораст индуциран со кредити не беше одржлив, но не беа ниту меркантилистичките политики имплементирани како одговор на финансиската криза од 1998 година.

Американската економија не можеше бесконечно да го зголемува дефицитот на тековните сметки, а за земјите на Азија, кои ги акумулираа FOREX девизните резерви, кои мораа да се стерилизираат за да се спречи зголемувањето на курсот на размена, имаа трошоци без да се влијае врз инвестициониот процес. Истовремено Европската централна банка ја следеше политиката која е во директна спротивност со бараната цел на одржување на европската интеграција, бидејќи на тој начин всушност ја развива структурната дивергенција.

Според Шапир,последната по ред, но не и по важност , неолибералната идеологија, промовирајќи ја широко распространетата дерегулација во секторот на финансиите и на банкарството, создава систем заразен со ендогена нестабилност, резултат кој е предвиден од низа теоретски работи.

Високо конкурентните пазари не се баш задолжително најдобриот инструмент на координација што е потребен, а негувањето на уште поголема конкуренција може да биде деструктивен за ефикасноста. Дури и ММФ на крајот прифати дека финансиските иновации го зголемија ризикот без опипливи подобрувања на инвестициониот процес.

Дури и Пол Кругман[7] , добитник на Нобеловата награда во 2008 година , во овој контекст го признава негативното влијание на слободната трговија врз распределбата на добивката.

Некои европски земји(Велика Британија, Шпанија и Ирска) реагирале на регионалната депресивна економска клима со примена на американскиот „нео-либерален" капиталистички модел, со високо развиен хипотекарен систем и со економија заснована

---

[6] Бретон Вудс е област во САД, каде што е одржана меѓународна монетарна и финансиска конференција во 1944-та година, каде што се донесени одлуките за идното функционирање на монетарната политика и платежниот биланс. Во 1971 година, американскиот претседател Ричард Никсон го укинува правилото од Бретон Вудс, за конвертибилност на американскиот долар во злато, со што политиката на Бретон Вудс престанува да постои, а како клавно резервно средство на државите во светот станува американскиот долар.

[7] Професор по економија на Универзитетот „ Принстон" . Се залага за нова Кејнзијанска политика во економијата. Голем критичар на поранешниот претседател на Џорч В. Буш, но и на економската стратегија на Барак Обама.

врз финансискиот сектор. Задолженоста на домаќинствата се вивнува до бескрај, а штедењето сосема опаѓа. Овие земји се најдоа помеѓу оние кои беа најмногу погодени од кризата, со исклучок на Велика Британија која успеја брзо да ја надмине економската криза. Германија го измами овој вид на дефлација со усвојување на она што може да се нарече нео-меркантилистички модел. Во индустрискиот процес, производните линии на подмонтажата се преместени во ново влезните земји-членки на ЕУ. Фамозната ознака Made in Germany (произведено во Германија) брзо се замени со Made by Germany (произведено од Германија) овозможувајќи и на Германија на тој начин да задржи огромен трговски суфицит. Меѓутоа, вработеноста во индустријата опаѓаше, а задоженоста на домаќинствата се зголемуваше, што сега е дел од проблемот со кој се соочуваат германските банки. Франција и Италија се обидоа да го одржуваат „класичниот" европски капиталистички модел преку релативно експанзивната јавна политика, но по цена на пораст на јавниот долг. Меѓутоа, кога се зборува за целосна задолженост (вклучувајќи го долгот на домаќинствата, на претпријатијата и јавниот долг) земјите кои припаѓаат на „класичниот" европски капиталистички модел не се во најлоша состојба. Долгот на домаќинството во Шпанија до есента 2007 достигна БНП 112% (Шапир,2009:3,4)

Табела 1: Вкупна задолжененост во БНП % во 2006 година

| | Франција | Германија | Шпанија | Обединетото Кралство | Италија |
|---|---|---|---|---|---|
| Долг на домаќинството | 45% | 68% | 84% | 107% | 39% |
| Долг на претпријатието | 73% | 57% | 104% | 88% | 63% |
| Вкупно домаќинство +претпријатие | 118% | 125% | 188% | 185% | 102% |
| Јавен долг | 63% | 67% | 39% | 39% | 106% |
| Вкупно | 181% | 192% | 227% | 224% | 208% |

Извор : INSEE, Европска централна банка и Националниот книговодствен сисем на Обединетото Кралство.

## 2. Економска состојба во државите-членки на Европската Унија за време на глобалната економска криза

Економските состојби бележеа големи разлики меѓу земјите членки на Европската унија.

БДП се зголеми за 0,8% во првиот квартал од 2011 година во Евро-зоната и во Европската унија, споредено со претходниот квартал т.е. последниот квартал од 2010 година (според информации од ЕУРОСТАТ).

Во четвртиот квартал од 2010 година, процентот на раст на БДП изнесуваше 0,3% во Евро-зоната и 0,2% во Европската унија, доколку ги споредиме првиот квартал на 2010 година со истиот квартал од 2011 година, Европската унија забележува пораст на БДП од 2,2%. Во САД, БДП се зголеми за 0,4% во првиот квартал од 2011 година, споредено со истиот квартал од 2010 година, БДП бележи зголемување за 2,2%.

Во 2010 година, држава со најголем дефицит е Република Ирска со рекордни 32.4% од БДП, по неа следуваат: Грција, Обединетото Кралство, Португалија и Шпанија.

Држави со најмал дефицит се : Шведска со 0.0%, Естонија со 0.1% и Луксембург со 1.7%.

Табела 2: Дефицит,приход,расход и јавен долг во % од БДП, на државите-членки на Унијата за периодот 2007-2010 година

| Државен дефицит (%) | | | | | Државен приход (%) | | | | Државен расход(%) | | | | Јавен долг (%) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
| ЕУ-27 | -0.7 | -2.0 | -6.3 | -6.0 | 45.2 | 44.8 | 44.5 | 44.4 | 45.9 | 46.9 | 50.8 | 50.4 | 66.2 | 69.9 | 79.3 | 85.1 |
| А | -0.9 | -0.9 | -4.1 | -4.6 | 48.0 | 48.3 | 48.8 | 48.3 | 49.0 | 49.3 | 53.0 | 53.0 | 60.7 | 63.8 | 69.6 | 72.3 |
| Б | -0.3 | -1.3 | -5.9 | -4.1 | 48.1 | 48.8 | 48.1 | 48.9 | 48.4 | 50.1 | 54.1 | 53.1 | 84.2 | 89.6 | 96.2 | 96.8 |
| БГ | 1.1 | 1.7 | -4.7 | -3.2 | 40.8 | 39.3 | 36.0 | 34.5 | 39.7 | 37.6 | 40.7 | 37.7 | 17.2 | 13.7 | 14.6 | 16.2 |
| ГЕР | 0.3 | 0.1 | -3.0 | -3.3 | 43.8 | 43.9 | 44.5 | 45.3 | 43.6 | 43.8 | 47.5 | 46.6 | 64.9 | 66.3 | 73.5 | 83.2 |
| ГР | -6.4 | -9.8 | -15.4 | -10.5 | 40.0 | 39.9 | 37.3 | 39.1 | 46.6 | 49.7 | 52.9 | 49.5 | 105.4 | 110.7 | 127.1 | 142.8 |
| Д | 4.8 | 3.2 | -2.7 | -2.7 | 55.6 | 55.2 | 55.6 | 55.3 | 50.8 | 51.9 | 58.4 | 58.2 | 27.5 | 34.5 | 41.8 | 43.6 |
| ЕСТ | 2.5 | -2.8 | -1.7 | 0.1 | 36.9 | 37.0 | 43.4 | 40.1 | 34.4 | 39.9 | 45.2 | 40.0 | 3.7 | 4.6 | 7.2 | 6.6 |
| ИР | 0.1 | -7.3 | - | - | 36.8 | 35.5 | 33.9 | 34.6 | 36.7 | 42.8 | 48.2 | 67.0 | 25.0 | 44.4 | 65.6 | 96.2 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 14.3 | 32.4 | | | | | | | | | | | | |
| ИТ | -1.5 | -2.7 | -5.4 | -4.6 | 46.4 | 46.1 | 46.5 | 46.0 | 47.9 | 48.8 | 51.8 | 50.5 | 103.6 | 106.3 | 116.1 | 119.0 |
| КПР | 3.4 | 0.9 | -6.0 | -5.3 | 44.6 | 42.6 | 39.8 | 41.3 | 41.2 | 41.7 | 45.8 | 46.6 | 58.3 | 48.3 | 58.0 | 60.8 |
| ЛЕ | -0.3 | -4.2 | -9.7 | -7.7 | 35.4 | 34.6 | 34.6 | 35.2 | 35.8 | 38.8 | 44.2 | 42.9 | 9.0 | 19.7 | 36.7 | 44.7 |
| ЛИТ | -1.0 | -3.3 | -9.5 | -7.1 | 33.8 | 34.1 | 34.5 | 34.2 | 34.8 | 37.4 | 44.0 | 41.3 | 16.9 | 15.6 | 29.5 | 38.2 |
| ЛКС | 3.7 | 3.0 | -0.9 | -1.7 | 39.8 | 39.8 | 41.3 | 39.5 | 36.7 | 36.9 | 42.2 | 41.1 | 6.7 | 13.6 | 14.6 | 18.4 |
| МАЛ | -2.4 | -4.5 | -3.7 | -3.6 | 40.3 | 39.0 | 39.5 | 38.7 | 42.6 | 43.5 | 43.2 | 42.3 | 62.0 | 61.5 | 67.6 | 68.0 |
| ВБ | -2.7 | -5.0 | -11.4 | -10.4 | 41.3 | 42.5 | 40.3 | 40.6 | 44.0 | 47.4 | 51.4 | 50.9 | 44.5 | 54.4 | 69.6 | 80.8 |
| ПОР | -3.1 | -3.5 | -10.1 | -9.1 | 41.1 | 41.1 | 39.7 | 41.5 | 44.4 | 44.7 | 49.8 | 50.7 | 68.3 | 71.6 | 83.0 | 93.0 |
| ПЛ | -1.9 | -3.7 | -7.3 | -7.9 | 40.3 | 39.5 | 37.2 | 37.8 | 42.2 | 43.2 | 44.5 | 45.7 | 45.0 | 41.1 | 50.9 | 55.0 |
| РО | -2.6 | -5.7 | -8.5 | -6.4 | 33.7 | 32.6 | 32.1 | 34.3 | 36.3 | 38.3 | 40.6 | 40.8 | 12.6 | 13.4 | 23.6 | 30.8 |
| СЛЧ | -1.8 | -2.1 | -8.0 | -7.9 | 32.5 | 32.9 | 33.5 | 33.1 | 34.3 | 35.0 | 41.5 | 41.0 | 29.6 | 27.8 | 35.4 | 41.0 |
| СЛО | -0.1 | -1.8 | -6.0 | -5.6 | 42.4 | 42.3 | 43.1 | 43.4 | 42.5 | 44.1 | 49.0 | 49.0 | 23.1 | 21.3 | 35.2 | 38.0 |
| ХУН | -5.0 | -3.7 | -4.5 | -4.2 | 45.0 | 45.2 | 46.1 | 44.6 | 50.0 | 48.8 | 50.5 | 48.9 | 66.1 | 72.3 | 78.4 | 80.2 |
| ФИН | 5.2 | 4.2 | -2.6 | -2.5 | 52.4 | 53.5 | 53.4 | 52.3 | 47.2 | 49.3 | 56.3 | 55.1 | 35.2 | 34.1 | 43.8 | 48.4 |
| ФРА | -2.1 | -3.3 | -7.5 | -7.0 | 49.6 | 49.5 | 48.7 | 49.2 | 52.4 | 52.9 | 56.2 | 56.2 | 63.9 | 67.7 | 78.3 | 81.7 |
| ХОЛ | 0.2 | 0.6 | -5.5 | -5.4 | 45.4 | 46.6 | 45.9 | 45.9 | 45.3 | 46.0 | 51.4 | 51.2 | 45.3 | 58.2 | 60.8 | 62.7 |
| ЧЕХ | -0.7 | -2.7 | -5.9 | -4.7 | 41.8 | 40.2 | 40.1 | 40.5 | 42.5 | 42.9 | 45.9 | 45.2 | 29.0 | 30.0 | 35.3 | 38.5 |
| ШВЕ | 3.6 | 2.2 | -0.7 | 0.0 | 54.5 | 53.9 | 54.2 | 52.7 | 51.0 | 51.7 | 55.2 | 53.0 | 40.2 | 38.8 | 42.8 | 39.8 |
| ШП | 1.9 | -4.2 | -11.1 | -9.2 | 41.1 | 37.1 | 34.7 | 35.7 | 39.2 | 41.3 | 45.8 | 45.0 | 36.1 | 39.8 | 53.3 | 60.1 |

Извор :Allen,Tim:Provision of deficit and debt data for 2010-first notification, Eurostat Press Office,Luxemburg,26 april 2011

http://epp.eurostat.ec.europa.eu/portal/page/portal/government_finance_statistics/excessive_deficit/supplementary_tables_financial_turmoil

Најголем приход во 2010 година е остварен во : Данска, Шведска, Финска и Австрија; Најголем расход имаат : Ирска, Данска, Франција и Финска.

Држави со најголем јавен долг во 2010 година се : Грција со рекорден долг од 142.8% од БДП, Италија со 119% од БДП, Белгија со 96.8%, Ирска со 96.2% и Португалија со 93%.

По нив,држави со голем јавен долг се : Германија, Франција, Обединетото Кралство, Унгарија и Австрија.

Јавен долг меѓу 70-60% од БДП се забележува во : Холандија, Малта, Кипар И Шпанија.

Скандинавските држави се средно задолжени, заедно со најголемиот дел од пост-комунистичките држави : Полска, Литванија, Летонија, Романија, Словачка и Словенија.

Најмалку задолжени држави се : Естонија(6.6%),Бугарија(16.2%) и Луксембург(18.4%).

## 3.Невработеноста во земјите-членки на Европската унија во периодот на глобалната економска криза (2007-2010[8] година)

Невработеноста во 2008 година во повеќето земји-членки на Унијата остана на едно стабилно ниво, со исклучок на неколку земји-членки,во кои стапката на невработеност доживуваше раст од неколку процентуални поени.

Економијата во 2008 година, на ниво на ЕУ-27 започна да слабее и опаѓа во споредба со претходните три години.

На ниво на ЕУ-27, стапката на невработеност кај мажите во 2008 година изнесуваше 6.6%, исто како и претходната година, додека невработеноста кај женската популација продолжуваше да се намалува (паѓајќи на 7.5% споредено со 7.8% од 2007 година), иако со значителен мал пад. Овој тренд се должи, пред се, на тоа што негативните ефекти од економската криза на почетокот најмногу ги почуствуваа секторите каде што најголемиот дел од работната сила беа мажи.

Најпогодени на почетокот од кризата беа : градежниот, автомобилскиот и транспортниот сектор.

[8] Глобалната економска криза голем број на експерти ја прогласија за завршена во 2010-та година,но тоа беше еден оптимистичен став, бидејќи таа опстојуваше и во 2011 година во некои држави. Затоа и покрај временската рамка во која е ставена глобалната економска криза (2007-2010), ќе бидат проследени и состојбите на пазарот на труд, како и некои други индикатори и од 2011 година.

Вкупната стапката на невработеност во ЕУ во 2008 година е 7.1%. Шпанија ја има најголемата стапка на невработеност од 11.3%, следена од Словачка со 9.5%. Други држави со поголем процент на невработеност од просечниот просек на невработеност на ниво на Европската унија, се: Унгарија, Франција, Португалија, Грција,Летонија, Германија и Полска. Држави со ниска стапка на невработеност во 2008 година беа: Холандија, Данска, Австрија, Луксембург и Кипар.

Иако, стапката на невработеност на ниво на ЕУ, остана стабилна во 2008 година, споредено со 2007 година, сепак можат да се забележат големи разлики доколку се вршат споредби помеѓу членките на Унијата. Во некои држави како што се : Шпанија, Ирска, Литванија и Летонија, стапката на невработеност се зголеми за три процентуални поена, во споредба со 2007 година. Зголемувањето на невработеноста во овие земји во 2008 година, најмногу се должи на запаѓањето во криза на градежниот сектор, каде што работата нагло опадна поради наглото опаѓање на цената на недвижностите на пазарот. Во други земји како: Германија,Полска,Словачка и Бугарија во 2008 година, стапката на невработеност се намали за еден процентуален поен во споредба со 2007 година.

Во август 2009 година, процентот на невработеност во ЕУ се зголемува на 9.1%, што претставува зголемување за 2.4% во споредба со април 2008 година. Вкупната невработеност изнесуваше 21.9 милиони луѓе во Европската унија, што претставуваше зголемување од 5.7 милиони луѓе или една третина повеќе од 2008 година.

Помеѓу големите земји-членки, невработеноста се зголеми драстично во споредба со 2008 или 2007 година. Најголем процент на невработеност имаше Шпанија, заземајќи повеќе од 35% од вкупната невработеност во Европскат унија. Помеѓу другите големи држави учествуваа Франција со 13% и Обединетото Кралство со 15% од вкупната невработеност во Европската унија, чија стапка порасна на 10% во последните месеци на 2009 година.

При крајот на 2009 година, невработеноста во Шпанија драстично се зголемуваше и достигна 20%, што значеше дека секој четврти невработен човек во Европската унија е од Шпанија. Исто така, стапката на невработеност беше висока во : Летонија со 18.3% и во Естонија, Литванија, Ирска и Словачка (со стапка на невработеност меѓу 12-14%). Стапката на невработеност остана ниска во Холандија со 3.5% и Австрија со 4.7%.

Во табела број 4, можеме да видиме дека стапката на невработеност во периодот од третиот квартал 2009 – 2010 година, најмногу пораснала во : Литванија со 4%, Грција со 3.1%, Бугарија со 2.8%, Шпанија со 1.9% и Словачка со 1.6%.

Табела 3: Стапка на невработеност во земјите-членки на ЕУ[9] од 2000-2010 година

| Држави | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЕУ-27 | 8.7 | 8.5 | 8.9 | 9.0 | 9.1 | 9.0 | 8.2 | 7.2 | 7.1 | 9.0 | 9.6 |
| Евро-зона | 8.5 | 8.1 | 8.4 | 8.8 | 9.0 | 9.1 | 8.5 | 7.6 | 7.6 | 9.6 | 10.1 |
| Австрија | 3.6 | 3.3 | 4.2 | 4.3 | 4.9 | 5.2 | 4.8 | 4.4 | 3.8 | 4.8 | 4.4 |
| Белгија | 6.9 | 6.6 | 7.5 | 8.2 | 8.4 | 8.5 | 8.3 | 7.5 | 7.0 | 7.9 | 8.3 |
| Бугарија | 16.4 | 19.5 | 18.2 | 13.7 | 12.1 | 10.1 | 9.0 | 6.9 | 5.6 | 6.8 | 10.2 |
| Германија | 7.5 | 7.6 | 8.4 | 9.3 | 9.8 | 11.2 | 10.3 | 8.7 | 7.5 | 7.8 | 7.1 |
| Грција | 11.2 | 10.7 | 10.3 | 9.7 | 10.5 | 9.9 | 8.9 | 8.3 | 7.7 | 9.5 | 12.6 |
| Данска | 4.3 | 4.5 | 4.6 | 5.4 | 5.5 | 4.8 | 3.9 | 3.8 | 3.6 | 6.0 | 7.4 |
| Естонија | 13.6 | 12.6 | 10.3 | 10.0 | 9.7 | 7.9 | 5.9 | 4.7 | 5.5 | 13.8 | 16.9 |
| Ирска | 4.2 | 3.9 | 4.5 | 4.6 | 4.5 | 4.4 | 4.5 | 4.6 | 6.3 | 11.9 | 13.7 |
| Италија | 10.1 | 9.1 | 8.6 | 8.4 | 8.0 | 7.7 | 6.8 | 6.1 | 6.7 | 7.8 | 8.4 |
| Кипар | 4.9 | 3.8 | 3.6 | 4.1 | 4.7 | 5.3 | 4.6 | 4.0 | 3.6 | 5.3 | 6.5 |
| Летонија | 13.7 | 12.9 | 12.2 | 10.5 | 10.4 | 8.9 | 6.8 | 6.0 | 7.5 | 17.1 | 18.7 |
| Литванија | 16.4 | 16.5 | 13.5 | 12.5 | 11.4 | 8.3 | 5.6 | 4.3 | 5.8 | 13.7 | 17.8 |
| Луксембург | 2.2 | 1.9 | 2.6 | 3.8 | 5.0 | 4.6 | 4.6 | 4.2 | 4.9 | 5.1 | 4.5 |
| Малта | 6.7 | 7.6 | 7.5 | 7.6 | 7.4 | 7.2 | 7.1 | 6.4 | 5.9 | 7.0 | 6.8 |
| Обединетото Кралство | 5.4 | 5.0 | 5.1 | 5.0 | 4.7 | 4.8 | 5.4 | 5.3 | 5.6 | 7.6 | 7.8 |
| Португалија | 4.0 | 6.1 | 5.1 | 6.4 | 6.7 | 7.7 | 7.8 | 8.1 | 7.7 | 9.6 | 11.0 |
| Полска | 16.1 | 18.3 | 20.0 | 19.7 | 19.0 | 17.8 | 13.9 | 9.6 | 7.1 | 8.2 | 9.6 |
| Романија | 7.3 | 6.8 | 8.6 | 7.0 | 8.1 | 7.2 | 7.3 | 6.4 | 5.8 | 6.9 | 7.3 |
| Словачка | 18.8 | 19.3 | 18.7 | 17.6 | 18.2 | 16.3 | 13.4 | 11.1 | 9.5 | 12.0 | 14.4 |
| Словенија | 6.7 | 6.2 | 6.3 | 6.7 | 6.3 | 6.5 | 6.0 | 4.9 | 4.4 | 5.9 | 7.3 |
| Унгарија | 6.4 | 5.7 | 5.8 | 5.9 | 6.7 | 7.2 | 7.5 | 7.4 | 7.8 | 10.0 | 11.2 |

9 Во табелата се вклучени државите- членки на Европската унија, како и Јапонија и САД.

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Финска | 9.8 | 9.1 | 9.1 | 9.0 | 8.8 | 8.4 | 7.7 | 6.9 | 6.4 | 8.2 | 8.4 |
| Франција | 9.0 | 8.3 | 8.6 | 9.0 | 9.3 | 9.3 | 9.2 | 8.4 | 7.8 | 9.5 | 9.7 |
| Холандија | 3.1 | 2.5 | 3.1 | 4.2 | 5.1 | 5.3 | 4.4 | 3.6 | 3.1 | 3.7 | 4.5 |
| Чешка | 8.7 | 8.0 | 7.3 | 7.8 | 8.3 | 7.9 | 7.2 | 5.3 | 4.4 | 6.7 | 7.3 |
| Шведска | 5.6 | 5.8 | 6.0 | 6.6 | 7.4 | 7.7 | 7.1 | 6.1 | 6.2 | 8.3 | 8.4 |
| Шпанија | 11.1 | 10.3 | 11.1 | 11.1 | 10.6 | 9.2 | 8.5 | 8.3 | 11.3 | 18.0 | 20.1 |
| Јапонија | 4.7 | 5.0 | 5.4 | 5.3 | 4.7 | 4.4 | 4.1 | 3.9 | 4.0 | 5.1 | 5.1 |
| САД | 4.0 | 4.8 | 5.8 | 6.0 | 5.5 | 5.1 | 4.6 | 4.6 | 5.8 | 9.3 | 9.6 |

Извор:Eurostat
http://epp.eurostat.ec.europa.eu/statistics_explained/index.php?title=File:Table_unemployment_rates.PNG&filetimestamp

Во периодот меѓу третиот квартал 2009-2010 година,стапката на невработеност кај мажите е најмногу зголемена во : Грција со 3.1%, Литванија со 2.9%, Бугарија со 2.7%, Словачка со 2% и Шпанија со 1.5%. Стапката на невработеност кај жени е најмногу зголемена во: Литванија со 5%, Бугарија со 3.6%, Грција со 2.9% и Шпанија со 2.2 %.Стапката на невработеност е најмногу намалена во : Германија за 1.1%, Австрија за 0.7% и Луксембург за 0.5%. Во периодот меѓу третиот квартал 2009-2010 година,стапката на невработеност на ниво на ЕУ-27 остана речиси непроменета за првпат од 2008 година,откако постојано беше во пораст. Сепак, во текот на годината бројот на вработени луѓе продолжи да опаѓа (-0,3%), но со незначителни бројки.

Табела 4: Стапка на невработеност во ЕУ во третиот квартал од 2009 и 2010 година

| | Трет квартал од 2009 година | | | Трет квартал од 2010 година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Држави | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно |
| ЕУ-27 | 9.0 | 8.9 | 9.0 | 9.2 | 9.4 | 9.3 |
| ЕА-16 | 9.1 | 9.7 | 9.4 | 9.4 | 10.0 | 9.7 |
| Австрија | 5.2 | 5.1 | 5.1 | 4.6 | 4.2 | 4.4 |
| Белгија | 7.8 | 8.8 | 8.2 | 8.4 | 9.0 | 8.7 |
| Бугарија | 6.8 | 6.5 | 6.7 | 9.5 | 10.1 | 9.5 |
| Германија | 7.4 | 8.1 | 7.8 | 7.1 | 6.3 | 6.7 |
| Грција | 6.6 | 13.3 | 9.3 | 9.7 | 16.1 | 12.4 |
| Данска | 6.6 | 5.4 | 6.1 | 7.3 | 7.2 | 7.3 |
| Естонија | 16.1 | 14.9 | 14.6 | 17.0 | 12.2 | 15.5 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ирска | 16.8 | 10.0 | 12.6 | 15.6 | 8.9 | 13.8 |
| Италија | 6.8 | 8.7 | 7.3 | 6.5 | 8.6 | 7.6 |
| Кипар | 5.4 | 5.6 | 5.5 | 5.7 | 5.9 | 5.8 |
| Летонија | 21.2 | 15.5 | 18.4 | 20.0 | 15.9 | 18.0 |
| Литванија | 17.4 | 10.3 | 13.8 | 20.3 | 15.3 | 17.8 |
| Луксембург | 3.7 | 5.3 | 4.4 | 2.8 | 5.3 | 3.9 |
| Малта | 6.7 | 7.2 | 6.9 | 6.9 | 6.6 | 6.8 |
| Обединетото Кралство | 9.1 | 6.7 | 8.0 | 8.4 | 7.2 | 7.9 |
| Португалија | 9.3 | 10.8 | 10.0 | 9.8 | 12.6 | 11.1 |
| Полска | 7.6 | 8.6 | 8.1 | 8.7 | 9.7 | 9.2 |
| Романија | 7.6 | 5.9 | 6.8 | 7.4 | 6.3 | 6.9 |
| Словачка | 11.9 | 13.3 | 12.5 | 13.9 | 14.3 | 14.1 |
| Словенија | 6.3 | 6.1 | 6.2 | 7.0 | 7.1 | 7.1 |
| Унгарија | 10.5 | 10.1 | 10.3 | 11.0 | 10.7 | 10.9 |
| Финска | 7.7 | 7.4 | 7.5 | 7.6 | 6.9 | 7.3 |
| Франција | 8.6 | 9.4 | 9.0 | 8.7 | 9.6 | 9.1 |
| Холандија | 3.4 | 3.5 | 3.5 | 4.2 | 4.3 | 4.2 |
| Чешка | 6.4 | 8.5 | 7.3 | 6.0 | 8.5 | 7.1 |
| Шведска | 8.4 | 7.7 | 8.1 | 7.8 | 7.8 | 7.8 |
| Шпанија | 17.8 | 18.2 | 17.9 | 19.3 | 20.4 | 19.8 |

Извор: Massarelli,Nikola.,Giovannola,Daniele.,Wozowczyk,Monika:Labour market trends-third guarter 2010 data,page 3, Eurostat Press Office,Luxembourg ,2011.

Споредено со 2010 година, во 2011 година, невработеноста се намалила во 17 земји-членки на Унијата, но се зголемила во 9 земји-членки и останала иста во Луксембург.

ЕУРОСТАТ, проценува дека 22,547 милиони мажи и жени во Европската унија, од кои 15,529 милиони се во евро-зоната се невработени во април 2011 година, споредено со март 2011, бројот на невработени лица е намален за 165 илјади во ЕУ-27 и 115 илјади во евро-зоната.Помеѓу земјите-членки на Унијата, најмал процент на невработеност е забележан во Холандија и Австрија со 4,2% и Луксембург со 4,5%, а највисок процент се забележува во Шпанија со 20,7%, Литванија 17,3% и Летонија со 17,2% .

Најголем пад беше забележан во Естонија од 18,8% на 13,8%, во период на првиот квартал 2010/2011 година, Летонија од 20,1 на 17,2% меѓу четвртиот квартал на 2010 и првиот квартал на 2011 година и Шведска со пад од 9,1% на 7,4% меѓу четвртиот квартал 2010 и првиот квартал од 2011 година.

**Табела 5:Процентуална стапка на невработеност во ЕУ и државите-членки од октомври 2010до мај 2011г.**

http://epp.eurostat.ec.europa.eu/tgm/table.do?tab=table&language=en&pcode=teilm020

| Држави | Октом.2010 | ное.2010 | дек.2010 | јан.2011 | фев.2011 | мар.2011 | апр.2011 | мај.20 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЕУ-27 | 9.7 | 9.7 | 9.6 | 9.5 | 9.4 | 9.4 | 9.3 | 9.3 |
| ЕА-16 | 10.2 | 10.1 | 10.0 | 10.0 | 9.9 | 9.9 | 9.8 | 9.8 |
| Австрија | 4.2 | 4.2 | 4.2 | 4.5 | 4.6 | 4.4 | 4.2 | 4.3 |
| Белгија | 8.1 | 8.0 | 7.7 | 7.4 | 7.1 | 7.1 | 7.2 | 7.3 |
| Бугарија | 11.0 | 11.3 | 11.3 | 11.2 | 11.1 | 11.1 | 11.1 | 11.2 |
| Германија | 6.8 | 6.7 | 6.6 | 6.4 | 6.3 | 6.2 | 6.1 | 6.0 |
| Грција | 14.1 | 14.1 | 14.1 | 15.0 | 15.0 | 15.0 | 14.0 | 14.0 |
| Данска | 7.6 | 7.7 | 7.6 | 7.7 | 7.6 | 7.6 | 7.3 | 7.4 |
| Естонија | 14.4 | 14.4 | 14.4 | 13.8 | 13.8 | 13.8 | / | / |
| Ирска | 14.2 | 14.4 | 14.6 | 14.4 | 14.3 | 14.2 | / | / |
| Италија | 8.5 | 8.3 | 8.3 | 8.2 | 8.1 | 8.2 | 8.0 | 8.1 |
| Кипар | 6.4 | 6.5 | 6.5 | 6.6 | 6.8 | 6.9 | 7.2 | 7.4 |
| Летонија | 17.0 | 17.0 | 17.0 | 16.2 | 16.2 | 16.2 | / | / |
| Литванија | 17.3 | 17.3 | 17.3 | 16.3 | 16.3 | 16.3 | / | / |
| Луксембург | 4.4 | 4.5 | 4.5 | 4.3 | 4.3 | 4.3 | 4.3 | 4.5 |
| Малта | 6.7 | 6.5 | 6.5 | 6.4 | 6.3 | 6.2 | 6.2 | 6.2 |
| Обединетото Кралство | 7.8 | 7.8 | 7.8 | 7.7 | 7.7 | 7.6 | 7.7 | 7.7 |
| Португалија | 12.3 | 12.3 | 12.4 | 12.4 | 12.4 | 12.4 | 12.4 | 12.4 |
| Полска | 9.6 | 9.6 | 9.5 | 9.4 | 9.3 | 9.2 | 9.2 | 9.2 |
| Романија | 7.4 | 7.4 | 7.4 | 7.0 | 7.0 | 7.0 | / | / |
| Словачка | 14.2 | 14.1 | 13.9 | 13.6 | 13.5 | 13.4 | 13.4 | 13.3 |
| Словенија | 7.6 | 7.7 | 8.1 | 8.1 | 8.1 | 8.2 | 8.3 | 8.3 |
| Унгарија | 11.0 | 11.0 | 11.0 | 11.3 | 10.9 | 10.6 | 10.3 | 10.0 |
| Финска | 8.1 | 8.1 | 8.0 | 8.0 | 8.0 | 8.0 | 7.9 | 7.8 |
| Франција | 9.7 | 9.7 | 9.7 | 9.7 | 9.7 | 9.6 | 9.6 | 9.5 |
| Холандија | 4.4 | 4.4 | 4.3 | 4.3 | 4.3 | 4.2 | 4.2 | 4.2 |
| Чешка | 7.0 | 7.0 | 7.2 | 7.0 | 6.9 | 6.7 | 6.6 | 6.5 |
| Шведска | 8.1 | 7.8 | 7.8 | 7.9 | 7.6 | 7.7 | 7.5 | 7.7 |
| Шпанија | 20.6 | 20.5 | 20.4 | 20.4 | 20.6 | 20.7 | 20.7 | 20.9 |

Најголем процент на зголемување на невработеноста беше забележан во : Грција од 10,2% на 14,1% меѓу четвртиот квартал 2009-2010 година, Литванија од 15,8% на 17,3% меѓу четвртиот квартал 2009-2010 година, Бугарија од 10% на 11,4% меѓу првиот квартал 2010 и првиот квартал 2011година и Ирска од 13,3 на 14,7% од првиот квартал 2010-2011 година.

Помеѓу април 2010-2011 година, процентот на невработеност кај мажите бележи пад од 10% на 9,6% во Евро-зоната и од 9,8% на 9,3% во ЕУ-27. Процентот на невработеност кај жените е намален од 10,3% на 10,2% во Евро-зоната и од 9,6 на 9,5% во ЕУ-27. Во април 2011 година, процентот на невработеност кај младите под 25 години била 19,6% во Евро-зоната и 20,3% во ЕУ-27, споредено со април 2010 кога изнесувала 21,1% во Евро-зоната и 21,1% во ЕУ-27.

Најниските процент на млади невработени беше забележан во Холандија со 6,9%, Германија со 7,9%, Австрија со 8,7%, а највисок во Шпанија со 44,4, Грција 36,1%, Словачка 35,6% и Литванија со 31,1%.

Во САД, процентот на невработеност во април 2011 година изнесува 9%, а во Јапонија 4,6%.

Во периодот од 2000-2011 година, стапката на невработеност најмногу опадна во Полска со намалување од 6.9%, потоа во Бугарија за 5.2% и Словачка за 5%. Причините за намалувањето на невработеноста во овие држави може да се објасни со пристапувањето на овие земји во Нато сојузот и Европската Унија, што ја зацврсти стабилноста во овие земји, посебно нивната политичка и економска состојба која допринесе за влез на странски инвестиции и раст и развој на економијата и стопанството.Меѓутоа, голем удел во намалувањето на невработеноста во овие држави, покрај економскиот и стопанскиот развој, се должи и на големата имиграција на работната сила од овие држави во поразвиените европски држави. Работната сила од Полска најчесто мигрираше во Велика Британија, Германија и Италија. Најголемиот дел од работната сила од Бугарија мигрираше во Шпанија и Велика Британија. Работната сила од Словачка во најголем број мигрираше во Чешка, Австрија и Германија.

Во периодот од 2000-2011 година, најголем раст на стапката на невработеност има во Ирска, каде што стапката на невработеност за овој период се зголемила за 10%, во Шпанија за 9.8% и Португалија за 8.4%.

Балтичките држави забележуваат најголеми промени во стапката на невработеност во периодот од 2000-2007 и од 2007-2010 година, веќе во 2011 година, стапката на невработеност започнува многу полека да опаѓа. Литванија во периодот од 2000-2011 година, забележува раст на невработеноста од 3.4%, меѓутоа, доколку го спoредиме

периодот од 2000 година до 2007 година, Литванија забележува рекордно намалување на стапката на невработеност од 16.4% на 4.3% т.е. намалување за 12.1% на стапката на невработеност, за потоа доколку го спoредиме периодот од 2007 година до 2010 година, стапката на невработеност од 4.3% се искачува на 17.8% т.е се зголемува за 13.5%. Летонија во 2000 година има стапка на невработеност од 13.7%,а во 2007 година стапката на невработеност изнесува 6%, што значи дека во период од седум години, невработеноста е намалена за 7.7%, но во 2010 година таа изнесува 18.7% т.е. расте за 12.7%.Слична е ситуацијата и во Естонија, каде што во 2000 година стапката на невработеност изнесува 13.6%, во 2007 година е 4.7%, што значи дека се намалила за тој период 8.9% и во 2010 година изнесува 16.9% т.е. зголемена за 12.2%.

Табела бр.6: 10-ет града со највисока стапка на невработеност / 10-ет града со најниска стапка на невработеност во 2001 година

| Држава | Град | Процент | Држава | Град | Процент |
|---|---|---|---|---|---|
| Полска | Сувалки | 25.6 | Холандија | Утрехт | 3.0 |
| Полска | Нови Сач | 25.2 | Холандија | Ајндховен | 3.1 |
| Полска | Горзов Виелкополски | 24.3 | Кипар | Лефкосиа | 3.1 |
| Романија | Цалараси | 23.7 | Луксембург | Луксембург | 3.2 |
| Полска | Келце | 23.5 | Шведска | Стокхолм | 3.3 |
| Полска | Јелениа Гора | 23.3 | Холандија | Хаг | 3.4 |
| Полска | З́ору | 23.2 | Шведска | Јениепинг | 3.4 |
| Полска | Конин | 22.1 | Холандија | Тулбург | 3.5 |
| Полска | Лоѓ | 22.2 | Шпанија | Логроно | 3.6 |
| Словачка | Кошице | 21.9 | Германија | Минхен | 3.6 |

Извор :Demographic,economic and social data on 258 cities across Europe, Eurostat Press Office,Luxembourg,25 June 2004 http://epp.eurostat.ec.europa.eu/cache/ITY_PUBLIC/3-25062004-BP/EN/3-25062004-BP-EN.HTML

Во табела број 6, забележуваме дека од десетте градови со највисока стапка на невработеност, осум се од Полска, додека од десетте града со најниска стапка на невработеност, четири се од Холандија.

Во 2004-та година, од петнаесетте градови со највисока стапка на невработеност, пет града се од Полска, што укажува на фактот дека за разлика од 2001 година, стапката на невработеност во Полска започнала да се намалува. Четири од градовите се од Франција и четири од Германија и еден од Белгија и Хрватска, што укажува на фактот дека и во високоразвиените економски држави постојат големи диспаритети во однос на вработеноста.

Табела бр.7: 15-ет града со највисока стапка на невработеност / 15-ет града со најниска стапка на невработеност во 2004-та година

| Држави | Градови | Процент | Држави | Градови | Процент |
|---|---|---|---|---|---|
| Франција | Понт а Питр | 28.3 | Норвешка | Тромсо | 2.1 |
| Полска | Радом | 28.2 | Обединетото Кралство | Врексам | 2.5 |
| Франција | Сен Дени | 26.1 | Норвешка | Берген | 2.9 |
| Германија | Хале | 22.6 | Норвешка | Трондхем | 3.0 |
| Полска | Зору | 22.6 | Обединетото Кралство | Стивенејџ | 3.0 |
| Германија | Франкфурт на Одра | 22.3 | Обединетото Кралство | Гравешхам | 3.1 |
| Франција | Фор де Франс | 22.2 | Норвешка | Кристиандсан | 3.2 |
| Франција | Кајена | 22.0 | Обединетото Кралство | Ворчестер | 3.3 |
| Германија | Магдебург | 21.7 | Норвешка | Ставингер | 3.4 |
| Белгија | Шарлроа | 21.3 | Норвешка | Осло | 3.6 |
| Полска | Кошалин | 20.8 | Италија | Трент | 3.9 |
| Германија | Лајпциг | 20.5 | Луксембург | Луксембург | 3.9 |
| Полска | Сувалки | 20.1 | Австрија | Грац | 4.0 |
| Хрватска | Славонски Брод | 20.0 | Австрија | Инсбург | 4.0 |
| Полска | Плок | 19.6 | Германија | Берн | 4.4 |

Извор: Urban rankings,Eurostat Press Office,July 2009

http://epp.eurostat.ec.europa.eu/statistics_explained/index.php/Urban_rankings

Од петнаесетте градови со најниска стапка на невработеност, шест града се од Норвешка,четири од Обединетото Кралство, два од Австрија и еден од Луксембург ,Германија и Италија. Во 2009 година, Холандија е држава со најголем број на региони со најмала стапка на невработеност т.е. со пет региони од вкупно десет, Австрија и Италија со два региона и еден регион од Чешка.

Додека само Франција и Шпанија се вбројуваат во државите со десетте региони со најголема стапка на невработеност. Франција е земја која што во периодот од 2000-2011 година, отсекогаш била блиску до просекот на ЕУ-27 со стапката на невработеност, т.е. не отскокнувала многу од европскиот просек. Исто така, Франција е земја во Европската Унија, која издвојува најмногу средства од својот буџет за социјална помош и заедно со Германија и Италија се вбројуваат во трите најмоќни европски економски држави, имајќи го ова предвид, зачудуваат големите регионални диспаритети во Франција.

Шпанија секогаш имала стапка на невработеност многу повисока од просекот на Европската Унија и шест нејзини региони се вројуваат во десетте европски региони со највисока стапка на невработеност.

Полска успешно се справуваше со намалувањето на невработеноста во периодот од 2000-2011 година. Во 2001 година од десет градови со највисока стапка на невработеност, дури осум беа од Полска и првите три од десетте градови со највисока стапка на невработеност. Во 2004 година од петнаесет градови со највисока стапка на невработеност пет беа од Полска, додека во 2009 година, од десет региони во Европската Унија со највисока стапка на невработеност, ниеден регион не беше од Полска.

Во табела бр. 8, се претставени регионите со најголема стапка на невработеност во земјите-членки и земјите-кандидатки на Европската Унија со Швајцарија и Норвешка.

Со највисока стапка на невработеност, се регионите: Реунион во Франција со 27.1%, Канарските Острови во Шпанија со 26.2%, Летонија со 17.1%, Брисел – Белгија со 15.7% и Адана во Турција со 19.9%.

Табела бр.8

Региони со најниска стапка на невработеност / Региони со највисока стапка на невработеност во 2009година

| Држава | Регион | Процент | Држава | Регион | Процент |
|---|---|---|---|---|---|
| Холандија | Зеланд | 2.1 | Франција | Реинион | 27.1 |
| Холандија | Гелдерланд | 2.8 | Шпанија | Канарски Острови | 26.2 |
| Холандија | Утрехт | 2.9 | Шпанија | Андалузија | 25.4 |
| Италија | Болзано | 2.9 | Шпанија | Мелила | 24.2 |
| Австрија | Тирол | 2.9 | Франција | Гвадалупе | 23.4 |
| Чешка | Прага | 3.1 | Франција | Мартиник | 21.8 |
| Холандија | Онтарио | 3.2 | Шпанија | Валенсија | 21.2 |
| Холандија | Северна Холандија | 3.2 | Шпанија | Мурсија | 20.7 |
| Австрија | Салцбург | 3.2 | Шпанија | Естрамадура | 20.5 |
| Италија | Тренто | 3.5 | Франција | Гвајана | 20.2 |

Извор :Regional unemployment rates, Eurostat Press Office,Luxembourg,27 October 2010

http://ec.europa.eu/eurostat

Во Северна Норвешка со 3.7%, во Холандија, регионот Гронинген со стапка на невработеност од 4.8%, Луксембург со 5.1%, Кипар со 5.3%, Источниот регион во Австрија со 5.9%, Северна и Женевската Област во Швајцарија со 5.9%, се регионите во овие држави со највисока стапка на невработеност, но најниска во поглед на останатите држави и региони.

Стапката на невработеност кај жени е највисока во : Мелила –Шпанија,со 33.6%, Реунион-Франција со 29%, Јужниот Егејски регион во Грција со 17.5% и Адана во Турција со 23.2%. Стапката на невработеност кај женската популација е најниска во : Северна Норвешка со 3.4%, Гронинген-Холандија и Малта со 5.4%, Кипар со 5.5%, Женевската област -Швајцарија со 5.9%,Луксембург со 6.1% ,Виена-Австрија со 6.4%.

Највисока стапка на невработеност кај млади има во : Гвадалупе-Франција со 59.3%, Сардинија-Италија со 44.7%, Канарските острови-Шпанија со 47.6% и Хаинаут-Белгија со 38%. Најниската стапка на невработеност кај млади, има во : Гронинген-Холандија со 9.2%, Нордиланд-Данска со 11.6%, Северна Норвешка со 12.6%, Женевската област со 13.5% и Кипар со 13.8%.

Кај Полска се гледаат многу подобрени резултати во 2009 година, споредено со 2004 и 2001 година, така со највисока стапка на вкупна невработеност во Полска е регионот Подласки со 10.8% невработеност, што е речиси двојно помалку во споредба со Гвајана-Франција со 20.2% т.е. десеттиот по ред регион со највисока стапка на невработеност во Европската Унија.

Најголема стапка на невработеност кај женската популација се забележува во регионот Подкарпачи со 11%, што значи дека и на овој план Полска предничи пред голем број на европски држави во позитивна смисла.

Највисоката стапка на невработеност кај младите е во регионот Подкарпачи со 33.1%, што е многу висок процент, но сепак понизок во споредба со регионите од Франција, Шпанија, Грција, Летонија, Словачка, Унгарија, Белгија, Италија и Хрватска.

**Табела 9: Региони со највисока стапка на невработеност во ЕУ, во ЕФТА и земји со кандидатски статус во Унијата во 2009 година**

| | Вкупна невработеност | | Невработеност кај жени | | Невработеност кај млади | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Држава | Регион | Процент | Регион | Процент | Регион | Процент |
| Австрија | Источна Австрија | 5.9 | Виена | 6.4 | Виена | 14.6 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Белгија | Брисел | 15.7 | Брисел | 15.7 | Хаинаут | 38.0 |
| Бугарија | Североисточна Бугарија | 10.4 | Североисточна Бугарија | 10.2 | Североисточна Бугарија | 23.5 |
| Германија | Макленбург | 13.9 | Макленбург | 12.9 | Југозападен Брандебург | 19.6 |
| Грција | Тесалија | 12.5 | Јужен Егејски Регион | 17.5 | Пелопонез | 33.4 |
| Данска | Нордиланд | 7.0 | Нордиланд | 6.5 | Сјаеленд | 11.6 |
| Естонија | / | 13.8 | / | 10.6 | / | 27.5 |
| Ирска | Западна и Централна | 13.0 | Западна и Централна | 8.8 | Западна и Централна | 27.2 |
| Италија | Сицилија | 13.9 | Сицилија | 16.6 | Сардиниа | 44.7 |
| Кипар | / | 5.3 | / | 5.5 | / | 13.8 |
| Летонија | / | 17.1 | / | 13.9 | / | 33.6 |
| Литванија | / | 13.7 | / | 10.4 | / | 29.2 |
| Луксембург | / | 5.1 | / | 6.1 | / | 17.2 |
| Малта | / | 7.0 | / | 5.4 | / | 14.4 |
| ОК | Западен Мидлендс | 13.1 | Западен Мидлендс | 9.9 | Западен Мидлендс | 29.7 |
| Португалија | Северна | 11.0 | Северна | 12.4 | Алгарве | 24.6 |
| Полска | Подласки | 10.8 | Подкарпачи | 11.0 | Подкарпачи | 33.1 |
| Романија | Централна | 10.7 | Централна | 8.8 | Централна | 30.2 |
| Словачка | Источна | 15.9 | Источна | 17.0 | Источна | 34.4 |
| Словенија | Источна | 6.8 | Источна | 7.4 | Источна | 15.5 |
| Унгарија | Северна | 13.3 | Северна | 14.0 | Северна | 35.0 |
| Финска | Јужна | 10.9 | Јужна | 9.7 | Јужна | 27.2 |
| Франција | Реинион | 27.1 | Реинион | 29.0 | Гвадалупе | 59.3 |
| Холандија | Гронинген | 4.8 | Гронинген | 5.4 | Гронинген | 9.2 |
| Чешка | Северо-западна | 10.3 | Северо-западна | 12.5 | Северо-западна | 23.5 |
| Шведска | Северо-централна | 9.1 | Северо-централна | 9.4 | Централен Норланд | 30.8 |
| Шпанија | Канарските Острови | 26.2 | Мелила | 33.6 | Канарските Острови | 47.6 |
| Исланд | / | 8.9 | / | 8.9 | / | 19.9 |
| Норвешка | Северна | 3.7 | Северна | 3.4 | Северна | 12.6 |
| Турција | Адана | 19.9 | Адана | 23.2 | Адана | 31.6 |
| Хрватска | Источна Панонија | 13.7 | Источна Панонија | 16.7 | Источна Панонија | 35.4 |
| Швајцарија | Женевска Област | 5.9 | Женевска Област | 5.9 | Женевска Област | 13.5 |

Извор : Regional unemployment rates, Eurostat Press Office,27 October 2010 http://ec.europa.eu/eurostat

## 4. Социјална заштита во државите-членки на Европската Унија

Финансирањето на социјалната заштита на ниво на ЕУ-27, најмногу се остварува од придонесите во државите (57% од вкупните приходи), додека финансирањето од Владата е 38,2% од вкупните приходи, меѓутоа, постојат големи разлики во однос на финансирањето на социјалната заштита помеѓу државите-членки во Унијата, бидејќи секоја држава има право самостојно да ја креира својата социјална политика и на тој начин, различно да одлучува за финансирањето на социјалната заштита. Така на пример, во Чешка и Естонија, најголемиот дел од социјалната заштита е финансирана од придонесите (самовработени, вработени, работодавачи и пензионери) со 70%, додека во Норвешка, Луксембург, Обединетото Кралство, Кипар и Шведска, над 40% од финансиите се од Владата.

Најмногу владино финансирање на социјалната заштита има во Норвешка, каде што Владата финансира 69.3% од вкупните средства, Шведска со 49.6%, Обединетото Кралство со 49.4% и Малта со 49.2%; додека финансирањето од Владата е најмало во : Естонија со 19.1%, Чешка со 19.4% и Холандија со 21.3%. Од работодавачите најмногу се финансира социјалната заштита во : Естонија со 79.8%, Литванија со 55.5% и Чешка со 53.1%; додека најмал удел на работодавачите во финансирањето на социјалната заштита има во : Данска со 11.4%, Норвешка со 15.2% и Кипар со 23.5%.

Во 2003-та година беа најголеми давачките за социјална заштита и изнесуваа 27.2% од БДП на ниво Европската унија.

Табела 10: % од БДП за социјални заштита во ЕУ[10] за периодот 2001-2008година

| Држава | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЕУ-27 | 26.6 | 26.9 | 27.2 | 27.1 | 27.1 | 26.7 | 25.7 | 26.4 |
| Австрија | 28.8 | 29.2 | 29.6 | 29.3 | 28.9 | 28.4 | 27.9 | 28.2 |
| Белгија | 27.2 | 28.0 | 29.0 | 29.2 | 29.6 | 30.2 | 26.8 | 28.3 |
| Бугарија | 9.7 | 10.2 | 9.7 | 9.7 | 15.1 | 14.2 | 14.1 | 15.5 |
| Германија | 29.5 | 30.1 | 30.5 | 29.8 | 29.7 | 28.7 | 27.7 | 27.8 |
| Грција | 24.3 | 24.0 | 23.5 | 23.6 | 24.6 | 24.6 | 24.5 | 26.0 |
| Данска | 29.2 | 29.7 | 30.9 | 30.7 | 30.2 | 29.2 | 28.8 | 29.7 |
| Естонија | 13.0 | 12.7 | 12.5 | 13.0 | 12.6 | 12.1 | 12.3 | 15.1 |
| Ирска | 14.9 | 17.2 | 17.8 | 18.0 | 18.1 | 18.4 | 18.9 | 22.1 |
| Италија | 24.9 | 25.3 | 25.8 | 26.0 | 26.4 | 26.6 | 26.7 | 27.8 |
| Кипар | 14.9 | 16.3 | 18.4 | 18.1 | 18.4 | 18.4 | 18.1 | 18.4 |
| Летонија | 14.5 | 14.1 | 13.9 | 13.1 | 12.7 | 12.6 | 11.2 | 12.6 |
| Литванија | 14.8 | 14.1 | 13.6 | 13.4 | 13.3 | 13.4 | 14.5 | 16.2 |
| Луксембург | 20.9 | 21.6 | 22.1 | 22.3 | 21.7 | 20.4 | 19.9 | 20.1 |
| Малта | 17.8 | 17.8 | 18.3 | 18.7 | 18.5 | 18.1 | 18.0 | 18.9 |
| ОК | 26.8 | 25.7 | 25.7 | 25.9 | 26.3 | 26.0 | 23.3 | 23.7 |
| Португалија | 21.9 | 22.9 | 23.3 | 23.9 | 24.6 | 24.6 | 24.0 | 24.3 |
| Полска | 21.0 | 21.1 | 21.0 | 20.1 | 19.7 | 19.4 | 18.1 | 18.6 |
| Романија | 12.8 | 13.6 | 13.1 | 12.8 | 13.4 | 12.8 | 13.6 | 14.3 |
| Словачка | 19.0 | 19.1 | 18.2 | 17.2 | 16.5 | 16.3 | 16.0 | 16.0 |
| Словенија | 24.5 | 24.4 | 23.7 | 23.4 | 23.0 | 22.7 | 21.3 | 21.5 |
| Унгарија | 19.2 | 20.3 | 21.2 | 20.6 | 21.9 | 22.4 | 22.4 | 22.7 |
| Финска | 25.0 | 25.7 | 26.6 | 26.7 | 26.7 | 26.4 | 25.4 | 26.3 |
| Франција | 29.6 | 30.4 | 30.9 | 31.3 | 31.4 | 30.7 | 30.5 | 30.8 |
| Холандија | 26.5 | 27.6 | 28.3 | 28.3 | 27.9 | 28.8 | 28.3 | 28.4 |
| Чешка | 19.4 | 20.2 | 20.2 | 19.3 | 19.2 | 18.7 | 18.6 | 18.7 |
| Шведска | 30.5 | 31.3 | 32.2 | 31.6 | 31.1 | 30.3 | 29.1 | 29.4 |
| Шпанија | 20.0 | 20.4 | 20.7 | 20.7 | 20.9 | 20.9 | 21.0 | 22.7 |
| Норвешка | 25.4 | 26.0 | 27.2 | 25.9 | 23.8 | 22.6 | 22.9 | 22.4 |
| Швајцарија | 27.7 | 28.5 | 29.2 | 29.3 | 29.3 | 28.0 | 27.3 | 26.4 |

Извор :Puglia,Antonella: Gross expedenture on social protection in EU-27,page 6,Eurostat Press Office,Luxemburg,2011 http://epp.eurostat.ec.europa.eu/cache/ITY_OFFPUB/KS-SF-11-017/EN/KS-SF-11-017-EN.PDF

[10] Во табелата се претставени и Швајцарија и Норвешка кои не се земји-членки на Европската Унија.

Од 2008-ма година се зголемија давачките за социјалната заштита во Европската унија, во споредба со изминатите две години, кои стигнуваат до 26,4% од БДП. Трошоците за социјалната заштита се зголемија за 0,7%, споредено со намалениот процент на раст на БДП. Помеѓу 2001-ва и 2008-ма година, помошта од социјалната заштита се зголеми во реални услови со просечно 2,3% на годишно ниво. Здравственото осигурување на 2,9% годишно, додека за социјално исклучените луѓе, домувањето и сиромашните групи се зголемуваше за 3,2% годишно и кај овие домени најбрзо и најмногу се зголемија финансирањата од социјалната заштита .

Во 2008-ма година се зголемија давачките за социјалната заштита кои во Европската унија изнесуваат 26,4% и 27,5% во Евро-зоната. Има доста големи разлики помеѓу одредени земји во Унијата, поврзани со трошоците околу социјалната заштита. Најмногу средства одвојува Франција со 30,8% од БДП, потоа следуваат : Данска со 29,7%, Шведска 29,4% и Швајцарија[11] со 26%.Земји кои одвојуваат најмалку средства од нивниот буџет за социјална заштита се : Летонија со 12,6% ,Романија со 14,3% и Естонија со 15.1% од БДП.

Вработените и пензионерите имаат најголем удел во финансирањето на социјалната заштита во : Словенија со 41.2%, Швајцарија со 37.85 и Холандија со 34.2%; додека најмал удел имаат во Естонија со 0.1%, Литванија со 6.1% и Шведска со 9.8%.Најголем дел од данокот кој се користи за финансирање на социјалната заштита, има во : Кипар со 13.7%, Холандија со 12.2% и Грција со 11.5%, додека најмал дел од данокот се користи за финансирање на социјалната заштита во : Естонија со 0.1%, Летонија со 0.2% и Литванија со 0.8%.

Парите т.е. финансиските средствата од социјалната заштита се распределуваат на следниов начин : 37,6% се даваат на старите луѓе, 28,5% на боледување и здравствена заштита, 7,9% на детски додаток, 7,8% на лица со пречки, 6% на ранливите групи, 5% на невработените, 2% за домување, 1,3% на социјално исклучените лица, 1% на останати трошоци и 3% на административни трошоци, на ниво на ЕУ, меѓутоа, секоја држава според потребите одлучува како ќе ги распределува финансиските средства за социјалната заштита т.е. кои ранливи групи ќе добијат поголеми финансиски средства, а кои помали(табела број 12).

Табела:11: Финансирање на социјалната заштита во земјите-членки на ЕУ во 2001 и 2008 година

[11] Швајцарија не е земја-членка на Унијата, но сепак е вклучена за споредба во истражувањето.

| Даватели на придонеси | Влада | | Работодавачи | | Вработени И Пензионери | | Даноци | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Држави | 2001 | 2008 | 2001 | 2008 | 2001 | 2008 | 2001 | 2008 |
| ЕУ-27 | 33.9 | 38.2 | 38.8 | 37.1 | 21.6 | 20.4 | 3.6 | 4.3 |
| Австрија | 32.3 | 33.2 | 38.9 | 38.0 | 27.1 | 27.2 | 1.8 | 1.5 |
| Белгија | 25.8 | 39.8 | 49.7 | 36.6 | 22.5 | 21.2 | 2.0 | 2.4 |
| Бугарија | 17.4 | 44.4 | 58.8 | 33.9 | 17.9 | 20.1 | 6.7 | 1.6 |
| Германија | 32.4 | 35.0 | 37.8 | 34.9 | 27.6 | 28.2 | 2.2 | 1.9 |
| Грција | 27.8 | 34.6 | 38.5 | 32.7 | 23.5 | 21.1 | 10.2 | 11.5 |
| Данска | 62.6 | 61.8 | 9.3 | 11.4 | 21.1 | 20.8 | 1.0 | 6.1 |
| Естонија | 22.7 | 19.1 | 77.1 | 79.8 | 0.0 | 0.1 | 0.2 | 0.1 |
| Ирска | 60.6 | 54.1 | 24.9 | 25.8 | 14.1 | 15.7 | 0.4 | 4.4 |
| Италија | 40.9 | 42.2 | 42.7 | 40.2 | 14.7 | 16.0 | 1.8 | 1.6 |
| Кипар | 40.0 | 47.7 | 26.7 | 23.5 | 16.8 | 15.1 | 16.5 | 13.7 |
| Летонија | 35.1 | 34.5 | 48.7 | 48.5 | 16.1 | 16.8 | 0.0 | 0.2 |
| Литванија | 39.1 | 37.5 | 53.6 | 55.5 | 6.2 | 6.1 | 1.1 | 0.8 |
| Луксембург | 42.8 | 46.3 | 27.2 | 25.9 | 25.1 | 24.1 | 4.9 | 3.7 |
| Малта | 27.0 | 39.2 | 49.2 | 40.6 | 21.1 | 17.4 | 2.8 | 2.9 |
| ОК | 48.5 | 49.4 | 30.2 | 32.4 | 19.5 | 11.4 | 1.8 | 6.7 |
| Португал. | 37.8 | 44.9 | 36.4 | 30.8 | 18.0 | 15.3 | 7.8 | 9.0 |
| Полска | 33.2 | 34.6 | 28.6 | 23.4 | 23.9 | 19.4 | 14.4 | 22.6 |
| Романија | 18.8 | 43.5 | 44.6 | 38.7 | 30.4 | 16.3 | 6.4 | 1.5 |
| Словачка | 32.5 | 25.8 | 46.6 | 46.1 | 18.5 | 21.5 | 2.5 | 6.7 |
| Словенија | 32.6 | 28.9 | 26.5 | 28.1 | 39.3 | 41.2 | 1.5 | 1.9 |
| Унгарија | 33.1 | 36.8 | 45.3 | 38.0 | 13.0 | 22.2 | 8.6 | 3.0 |
| Финска | 42.5 | 43.7 | 39.1 | 38.4 | 11.5 | 11.2 | 6.9 | 6.7 |
| Франција | 30.3 | 32.0 | 45.7 | 43.8 | 20.3 | 20.8 | 3.7 | 3.4 |
| Холандија | 16.1 | 21.3 | 32.4 | 32.4 | 35.6 | 34.2 | 15.8 | 12.2 |
| Чешка | 24.1 | 19.4 | 50.3 | 53.1 | 24.4 | 26.3 | 1.3 | 1.1 |
| Шведска | 45.8 | 49.6 | 42.7 | 37.7 | 9.2 | 9.8 | 2.3 | 2.9 |
| Шпанија | 29.0 | 36.2 | 32.3 | 47.0 | 16.2 | 15.0 | 2.5 | 1.8 |
| Норвешка | 61.2 | 69.3 | 24.4 | 15.2 | 13.3 | 15.3 | 1.1 | 0.2 |
| Швајцарија | 22.2 | 24.2 | 31.9 | 35.3 | 33.2 | 37.8 | 12.7 | 2.7 |

Извор : Извор :Puglia,Antonella: Gross expedenture on social protection in EU-27,page 10,Eurostat Press Office,Luxemburg,2011 http://epp.eurostat.ec.europa.eu/cache/ITY_OFFPUB/KS-SF-11-017/EN/KS-SF-11-017-EN.PDF

Во табела број 12, е претставена распределбата на финансиските средства од социјалната заштита според групи. Во Италија, најголемиот дел од трошоците за социјалната заштита се трошат за старите лица над 60 години, каде што дури 16% од БДП се користи за овие намени, за разлика од нив во Ирска само 5,5% од средствата од социјалната заштита се користрат за лица над 60 години, бидејќи Ирска е држава со најмлада популација во Европската Унија, каде што 20% од населението припаѓаат на луѓе помлади од 20 години.

За боледување и здравствена заштита, најмногу средства од буџетот одвојуваат : Холандија-8.8%, Франција-8.7% и Ирска-8.5%, додека најмалку средства одвојуваат : Словачка-0.3%, Летонија-3.7% и Романија-3.5%.

Најмногу средства за инвалиди и лица со пречки во развојот, обезбедуваат : Данска-4.4%, Шведска-4.3% и Финска-3.2%, додека најмалку средства одвојуваат : Кипар-0.7%, Летонија-0.9% и Ирска-1.1%.

Најмногу средства за детска и семејна поддршка одделуваат : Луксембург-3.9%, Данска-3.8% и Ирска-3.1%, додека најмалку средства одделуваат : Полска со 0.7%, Португалија, Малта,Италија и Бугарија со 1.3%.

Најмногу средства за невработените се изделуваат во : Белгија-3.3%, Шпанија-3%, Ирска и Финска со 1.8%, додека најмалку средства се изделуваат во : Романија-0.2%, Естонија-0.3% и Литванија-0.3%.

Најмногу средства за домување и социјална инклузија одделуваат : Холандија-2.2%, Белгија и Кипар со 1.9%, додека најмалку средства одделуваат : Естонија-0.1%, Италија 0.1% , Чешка, Полска и Литванија со 0.2%.

Секоја држава, средствата од социјалната заштита треба да ги распределува во согласност со нејзината социјална политика и потребите на ранливите групи, но честопати средствата не се прераспределуваат правилно, или пак, самата држава не одвоила доволно средства од буџетот за финансирање на социјалната заштита. Според тоа, колку и како се одделуваат и распределуваат средствата за социјалната заштита, може да се заклучи која држава води успешна социјална политика . Така на пример, погоре беше споменато дека Италија најголем дел од средствата за социјална заштита ги троши кај групата на старите лица, што е разбирливо, бидејќи Италија го има најстарото население во Европа, додека пак Ирска само 5.5% од БДП го користи на старите лица, бидејќи Ирска го има најмладото население во Европа, па земајќи го овој податок предвид, истовремено Ирска е меѓу првите три држави во Унијата, која најмногу средства издвојува за детската и семејната заштита.

Од друга страна пак, Италија и Бугарија, кои имаат слаб наталитет на населението, се едни од државите во Унијата кои издвојуваат најмалку средства за детска и семејна помош.

Данска, исто така, има слаб наталитет, меѓутоа е држава која вложува најмногу средства кај овие групи, со цел да го поттикне растот на наталитетот, Италија и Бугарија не го следат позитивниот пример на Данска.

Шпанија е држава со највисока стапка на невработеност во Унијата, меѓу државите со голема невработеност е и Ирска, но и двете држави се меѓу првите кои издвојуваат најмногу средства од средствата за социјална заштита за невработеноста.

Балтичките држави, исто така, се меѓу првите со највисока стапка на невработеност во Унијата, но за разлика од Шпанија и Ирска, тие издвојуваат најмалку средства за невработеноста.

Летонија, Литванија и Естонија се државите кои одвојуваат најмалку средства од буџетот за социјална заштита во Европската Унија и секогаш се најслаби во финансирањето на ранливите групи, како држави кои се меѓу првите со најголема стапка на невработеност и ризик на граѓаните од сиромаштија и социјална ексклузија, потребно е да ја зајакнат нивната социјална политика и да започнат да издвојуваат поголеми средства од буџетот за социјална заштита.

.

**Табела 12: Распределба според групи на финансиските средства од социјалната заштита во земјите-членки на Европската унија**

| | Стари лица | | Здравственагрижа | | Инвалиди | | Детсказаштита | | Невработени | | Домување | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Држави | % од ВСБ[12] | % од БДП | % од ВСБ | % од БДП | % од ВСБ | % од БДП | % од ВСБ | % од БДП | % од ВСБ | % од БДП | % од ВСБ | % од БДП |
| ЕУ-27 | 45.4 | 11.5 | 29.7 | 7.4 | 8.1 | 2.0 | 8.3 | 2.1 | 5.2 | 1.3 | 3.4 | 0.9 |
| Австрија | 49.2 | 13.4 | 26.1 | 7.1 | 7.8 | 2.1 | 10.3 | 2.8 | 5.0 | 1.4 | 1.6 | 0.4 |
| Белгија | 40.7 | 10.8 | 28.4 | 7.6 | 7.1 | 1.9 | 7.8 | 2.1 | 12.5 | 3.3 | 3.6 | 1.0 |
| Бугарија | 49.5 | 7.4 | 29.4 | 4.4 | 7.7 | 1.2 | 8.7 | 1.3 | 2.3 | 0.3 | 2.3 | 0.3 |
| Германија | 43.0 | 11.5 | 30.5 | 8.1 | 7.8 | 2.1 | 10.6 | 2.8 | 5.4 | 1.4 | 2.8 | 0.7 |
| Грција | 50.8 | 12.8 | 29.0 | 7.3 | 4.7 | 1.2 | 6.3 | 1.6 | 5.1 | 1.3 | 4.2 | 1.1 |

[12] ВСБ- вкупно средства од буџетот

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Данска | 38.4 | 11.1 | 23.2 | 6.7 | 15.2 | 4.4 | 13.2 | 3.8 | 4.8 | 1.4 | 5.1 | 1.5 |
| Естонија | 43.0 | 6.4 | 32.4 | 4.8 | 9.9 | 1.5 | 12.0 | 1.8 | 2.1 | 0.3 | 0.7 | 0.1 |
| Ирска | 26.2 | 5.5 | 40.9 | 8.5 | 5.5 | 1.1 | 14.8 | 3.1 | 8.7 | 1.8 | 4.1 | 0.9 |
| Италија | 60.7 | 16.1 | 26.4 | 7.0 | 5.9 | 1.6 | 4.7 | 1.3 | 1.9 | 0.5 | 0.3 | 0.1 |
| Кипар | 45.3 | 8.2 | 24.6 | 4.4 | 3.7 | 0.7 | 11.4 | 2.1 | 4.5 | 0.8 | 10.6 | 1.9 |
| Летонија | 45.6 | 5.6 | 29.5 | 3.7 | 7.3 | 0.9 | 11.2 | 1.4 | 4.1 | 0.5 | 2.3 | 0.3 |
| Литванија | 44.4 | 7.0 | 29.4 | 4.6 | 10.4 | 1.6 | 12.0 | 1.9 | 2.5 | 0.4 | 1.3 | 0.2 |
| Луксембург | 36.0 | 7.1 | 25.2 | 5.0 | 11.5 | 2.3 | 19.8 | 3.9 | 4.6 | 0.9 | 2.9 | 0.6 |
| Малта | 51.7 | 9.6 | 29.7 | 5.5 | 5.9 | 1.1 | 6.8 | 1.3 | 2.7 | 0.5 | 3.3 | 0.6 |
| ОК | 39.7 | 9.0 | 33.3 | 7.6 | 11.0 | 2.5 | 7.3 | 1.7 | 2.5 | 0.6 | 6.1 | 1.4 |
| Португалија | 51.5 | 11.9 | 28.0 | 6.5 | 9.3 | 2.1 | 5.5 | 1.3 | 4.5 | 1.0 | 1.2 | 0.3 |
| Полска | 59.6 | 10.9 | 29.4 | 4.4 | 8.8 | 1.6 | 4.0 | 0.7 | 1.9 | 0.4 | 1.2 | 0.2 |
| Романија | 50.7 | 7.1 | 25.2 | 3.5 | 9.8 | 1.4 | 10.6 | 1.5 | 1.4 | 0.2 | 2.3 | 0.3 |
| Словачка | 42.5 | 6.6 | 32.5 | 3.0 | 9.0 | 1.4 | 9.5 | 1.5 | 4.0 | 0.6 | 2.4 | 0.4 |
| Словенија | 45.8 | 9.6 | 33.8 | 7.1 | 7.8 | 1.6 | 8.5 | 1.8 | 2.0 | 0.4 | 2.1 | 0.4 |
| Унгарија | 45.4 | 10.1 | 25.0 | 5.6 | 9.4 | 2.1 | 12.7 | 2.8 | 3.7 | 0.8 | 3.8 | 0.9 |
| Финска | 38.0 | 9.7 | 26.8 | 6.8 | 12.6 | 3.2 | 11.6 | 3.0 | 7.1 | 1.8 | 3.9 | 1.0 |
| Франција | 45.8 | 13.4 | 29.8 | 8.7 | 6.0 | 1.7 | 8.4 | 2.5 | 5.8 | 1.7 | 4.2 | 1.2 |
| Холандија | 39.9 | 10.7 | 32.8 | 8.8 | 8.8 | 2.4 | 6.6 | 1.8 | 3.8 | 1.0 | 8.0 | 2.1 |
| Чешка | 45.8 | 8.3 | 33.3 | 6.0 | 8.2 | 1.5 | 8.0 | 1.4 | 3.5 | 0.6 | 1.2 | 0.2 |
| Шведска | 41.8 | 12.0 | 26.0 | 7.5 | 15.1 | 4.3 | 10.4 | 3.0 | 3.0 | 0.9 | 3.7 | 1.1 |
| Шпанија | 39.6 | 8.8 | 30.8 | 6.8 | 7.2 | 1.6 | 6.8 | 1.5 | 13.6 | 3.0 | 2.1 | 0.5 |
| Норвешка | 31.8 | 7.0 | 32.7 | 7.2 | 17.6 | 3.8 | 12.5 | 2.8 | 1.9 | 0.4 | 3.5 | 0.8 |
| Швајцарија | 50.4 | 12.5 | 26.4 | 6.6 | 12.5 | 3.1 | 5.1 | 1.3 | 2.6 | 0.6 | 3.0 | 0.8 |

Извор : Извор :Puglia, Antonella: Gross expedenture on social protection in EU-27, page 4, Eurostat Press Office,Luxemburg,2011

## 5. Социјална ексклузија[13] во земјите-членки на Европската унија

Процентот на сиромаштија варира од 10% до 23% во земјите-членки на ЕУ. Низок степен на сиромаштија ги карактеризира Скандинавските земји и така наречените корпоратистички земји како што се : Германија, Австрија, Холандија и Луксембург и поранешните комунистички држави Словенија и Чешка.

| Табела 13: | Луѓе кои живеат под ризик од сиромаштија (%) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Држава | 2005 год. | 2006год. | 2007год. | 2008год. | 2009год. |
| ЕУ-27 | 16.4 | 16.5 | 16.7 | 16.4 | 16.3 |
| Австрија | 12.3 | 12.6 | 12.0 | 12.4 | 12.0 |
| Белгија | 14.8 | 14.7 | 15.2 | 14.7 | 14.6 |
| Бугарија | / | 18.4 | 22.0 | 21.4 | 21.8 |
| Германија | 12.2 | 12.5 | 15.2 | 15.2 | 15.5 |
| Грција | 19.6 | 20.5 | 20.3 | 20.1 | 19.7 |
| Данска | 11.8 | 11.7 | 11.7 | 11.8 | 13.1 |
| Естонија | 18.3 | 18.3 | 19.4 | 19.5 | 19.7 |
| Ирска | 19.7 | 18.5 | 17.2 | 15.5 | 15.0 |
| Италија | 18.9 | 19.6 | 19.9 | 18.7 | 18.4 |
| Кипар | 16.1 | 15.6 | 15.5 | 16.2 | 16.2 |
| Летонија | 19.2 | 23.2 | 21.2 | 25.6 | 25.7 |
| Литванија | 20.5 | 20.0 | 19.1 | 20.0 | 20.6 |
| Луксембург | 13.7 | 14.1 | 13.5 | 13.4 | 14.9 |
| Малта | 13.7 | 13.6 | 14.3 | 14.6 | 15.1 |
| ОК | 19.0 | 19.4 | 18.9 | 18.7 | 17.3 |
| Португалија | 19.4 | 18.5 | 18.1 | 18.5 | 17.9 |
| Полска | 20.5 | 19.1 | 17.3 | 16.9 | 17.1 |
| Романија | / | / | 24.8 | 23.4 | 23.4 |
| Словачка | 13.3 | 11.6 | 10.5 | 10.9 | 11.0 |
| Словенија | 12.2 | 11.6 | 11.5 | 12.3 | 11.3 |
| Унгарија | 13.5 | 15.9 | 12.3 | 12.4 | 12.4 |
| Финска | 11.7 | 12.6 | 13.0 | 13.6 | 13.8 |
| Франција | 13.0 | 13.2 | 13.1 | 12.7 | 12.3 |
| Холандија | 10.7 | 9.7 | 10.2 | 10.5 | 11.1 |

[13] Социјалната ексклузија е поим кој обединува три групи: лица кои живеат под ризик од сиромаштија, луѓе кои живеат во материјална депривација и луѓе кои живеат во социјално исклучени групи.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Чешка | 10.4 | 9.9 | 9.6 | 9.0 | 8.6 |
| Шведска | 9.5 | 12.3 | 10.5 | 12.2 | 13.3 |
| Шпанија | 19.7 | 19.6 | 19.7 | 19.6 | 19.5 |

Извор : Beets,Lauris:A Report of the Social Protection Committe,page 53,European Commission,Publications Offise of the European Union,Luxembourg,2011

Меѓутоа, сиромаштијата е често присутна во голем дел од медитеранските и балтичките земји. Се проценува дека во Европската унија над 75 милиони луѓе се изложени на ризик од сиромаштија.

Луѓето кои живеат под ризик од сиромаштија[14] се најчесто невработените или несоодветно вработените лица, како оние кои работат со скратено работно време, договори на определено време или други флексибилни работи, при што платата која што ја земаат не е доволна за да живеат комфорно и да го достигнат стандардот во нивната земја, па се материјално т.е. финансиски ограничени.

Се забележуваат огромни разлики во процентите, помеѓу државите со највисок и државите со најнизок процент на луѓе кои живеат во материјална депривација. Големите разлики во бројките и процентите се должат пред се на разликите во животниот стандард, невработеноста и на слабите плати во некои држави кои постојат меѓу државите-членки на Унијата . Процентот на луѓе кои живеат во материјална депривација[15] во 2009 година е значително намален во споредба со 2005 година, за 2.9%

Бугарија, Романија, Летонија и Унгарија се државите со најголем процент на луѓе кои живеат во материјална депривација. Во сите четири држави процентот е многу загрижувачки, што укажува на слабите примања на вработените и нискиот животен стандард кои го имаат граѓаните на овие земји. Во Луксембург процентот на луѓе кои живеат во материјална депривација изнесува 1.1%, што е неспоредливо со Бугарија со 41.9%, исто така, процентот е многу низок во : Холандија, Шведска, Данска, Финска и Шпанија.

Во 2009-та година, процентот на луѓе кои живеат под ризик од сиромаштија изнесува 16.3% на ниво на ЕУ-27. Држави со највисок процент се : Летонија со 25%, Романија со

[14] Луѓе кои живеат под ризик од сиромаштија, се оние граѓани кои остваруваат месечни придонеси пониски од 60% од просечната месечна плата во државата. Тие се најчесто несоодветно вработени граѓани, кои имаат доволно финансиски средства за основните потреби, но нивниот животен стандард е понизок од просечниот животен стандард во нивната држава.

[15] Луѓе кои живеат во материјална депривација се оние луѓе, чии материјални средства не ги задоволуваат, или ги задоволуваат само основните потреби за живот.

23.4%, Бугарија со 21.8, Литванија со 20.6%. Висока е стапката и во Грција, Естонија и Шпанија. Држави со најмал процент се : Чешка со 8.6%, Словачка со 11%, Холандија со 11.1%, Словенија со 11.3%, Австрија со 12% и Франција со 12.3%.Во периодот од 2005-2009 година, процентот најмногу пораснал во : Летонија, Германија и Шведска, додека најмногу опаднал во : Ирска, Полска и Обединетото Кралство.

| Табела 14: | Луѓе кои живеат во материјална депривација(%) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Држава | 2005 год. | 2006год. | 2007год. | 2008год. | 2009год. |
| ЕУ-27 | 11.0 | 10.0 | 9.1 | 8.4 | 8.1 |
| Австрија | 3.0 | 3.6 | 3.3 | 6.4 | 4.8 |
| Белгија | 6.5 | 6.4 | 5.7 | 5.6 | 5.2 |
| Бугарија | 57.7 | 57.6 | 41.2 | 41.9 | 41.9 |
| Германија | 4.6 | 5.1 | 4.8 | 5.5 | 5.4 |
| Грција | 12.8 | 11.5 | 11.5 | 11.2 | 11.0 |
| Данска | 3.2 | 3.1 | 3.3 | 2.0 | 2.3 |
| Естонија | 12.4 | 7.0 | 5.6 | 4.9 | 6.2 |
| Ирска | 5.1 | 4.8 | 4.5 | 5.5 | 6.1 |
| Италија | 6.4 | 6.3 | 6.8 | 7.5 | 7.0 |
| Кипар | 12.2 | 12.6 | 13.3 | 8.2 | 7.9 |
| Летонија | 38.9 | 30.6 | 24.9 | 19.0 | 21.9 |
| Литванија | 32.6 | 25.3 | 16.6 | 12.3 | 15.1 |
| Луксембург | 1.8 | 1.1 | 0.8 | 0.7 | 1.1 |
| Малта | 5.5 | 3.7 | 4.2 | 4.0 | 4.7 |
| ОК | 3.3 | 4.5 | 4.2 | 4.5 | / |
| Португалија | 9.3 | 9.1 | 9.6 | 9.7 | 9.1 |
| Полска | 33.8 | 27.6 | 22.3 | 17.7 | 15.0 |
| Романија | / | / | 36.5 | 32.9 | 32.2 |
| Словачка | 22.1 | 18.2 | 13.7 | 11.8 | 11.1 |
| Словенија | 5.1 | 5.1 | 5.1 | 6.7 | 6.1 |
| Унгарија | 22.9 | 20.9 | 19.9 | 17.9 | 20.8 |
| Финска | 3.8 | 3.3 | 3.6 | 3.5 | 2.8 |
| Франција | 5.3 | 5.0 | 4.7 | 5.4 | 5.6 |
| Холандија | 2.5 | 2.3 | 1.7 | 1.5 | 1.5 |
| Чешка | 11.8 | 9.6 | 7.4 | 6.8 | 6.1 |
| Шведска | 2.3 | 2.1 | 2.2 | 1.4 | 1.6 |
| Шпанија | 3.4 | 3.4 | 3.0 | 2.5 | 3.5 |

Извор:Beets,Lauris:AReport of the Social Protection Committe,page 54,European Commission,PublicationsOffiseoftheEuropeanUnion,Luxembourg,2011

Социјално исклучените групи[16] се голем товар и проблем за секоја држава. Тие се најбројни, најчесто во државите во кои што има поголем број на етнички заедници и најчесто се припадници на помали етнички групи од Ромска или друга националност од африканските и азиските предели.

| Табела:15 | Луѓе кои живеат во социјално исклучени групи | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Држава | 2005 год. | 2006год. | 2007год. | 2008год. | 2009год. |
| ЕУ-27 | 10.0 | 10.0 | 9.7 | 9.0 | 9.0 |
| Австрија | 6.5 | 8.0 | 8.1 | 7.8 | 7.2 |
| Белгија | 15.1 | 14.3 | 13.8 | 11.7 | 12.3 |
| Бугарија | / | 14.7 | 15.9 | 8.1 | 6.9 |
| Германија | 11.9 | 13.5 | 11.4 | 11.6 | 10.8 |
| Грција | 7.5 | 8.0 | 8.0 | 7.4 | 6.5 |
| Данска | 9.9 | 9.3 | 9.9 | 8.3 | 8.5 |
| Естонија | 9.4 | 7.0 | 6.2 | 5.3 | 5.6 |
| Ирска | 14.6 | 12.8 | 14.2 | 13.6 | 19.8 |
| Италија | 10.3 | 10.8 | 10.0 | 9.8 | 8.8 |
| Кипар | 4.4 | 3.8 | 3.7 | 4.1 | 4.0 |
| Летонија | 8.1 | 7.0 | 6.1 | 5.1 | 6.7 |
| Литванија | 9.5 | 8.3 | 6.4 | 5.1 | 6.9 |
| Луксембург | 5.7 | 5.2 | 5.0 | 4.7 | 6.3 |
| Малта | 9.6 | 9.2 | 9.2 | 8.9 | 8.4 |
| ОК | 12.8 | 12.0 | 10.5 | 10.4 | 12.6 |
| Португалија | 5.9 | 6.6 | 7.2 | 6.3 | 6.9 |
| Полска | 14.2 | 12.3 | 10.0 | 7.9 | 6.9 |
| Романија | / | / | 8.4 | 8.2 | 7.7 |
| Словачка | 6.6 | 6.2 | 6.4 | 5.2 | 5.6 |
| Словенија | 8.6 | 6.9 | 7.2 | 6.7 | 5.6 |
| Унгарија | 9.5 | 13.0 | 11.3 | 12.0 | 11.3 |
| Финска | 9.8 | 8.9 | 8.7 | 7.3 | 8.2 |
| Франција | 8.6 | 9.1 | 9.5 | 8.8 | 8.3 |

[16] Во социјално исклучените групи, живее поголема заедница на луѓе каде што процентот на вработени лица не е поголем од 20%, а честопати сите припадници се невработени.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Холандија | 9.7 | 10.7 | 9.5 | 8.1 | 8.3 |
| Чешка | 8.8 | 8.9 | 8.6 | 7.2 | 6.0 |
| Шведска | 7.5 | 6.6 | 5.9 | 5.4 | 6.2 |
| Шпанија | 6.5 | 6.6 | 6.3 | 6.2 | 7 |

Извор : Извор : Beets,Lauris:A Report of the Social Protection Committe,page 55,European Commission,Publications Offise of the European Union,Luxembourg,2011

http://publications.europa.eu/others/agents/index_en.htm

Во социјално исклучените групи, работат многу мал процент од луѓето, но високата стапка на невработеност кај овие групи, честопати се должи и на традиционалниот однос кој тие го имаат кон работата, како на пример,жените и повозрасните припадници на овие групи не стапуваат во работен однос, иако имаат прилика за тоа, најчесто не работат. Најчесто припадниците на социјално исклучените групи, се задоволуваат со многу помали и поскромни материјални услови и средства за живеење од средината во која што живеат, многупати се случува ниту еден од луѓето во социјално исклучените групи да не е во работен однос, користејќи ги финансиските средства кои ги добиваат само од социјалната помош.

Државите кои имаат висок процент на луѓе кои живеат во вакви групи, треба да вложат напори за соодветна едукација и образование на овие лица, нивна брза еманципација кон општеството и поттикнување за работа.

Најголем процент на луѓе кои живеат во социјално исклучени групи, има во : Ирска, Обединетото Кралство, Белгија, Унгарија и Германија, додека најмал е процентот во : Кипар, Естонија, Словачка, Словенија и Чешка.

Во периодот од 2005-2009 година, процентот на социјално исклучените групи со луѓе, опаднал за 1%. Најголемо зголемување во тој период се забележува во : Ирска, Унгарија и Португалија, а најголемо намалување во : Полска, Бугарија, Естонија, Литванија, Летонија, Словенија и Чешка.

## 6. Глобалната економска криза во Летонија

Во март 2009 година, летонската економија се наоѓаше во подлабока криза од секоја друга земја-членка на ЕУ. Летонија беше соочена со огромен пад на општествениот

производ за 12% и пораст на невработеноста на 15% во 2009 година. Во декември 2008 година од страна на ММФ и ЕУ преку пакетот за стабилизација на Летонија и беа дадени 7,5 милијарди евра кои одговараа на 35 проценти од нејзиниот БДП, на тој начин земјата беше спасена од банкрот. Пред само година и половина, Летонија ја имаше најбрзата растечка национална економија во Унијата, рекорд кој го држеше околу три години.

Како можеше од таков економски бум да произлезе толку спектакуларен пад?

Летонската национална економија и во минатото имала доживувано удари : меѓу 1991 и 1993 година, при преминот кон пазарно стопанство, општествениот производ се намали за 50%; во 1995 имаше мала рецесија која беше предизвикана од пропаѓањето на најголемата банка на Балтикот, Банка Балтила ; 1998-99 година беа години на забавување на растот на економијата како последица од руската финансиска криза. Но, од 2000-та година, економијата растеше континуирано и со се поголема брзина. Летонија брзо конвергираше – додека во однос на приходот по глава на жител во 1995 година, се уште се наоѓаше зад земјите како Бугарија и Романија, а во 2007 се најде значително пред нив и ја престигна дури и Полска.

Спектакуларните стапки на раст беа достигнувани со исто толку спектакуларни нерамнотежи, кои политичарите премногу долго ги игнорираа, макар што ММФ, Централната банка и повеќе независни економисти предупредуваа. Од 2000-та година, но пред се од членството во Европската унија во 2005 година, дојде до експанзија на банкарскиот систем. Повеќе банки во странска сопственост, но и локални банки како Парекс, ги направија достапни своите кредити и за граѓани кои претходно никогаш немале можност да позајмуваат кредити. Порастот на кредитниот обем достигна фасцинантни стапки, а при кулминацијата изнесуваше 60% годишно, што беше највисока стапка во ЕУ. Кредитите беа земани, пред се во евра, значи банките не само што им даваа на своите клиенти кредити, туку им го пренесуваа и потенцијалниот ризик од девизниот курс. Летонија го врза курсот на својата валута со еврото и го планираше влезот во евро-зоната за 2008 година, цел која заради повреда на критериумот за инфлација од Мастрих, беше пропуштена. Бидејќи толку многу кредити (повеќе од 80%) беа доделени во евра, беше особено важно – а беше и една од најважните политички цели- да се одржува врзувањето за еврото онолку долго, додека таа валута не се преземе, цел која беше предвидена за 2012 година.

Кредитниот бум го поттикна развојот на работата со недвижнини и цените во текот на неколку години растеа за 60% годишно, што претставуваше уште еден рекорд во ЕУ. Освен тоа, кредитите предизвикуваа кредитен и инвестициски бум, пред се, во градежништвото, што доведе до далеку најголемиот дефицит на побарувачка на работна сила, со што значително се намали невработеноста. Но, овој пад се објаснува и со

егзодусот на работна сила по влезот во ЕУ, кога Шведска и Ирска ги отворија пазарите на работна сила за новите земји-членки. Растечката побарувачка на работна сила во услови на опаѓачка понуда, доведе до изразито стеснување на пазарот на работната сила и до пораст на платите. Експлозијата на платите во 2006-2007 година, со годишни стапки на раст од 35% беше рекорд во ЕУ. Бидејќи растот на платите од 35% сигурно не беше придружуван од соодветен раст на продуктивноста, претпријатијата мораа да прифатат силно зголемување на трошоци за плати по единица производ, кои се обидуваа да го компензираат со растечки цени . Инфлацијата значително порасна и во мај 2008 година и достигна кулминација од 17,9%.

Во 2007 година, стана јасно дека економијата беше сериозно прегреана, но ништо не се презеде за да се ублажат нерамнотежите кои беа во пораст. Фискалната политика беше проциклична и покрај силниот раст и оттаму произлезените даночни приходи, Летонија не успеа да ги покрие буџетските дефицити. Во март 2007 година, конечно се изврши корекција на фискалната политика, но како што своевремено забележа Danske Bank, беше предоцна и во недоволна мера.

Предусловот за намалување на нерамнотежите – невработеност под природна стапка на невработеност- експлозија на инфлацијата на плати и цени, неподносливиот дефицит на платниот биланс и многу задолженото население (повторен рекорд меѓу новите земји-членки) требаше да биде строга корекција, како и рецесија, дури и во поволна клима на светска економија. Наместо тоа, глобалната финансиска, а потоа и економска криза, ги заостри проблемите во Летонија.

Кредитниот бум и надуениот меур од работа со недвижнини во Естонија, беа речиси, исто толку големи како во Летонија, а во Литванија беа само малку помали, но второ фискалната политика во Летонија беше многу безобѕирна и повеќе проциклична, отколку во Естонија. Острината на летонската криза може се должи на тоа што, Летонија е банкарски центар на Балтикот – а повеќе банки значат повеќе кредити. Четвртиот фактор беше сопственичката структура во банкарството : во Естонија 98% од банките се странска сопственост, во Литванија 80% , а во Летонија само 60% .

Кога заради тоа најголемата банка во локална сопственост (Парекс, по големина втора во Летонија) во октомври 2008 година западна во финансиски тешкотии, Летонија имаше сопствена банкарска криза, за разлика од Естонија, кадешто банкарските кризи, заради сопственичката структура се странски проблем.

Откако започна падот во Летонија, се се одвиваше многу брзо – што покажува колку силно бил финансиран бумот од претходните години. Кредитниот бум ослабна во летото 2007 година и беше проследен со пад на екстремно преценетите цени на недвижнините и со опаѓањето на градежништвото. Она што потоа настапи, беше типичен ефект на

мултипликација : пад на потрошувачката како последица од се помалиот имот, недостиг од кредити и нагло опаднато расположение, најпрво во трговијата со автомобили, потоа во трговијата на мало, а потоа во целата економија. Кон крајот на 2007 година беше јасно дека социјалниот производ се движи кон сосема нова патека, и покрај тоа што дискусијата во земјата се уште поаѓаше од гледиштето за „меко слетување". Оваа перспектива брутално се затвори со светската финансиска криза, која во октомври 2008 година стана и локална финансиска криза. Банката Парекс (Parex) беше пред огромен одлив на своите влогови. За проблемите на банката сигурно постоеја повеќе причини, но со право може да се тврди дека банката беше изложена на нелојална конкуренција : кога шведската Влада најави дека ќе гарантира за сите банки во шведска сопственост, влоговите во Сведбанк, или во скандинавската Енскилда Банк (SEB) станаа значително попримамливи отколку влоговите во Парекс(слична ваква ситуација постоеше меѓу Ирска и Велика Британија минатата пролет). Парекс ги финансира кридитите со влогови и конзорцијални кредити, и станувашe се појасно дека банката нема да биде во состојба да ги продолжи гломазните конзорцијални кредити кои доспеваа во февруари и јули 2009 година. Парекс на крајот беше принудена да ја замоли Владата на Летонија да ја национализира банката.

Владините средства што беа потребни за да ја подржат Парекс, изнесуваа 5% од БОП, што беше значителен износ. Вториот негативен ефект на финансиската криза се состоеше во неможноста дека летонската Влада по сломот на даночните приходи и по поддршка на Парекс ќе може да финансира буџетски дефицит, кој во 2009 изнесуваше 12% од БОП. Земјата се обрати на ММФ и на ЕУ и доби комбиниран спасувачки ефект од 7,5 милијарди евра, кој беше донесен на 23 декември 2008 година.Без овој пакет, Владата немаше да биде способна да ги исполни своите платежни обврски во јануари и февруари ,2009 година.Исто толку малку ќе можеше да се одржи врзувањето на домашната валута за еврото.(Ерке,2009:6,7).

Целта на пакетот е да го задржи врзувањето на валутата и да ја подобри внатрешната конкурентност, наместо со тоа, преку внатрешна девалвација , значи со намалување на платите во јавниот сектор , за не помалку од 25%. Слични намалувања се случија и во приватниот сектор. Таквите плати се случија поради – од една страна – алтернативата на компресијата на платите е невработеноста(можност која не е примамлива во Летонија), а од друга страна, речиси нема синдикати во Летонија.Според Ерке, ова ја претвора Летонија во економија, во кое може да се побие Кејнзовото тврдење дека номиналните плати не можат вистински да опаднат.

Пакетот на спас не содржеше програма за конјуктура за 2009 година, сите расположливи средства беа предвидени за рекапитулација на Парекс и за финансирање на буџетскиот дефицит. Бидејќи буџетскиот дефицит не треба да пречекори 4,9% од БОП, пакетот дејствуваше рестриктивно и го засилуваше негативниот раст на економијата, бидејќи се

надоврзуваа и негативните развојни текови на сите поголеми извозни пазари, ни во 2010, ни во 2011-та година немаше некој позначителен економски раст. Летонските фирми и домаќинства мораа во голема мера да ги намалат своите долгови. Летонија добива обемни средства од структурните фондови на ЕУ, но она што е најважно е како овие пари ќе бидат потрошени. Во моментов е неопходно Летонија да привлече странски ивестиции, бидејќи има расположлива работна сила и реално ниво на платите(два фактора кои во минатото ги плашеа инвеститорите).Во однос на приходот по глава на жител , Летонија се наоѓа на 24-та позиција од 27-те земји-членки на Унијата (податокот е од 2009 година). Значи, се уште е сиромашна земја.

## 6.1. Социо-економските последици од глобалната економска криза во Летонија

Во табела број 16, можеме да забележиме дека процентот на активно работоспособно население во Летонија од 2002 година е во постојан пораст.

Бројот на вработувања постојано расте од 2002 година, се до 2008 година, а веќе од 2009 година започнува драстично да опаѓа.

Стапката на невработеност е во постојано опаѓање се до 2007 година кога изнесува 6%, во 2008 година стапката на невработеност се зголемува на 7.5% и драстично се зголемува во 2009 година на 17.1%, со невработени мажи 20.3%, невработени жени 13.9% и невработени млади 33.6% . Стапката на невработеност во 2010 година изнесува 18,4% , со невработени мажи 20% и невработени жени 15.9%, додека бројот на долговремено невработените лица што во 2008 година, изнесувал 4.6%, во 2010 година, изнесува 8.3%, а во првиот квартал од 2011 година, стапката на невработеност во Летонија изнесува 18.7%.

Интересен е податокот дека бројот на невработени мажи е поголем од бројот на невработени жени, што е редок случај во европските држави . Оваа појава може да се објасни како резултат на секторите кои беа погодени од глобалната економска криза, а и од претходната криза во Летонија, која што најмногу го погоди градежниот сектор и услугите поврзани со транспортот, дејности во кои најчесто беа вработени мажи.

Она што може да се анализира како негативна појава е дека самовработувањето постојано се намалуваше од 2002 година, но тоа забележува некој благ раст после 2009 година. Стапката на вработување на луѓе со скратено работно време и привремени договори за работа, постојано опаѓаше од 2002 година до 2008 година, што може да се сфати како

позитивен ефект, бидејќи најголемиот дел од граѓаните биле вработувани со полно работно време и со постојани договори за работа, што допринесува за поголема социјална и материјална сигурност кај граѓаните. Меѓутоа, таа стапка сосема малку се променува во време кога Летонија е во тешка економска криза и кога бројот на невработени луѓе драстично се зголемува, а зголемувањето на вработувањата со скратени работни часови и привремените договори за работа, можат да дадат позитивни одговори за намалување на стапката на невработеноста во државата кога е во време на економска криза. Во 2010 година, процентот на вработени со скратено работно време изнесуваше 8.6% споредено со 8.9% во 2009 година и 6.3% во 2008 година, додека процентот на вработени со привремени договори за работа во 2010 година изнесуваше 7.5%, што е сепак едно поголемо зголемување (но не според очекувањата на експертите) во споредба со 4.3% во 2009 година.

Во табела број 13, можеме да забележиме дека од 2005 година се зголемува процентот на луѓето кои што се под ризик од сиромаштија, тој процент изнесува 19.2% во 2005 година, а до 2009 година се зголемува за 6.5% и изнесува 25.7%, што е доста повисоко од просекот на ЕУ-27 кој изнесува истата година 16.3% и далеку повисок во споредба со Чешка од 8.6% која ја има најниската стапка на лица под ризик од сиромаштија во Европската унија.

Табела 16: Пазар на труд во Летонија во периодот 2002-2009 година

| Година | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активно работоспособно население (15-64 год.) | 68,8 | 69,7 | 69,6 | 71,3 | 72,3 | 74,4 | 73,9 | |
| Вработени мажи (15-64 год) | 64,3 | 66,7 | 66,4 | 66,4 | 70,4 | 72,5 | 72,1 | 61,0 |
| Вработени жени (15-64-год) | 56,8 | 57,9 | 58,5 | 59,3 | 62,4 | 64,4 | 65,4 | 60,9 |
| Вработени млади(15-24год) | 31,0 | 31,5 | 30,5 | 32,6 | 35,9 | 38,4 | 37,2 | 27,1 |
| Самовработени вкупно | 14,2 | 13,4 | 13,5 | 11,9 | 11,9 | 11,0 | 10,3 | 11,6 |
| Вработени со скратено работно време-вкупно | 9,7 | 10,3 | 10,4 | 8,3 | 6,5 | 6,4 | 6,3 | 8,9 |
| Вработени со привремени работни | 13,9 | 11,1 | 9,5 | 8,4 | 7,1 | 4,2 | 3,3 | 4,3 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| договори-вкупно | | | | | | | | |
| Вкупно вработени (15-64 год.) | 60,4 | 61,8 | 62,3 | 63,3 | 66,3 | 68,3 | 68,6 | 60,9 |
| Вкупно вработени (20-64) | 67,0 | 68,9 | 69,3 | 70,4 | 73,5 | 75,2 | 75,8 | 67,1 |
| Невработени мажи (15+год.) | 13,3 | 10,6 | 10,6 | 9,1 | 7,4 | 6,4 | 8,0 | 20,3 |
| Невработени жени (15 +год.) | 10,9 | 10,4 | 10,2 | 8,7 | 6,2 | 5,6 | 6,9 | 13,9 |
| Невработени млади (15-24 год.) | 22,0 | 18,0 | 18,7 | 13,6 | 12,2 | 10,7 | 13,1 | 33,6 |
| Долго невработени (15-64 год.) | 5,5 | 4,4 | 4,6 | 4,1 | 2,5 | 1,6 | 1,9 | 4,6 |
| Вкупно невработени (15-64 год.) | 12,2 | 10,5 | 10,4 | 8,9 | 6,8 | 6,0 | 7,5 | 17,1 |

Табела бр. 16, Извор :Governatori, Mateo., Meyermans, Eric.,Van der Valk, Johan et al: Employment in Europe 2010,page 179-Publication Office of the European Union,Luxembourg,2011.

Процентот на луѓе кои живеат во материјална депривација забележува големо опаѓање во периодот од 2005 до 2009 година, од 38.9% опаѓа на 21.9% но започнува повторно да расте од 2009 година, што предизвикува повторно зголемување на бројката на луѓето што живеат во вакви неповолни животни услови. Сепак споредено со просекот на ЕУ-27 во 2009 година, кој изнесува 8.1%, или со стапката во Луксембург(земја со најниска процентуална стапка на луѓе кои живеат во материјална депривација) од 1.1%, процентот и понатаму е на многу високо ниво.

Во табела број 17 е претставен процентуалниот годишен раст на неколку индикатори. БДП забележува постојан брз пораст секоја година, од 6.5% во 2002 година, се искачува на 12.2% во 2006 година,опаѓа на 10% во 2007 година, а потоа во 2008 година се забележува огромен пад на БДП на -4.2% и најголемиот пад во 2009 година на -18%. Повторно се забележува раст на БДП во 2010 и 2011 година,кога повторно забележува голем пораст и доаѓа до -3.3%.

Табела 17: Годишен процентуален раст во Летонија во периодот 2000-2011[17] година

| Година | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| БДП | 6,9 | 8,0 | 6,5 | 7,2 | 8,7 | 10,6 | 12,2 | 10,0 | -4,2 | -18 | -3,5 | -3,3 |
| Вработеност | -3,2 | 1,2 | 2,9 | 1,9 | 1,2 | 1,6 | 4,9 | 3,6 | 0,9 | -13,6 | -7,2 | 0,8 |
| Продуктивност на трудот | 10,4 | 6,8 | 3,4 | 5,1 | 7,4 | 8,9 | 7,0 | 6,2 | -5,1 | -5,1 | 4,0 | 2,5 |
| Годишни работни часови | 6,7 | -0,4 | -2,0 | -0,6 | -1,6 | 1,7 | -0,9 | -1,3 | -4,3 | -2,9 | 0,0 | 1,0 |
| Продуктивност по обработен час | 3,5 | 7,2 | 5,5 | 5,8 | 9,2 | 7,1 | 8,0 | 7,5 | -0,9 | -2,2 | 4,0 | 1,5 |
| Номинални трошоци за работна сила | -2,7 | -2,3 | -0,6 | 5,6 | 6,6 | 14,8 | 15,2 | 27,2 | 22,0 | -7,1 | -11,5 | -1,5 |
| Вистински трошоци за работна сила | -6,6 | -3,9 | -4,1 | 2,0 | -0,4 | 4,2 | 4,9 | 5,8 | 6,6 | -5,7 | -5,6 | -0,5 |

Извор :Governatori,Mateo.,Meyermans,Eric.,Van der Valk,Johan, et al: Employment in Europe 2010,page 161-Publication Office of the European Union,Luxembourg,2011.

Доколку продолжи ваквиот раст на БДП во иднина, се очекува Летонија повторно економски да се стабилизира. Вработувањето забележува најголем пораст во 2006 и 2007 година, а потоа нагло опаѓа, што резултира со пораст на стапката на невработеност. Се забележува дека работните часови опаѓаат во период од 2006-2008 година,меѓутоа се зголемуваат номиналните и вистинските трошоци за работна сила т.е. давачките и платите за вработените, а во исто време се намалува продуктивноста на трудот и продуктивноста на вработените по обработен час. Така во 2008 година, номиналните трошоци за работната сила растат до 22%, вистинските трошоци за работната сила растат до 6.6%, додека просечните работни часови (работното време) опаѓаат со процентуална годишна стапка од -4.3% ,а годишната процентуална стапка на продуктивноста на трудот е -5.1% и продуктивноста по обработен час се намалува за -0.9%, што укажува дека зголемувањето

[17] Во табелите за годишен процентуален раст во државите, податоците од 2011 година се однесуваат само на првиот квартал.

на платите не соодејствува со реалното зголемено производство. Затоа, во 2009 година, цената на работниот труд нагло се намалува.

Во 2010 година државниот дефицит на Летонија изнесува 7.7% од БДП, споредно со 6% на ЕУ, додека јавниот долг изнесува 44.7%, што во споредба со другите држави во Европската унија, Летонија е средно задолжена земја.

### 6.1.1 Мерките што ги презеде Летонија за намалување на невработеноста

Летонија со цел да ја намали невработенсота ја воведе програмата „ Работни практики во општините ‘‘. Овие мерки бараа да се зајакне социјалната безбедносна мрежа со поглед фрлен на ублажување на тешките социјални последици од економската криза. Исто така, овие мерки дадоа активација за можност за вработување на невработени лица.Целната група беа невработени лица кои немаат право на социјално осигурување или на кои осигурувањето им истекло. Оваа мерка инволвира нискобуџетни некомерцијални општински работи како што се : чистење, развој и одржување на јавни инфраструктури (патишта, паркови и други јавни површини) и локални социјални услуги (помагање на стари лица, лица со пречки во развојот итн.). Се бара од општините да склучат договор со подрачната единица и со агенцијата за вработување. Договорот има

Специфични правила за селектирање на учесниците и неопходност за безбедност на работа. Кога договорот е склучен, општината средува за работни места во нејзина област и во локалните институции. Невработените лица може да учествуваат во овие мерки во времетраење од две недели до шест месеци годишно, но не можат да работат повеќе од шест месеци во период од една година. Учесниците(вработените)добиваат по 142 евра месечно и осигурени се од несреќа при работа .

Овој проект беше финансиран од Европскиот социјален фонд и вкупниот износ за овие мерки изнесуваше 311 милиони евра за период од септември 2009 до декември 2010 година. Вкупната бројка на учесници (привремено вработени) изнесуваше 50 илјади лица.

Може да се заклучи дека политиката на вработување и мерки што се спроведуваат во Летонија, не го дадоа посакуваниот ефект во намалувањето на невработеноста. Политиката на вработување во Летонија се покажа како неефективна со нејзините стратегии и планови за намалување на невработеноста. Невработеноста се намали и се заузди само привремено. Средствата кои беа доделени за намалување на невработеноста беа големи, но не беа насочени кон перспективни вработувања. Вработувањата во јавниот сектор т.е. опшините, со кратко време-траење од две недели до шест месеци во текот на

една година, не се оценети како позитивни мерки за намалување на невработеноста. Праксата покажува дека во ваквите случаи, најпозитивен начин кој што дава долгорочни резултати е средствата наменети за нови вработувања да бидат насочени кон доделување на работодавците (со цел да вработуваат нови работници на целосно или скратено работно време, но и да не ги отпуштаат старите вработени), додека на невработените да им биде овозможено ( со помошта од овие средства ) брза доквалификација или преквалификација, со што побрзо би зеле учество на пазарот на трудот или пак, би се поттикнале кон самовработување. Овие мерки даваат многу поуспешни резултати, бидејќи невработените се вклучени во пазарот на трудот на побарувачка и потрошувачка на производи или услугит.е. реалниот сектор, додека работата во јавниот сектор -опшините е со ограничена побарувачка за нови вработувања.Така на граѓаните им беше доделена работа која само привремено ги вработи граѓаните, без понатамошни перспективи за идно продолжување на работниот договор. Летонија, мора да вложи финансиски средства во реалниот, стопанскиот сектор, повторно да го поттикне растот на производството и извозот и да вложува во своите граѓани, со цел тие да ги зголемат своите квалификации (вештини и знаења) за побрзо да одоворат на потребите и да се вклучат во пазарот на трудот. Исто така, мораат да бидат охрабрувани флексибилните работни места, вработувања со скратено работно време и самовработувањата, бидејќи овие вработувања во време на големи економски кризи даваат успешни резултати во намалувањето на невработеноста.

Имајќи предвид дека Летонија е средно задолжена земја, со јавен долг од 44.7% од БДП во 2010 година, Летонија може дополнително да се задолжи со цел да го поттикне растот на економијата и да спроведе поактивни мерки за вработување, во спротиво, само дополнително Летонија ќе се задолжува, но тие средства ќе бидат брзо потрошени, без да ги дадат посакуваните резултати.

## 7. Економската криза во 90-те години и глобалната економска криза (2007-2010) во Финска

На почетокот на 1990-те години, Финска се соочи со сериозен економски колапс. Причините за кризата беа многу слични со глобалната економската криза од 2007-2010 година.Претерувањето на либерализирани финансиски пазари ја создаде основата за поголеми економски превривања. Во Финска овие превривања беа особено сериозни бидејќи лошите економски политики и распадот на Советскиот Сојуз , исто така, имаа штетно влијание врз економијата во земјата. Меѓутоа, закрепнувањето се одвиваше брзо.

Брзото заздравување се должеше на одлучувачката политика за развој. Политиката резултираше со брз економски развој, но исто така, беа видливи и негативните страни на таа политика.

Корените на Финската криза во 90-те години, можат да се најдат во либерализацијата на финансиските пазари што се случи во 80-те години. До почетокот на 1980 година, во Финска, финансиските пазари беа многу строго регулирани: движењето на капиталот и каматните стапки беа регулирани од страна на Централната банка, а целосната економска политика беше централизирана, додека курсот на финската валута (марка), беше фиксен и со него раководеше Централната банка. Во средината на 1980-те години, пазарите на капитал беа речиси целосно либерализирани и тоа само за неколку години.

Либерализацијата создаде кредитна експанзија. Политиката за задолжување на банкарскиот сектор беше особено лабава : тие даваа кредити на компании и поединци без притоа навистина да ја истражат разумната употреба на парите. Во времето на строга регулатива, поединците и компаниите земаа кредите секогаш кога имаше можност да ги добијат и тие не го изменија своето однесување во новите економски околности. Ваквата флексибилна банкарска политика резултираше во лажни цели за основните средства, како и неефикасни инвестиции во приватниот сектор. Соодносот долг/БДП се искачи на рекордни нивоа. Економијата на земјата беше доведена до колапс. Во основа, тоа што се случи во Финска во 1980-те години е многу слично на случувањата што ги видовме во САД многу години подоцна.

Во текот на времето на брзата кредитна експанзија, курсот на финската валута беше фиксен на едно преценето ниво. Тоа, заедно со ниските меѓународни каматни стапки ги поттикна приватните фактори да се задолжуваат во странски валути, бидејќи тие веруваа во одржливоста на курсот.

Новата економска средина со слободни пазари на капитал претставуваше нова ситуација и за носителите на политички одлуки кои не беа во можност соодветно да одговорат на кредитната експанзија и „прегревањето". Малкумина политичари експерти ги разбираа економските проблеми и структури кои стоеја зад ваквото економско прегревање. Повеќето политичари не беа загрижени од податоците за високиот БДП, кој по глава на жител беше меѓу првите пет во светот во 1989 година.Слободната фискална политика на крајот од 80-те години само ја поддржуваше состојбата на дебаланс. Начините на кои одговори монетарната политика, исто така, не беа ништо подобри. Единствениот вистински обид да се спаси економијата беше ревалвација на марката во 1989 година, што се случи предоцна. Од друга страна, тоа ги поттикна приватните фактори повеќе да се задолжуваат во странски валути.

Двигател на економијата на Финска во 80-те години беше извозот. Најголем трговски партнер на Финска беше Советскиот Сојуз, кадешто Финска извезуваше 25% од вкупниот извоз. Трговијата со Советскиот Сојуз заврши со неговиот распад во 1991, откако претходно започна да оди во надолна линија.Конкурентноста на цените на финската индустрија се влошија кон крајот на осумдесеттите години, како резултат на прецenувањето на финската марка. Тоа, заедно со европскиот економски пад и распадот на Советскиот Сојуз ја доведе финската извозна индустрија , речиси до застој. Приватните инвестиции нагло опаднаа, а ризичноста на цената на активата создаде круг на дефлација на долговите, со што, исто така, дојде до застој на приватната потрошувачка.

Како резултат на тоа БДП опадна за 15% во период од 1991-1993 година, додека стапката на невработеност се зголеми од 3% во 1990 година на 18% во 1994 година. Банкарскиот сектор беше во криза и беше спасен со огромни капитални инјекции од Владата.

Процентуална стапка на невработеност во Финска во 90-те години

| Година | Мажи | Жени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1991 | 3.6 | 2.7 | 3.2 |
| 1992 | 8.0 | 5.1 | 6.6 |
| 1993 | 13.6 | 9.6 | 11.7 |
| 1994 | 18.1 | 14.4 | 16.3 |
| 1995 | 15.7 | 15.1 | 16.6 |
| 1996 | 14.3 | 14.9 | 15.4 |
| 1997 | 12.3 | 13.0 | 14.6 |
| 1998 | 10.9 | 12.0 | 12.7 |
| 1999 | 9.8 | 10.7 | 11.4 |
| 2000 | 9.1 | 10.6 | 10.2 |
| 2001 | 8.6 | 9.7 | 9.8 |
| 2002 | 9.1 | 9.1 | 9.1 |

Табела 18

Во текот на првите години, рацете на монетарната политика беа врзани за одбрана на преценетиот фиксен курс на финската марка. Централната банка, за да се спречи излевање на капиталот, беше приморана каматните стапки да ги одржува на високо ниво. Високите каматни стапки за возврат го заостриja економското опаѓање. На крајот на 1991 година, Централната банка беше приморана да ја девалвира марката, со што само се влоши ситуацијата за оние кои се имаа задолжено во странски валути. На крајот, Централната банка не беше во можност да гарантира фиксен курс и марката стана пловна валута. Од друга страна, тоа овозможи пониска каматна стапка која беше клучна за престојното закрепнување.

Брзото зголемување на невработеноста и наглиот пад на економијата создадоа голем дефицит во јавниот сектор. Дефицитот на јавниот буџет беше најголем во 1993 година, кога изнесуваше 8% од БДП. Како резултат на тоа, Владата започна масовно намалување на трошоците и зголемување на даноците, што ја намали вкупната побарувачка во економијата и оттаму рецесијата се влошуваше се повеќе. По рецесијата, имаше широк консензус дека владиното намалување на трошоците во текот на најсериозната рецесија само повеќе ги влоши работите и дека балансирањето на јавниот буџет требало да започне две или три години подоцна.

Интересно е да се направи споредба на начинот на кој одговори финската политика со онаа во Шведска. Шведска , исто така, се соочи со рецесија, но таа не беше толку длабока како во Финска.Шведска започна со балансирање на буџетот подоцна од Финска и имаше поголем јавен дефицит за подолг временски период. Разликата во економската политика се должеше на еден фактор кој стои зад фактот дека рецесијата во Шведска никогаш не беше толку длабока како во Финска. Финската политика, за балансирање на јавниот буџет колку што е можно побрзо ја намали вкупната побарувачка во текот на најсериозната рецесија, со што ситуацијата беше влошена уште повеќе.

Во исто време, Шведска повеќе се потпираше врз активниот фискален поттик на Кејнз, со очигледни добри резултати. Невработеноста во Шведска никогаш не стигна толку близу до нивото на Финска. Од друга страна, јавниот долг на Шведска се зголеми многу повеќе отколку во Финска, но по рецесијата во ниедна од овие земји јавниот долг не претставуваше голем проблем. Честопати се наведува дека Шведска го одбра патот на повисок јавен долг, а Финска го одбра патот на поголема невработеност. Од општествен аспект, патот кој го одбра Финска беше многу поштетен : преку поголема невработеност, товарот на рецесијата беше многу понееднакво распределен.

Во Шведска, како резултат на поактивна фискална политика, стапката на невработеност никогаш не достигна толку високо ниво како во Финска. Второ, Финска ги балансираше јавните финансии преку масовно намалување на трошоците во јавните служби и

трансферите на социјални надоместоци/приходи. Даноците беа, исто така, зголемени, па кога Шведска го започна балансирањето на буџетот подоцна од Финска, таа се потпираше повеќе врз даночното зголемување, а аранжманите на системот за социјална заштита горе-долу останаа непроменети. Како резултат на тоа, најсиромашните и осиромашените граѓани беа сериозно погодени од последиците на рецесијата во Финска, отколку во Шведска. Според скандинавските стандарди, социјалната исклученост стана главен политички проблем во Финска. Оваа појава е се уште видлива : социјалната нееднаквост и денес е поголема во Финска отколку во Шведска.

Финската фискална политика беше процикличнa во текот на најсериозната рецесија. Наместо активен фискален поттик, економската политика, која имаше за цел закрепнување и развој, се темелеше врз политика за структурен долгорочен економски развој. Во оваа смисла, финската економска политика по рецесијата може да се смета за неолиберална, каде фокусот на политиката беше ставен на долгорочни структурни прашање, а краткорочен фискален активизам не се користеше.

Политиките по рецесијата се темелеа врз широк национален консензус за насоката на политиката. Сите поголеми политички партии, како и останатите социјални партнери (синдикати и конфедерации од индустријата)беа посветени на формулирање политики и се придржуваа до нив.

Надминувањето на економската криза се гледаше како национален предизвик, за кој имаше потреба од силен и еднаков придонес од сите членови на општеството. Малите конфликти на интереси меѓу различните партии беа оставени на страна и сите партии дејствуваа заедно во изнаоѓање на решенија што можат да и помогнат на земјата да излезе од рецесијата. На пример, во 1995-2003 година, Владата се состоеше од пет партии од целиот политички спектар : од екс-комунистичката Левичарска унија, до Десничарската партија на националната коалиција, заедно со Социјалдемократите, Зелените и Партијата на шведскиот народ.

Се разбира дека политиката наиде на критики, особено од социјален аспект : честопати се наведуваше дека најсиромашните и осиромашените граѓани не го добиваат потребното внимание и дека производот од економскиот развој по рецесијата не се распределува рамномерно.

Стратегијата за развој и заздравување по рецесијата се засноваше врз развој предводен од извозот. Девалвацијата на финската марка од 1991-1993 година, ја зголеми конкурентноста на извозните производи. Политиките, чија цел беше подобрувањето на технолошкиот развој, беа промовиранио доста жестоко. Продуктивноста на индустријата, особено во технолошката индустрија, брзо се развиваше, а со тоа се подобруваше конкурентноста. Како резултат на тоа, дојде до рапиден економски развој кон крајот на

деведесеттите и почетокот на 2000 година. Уделот на извозот постојано се зголемуваше и достигна околу 40% од БДП кон крајот на деведесеттите години. Вишокот на тековната сметка беше речиси 10% од БДП на почетокот од 2000 година.

Еден дел од стратегијата на економската политика претставуваше и масовно даночно намалување. Целосната даночна стапка постојано се намалуваше, од речиси 50% од БДП во 1995 година, до 42% од БДП во 2008 година.

Според стандардното неолиберално размислување, на даночното намалување се гледаше како на предуслов за развој и економска динамика. Подоцнежните истражувања покажуваат дека придонесот на намаленото одданочување за развој најверојатно бил многу ограничен. Ова разгледување, исто така, влијае врз насоката на моменталната даночна политика : сега носителите на политики се чини дека го споделуваат мислењето дека го виделе дното во нивото на оданочување и дека во иднина, даночните стапки треба да се насочат нагорно. Во оваа смисла, се чини дека неолибералната агенда на економската политика се менува и во Финска.

Масовното даночно намалување во 1990-2000, значеше дека ресурсите за развој на системот на социјална заштита се ограничени. Нивото на социјални услуги и трансфери на социјален надоместок /приход не се разви толку брзо како во останатиот дел од економијата. Како резултат на тоа, разликите во приходот значително пораснаа по 1995 година. Зголемувањето на социјалната нееднаквост и се потешката состојба во која се наоѓаа службите за услуги на системот за социјална заштита, наметнаа потреба од поголемо внимание во 2000 година. Мислењето кое сега се споделува е дека се потребни повеќе ресурси за услугите на системот за социјална заштита, за да се достигне повторно нивото на останатите нордиски земји. Во текот на моменталната глобална криза, со која, исто така, се ограничуваат јавните финансии, оваа задача претставуваше голем предизвик.

Во однос на економскиот развој, стратегијата предводена од извозот профункционира особено добро по рецесијата во деведесеттите години. Меѓутоа, моменталното глобално опаѓање ги покажа негативните страни на големата зависност од извозни индустрии. Домашната економија на Финска, особено нејзиниот финансиски и јавен сектор, пред глобалната економска криза (2007-2010)беше многу силна. На почетокот се сметаше дека Финска ќе остане недопрена од глобалните превирувања. Се разбира дека ова беше премногу оптимистрички став, имајќи во предвид дека речиси 40% од финскиот БДП е од извозот и дека извозните индустрии произведуваат главно инвестициски добра. Рапидното намалување на глобалната вкупна побарувачка со која се соочивме од неодамна, беше исто така, доста видливо и во финската економија : извозот набрзина опадна, што предизвика рецесија во економијата која претходно беше многу силна(Рахкола,2009:4).

Табела 19 : Пазар на труд во Финска во периодот 2002-2009 година

| Година | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активно работоспособно население(15-64 год.) | 75.0 | 74,9 | 74,5 | 74,2 | 74,7 | 75,6 | 76,0 | 75.0 |
| Вработени мажи(15-64 год) | 59.2 | 56.9 | 56.5 | 57.2 | 58.9 | 60.9 | 66.3 | 66.1 |
| Вработени жени(15-64-год) | 47.7 | 46.2 | 46.0 | 46.2 | 46.8 | 50.6 | 52.4 | 52.8 |
| Вработени млади(15-24год) | 21.7 | 21.2 | 21.7 | 22.5 | 24.0 | 25.8 | 27.3 | 26.8 |
| Самовработени вкупно | 28.2 | 27.3 | 26.8 | 25.8 | 24.5 | 23.5 | 23.0 | 22.8 |
| Вработени со скратено работно време-вкупно | 10.8 | 10.5 | 10.8 | 10.8 | 9.8 | 9.2 | 8.5 | 8.4 |
| Вработени на определено време-вкупно | 15.4 | 19.4 | 22.7 | 25.7 | 27.3 | 28.2 | 27.0 | 26.5 |
| Вкупно вработени (15-64 год.) | 51.5 | 51.2 | 51.7 | 52.8 | 54.5 | 57.0 | 59.2 | 59.3 |
| Вкупно вработени (20-64) | 57.4 | 57.1 | 57.3 | 58.3 | 60.1 | 62.7 | 65.0 | 64.9 |
| Невработени мажи (15+год.) | 19.2 | 19.0 | 18.2 | 16.6 | 13.0 | 9.0 | 6.4 | 7.8 |
| Невработени жени (15 +год.) | 21.0 | 20.5 | 20.0 | 19.2 | 14.9 | 10.4 | 8.0 | 8.7 |
| Невработени млади (15-24 год.) | 42.5 | 41.9 | 39.6 | 36.9 | 29.8 | 21.7 | 17.3 | 20.6 |
| Долго невработени (15-64 год.) | 10.9 | 11.0 | 10.3 | 10.3 | 7.8 | 4.9 | 2.4 | 2.5 |
| Вкупно невработени (15-64 год.) | 9.1 | 9.0 | 8.8 | 8.4 | 7.7 | 6.9 | 6.4 | 8.2 |

Извор :Governatori,Mateo.,Meyermans,Eric.,Van der Valk,Johan et al: Employment in Europe 2010,page 191-Publication Office of the European Union;Luxembourg,2011.

Во табела број 19, можеме да забележиме дека стапката на невработеност во Финска се зголемува во 2009 година кога изнесува 8.2%, споредено со 2008 година кога изнесувала 6.4%, но исто така таа забележува мал пораст во 2010 година,кога во јули месец изнесувала 8.4%,а веќе во декември истата година е намалена на 8.1%. Во јануари 2011 година, стапката на невработеност во Финска изнесува 8.0%, а во мај месец истата година 7.8%.Споредено со стапката на невработеност на ниво ЕУ-27, што во декември 2010 изнесуваше 9.6%,во јануари 2011-9.5% и во мај истата година 9.3%, забележуваме дека Финска има помала стапка на невработеност во споредба со просекот на Европската унија. Исто така, можеме да забележиме дека од 1993 година(доколку ги споредиме податоците од табела бр.18 со табела бр.19), стапката на невработеност во Финска е во постојано опаѓање.

Стапката на невработеност беше најниска во 2006 и 2007 година, но она што е најважно е дека таа драстично не се зголеми за време на глобалната економска криза и никогаш не го надмина просекот на ЕУ и дури за време на светската криза, стапката на невработеност беше далеку помала во споредба со деведесеттите години од минатиот век. Анализирајќи ги овие податоци, можеме да заклучиме дека состојбата на Финска била многу полоша во деведесеттите години,отколку за време на глобалната економска криза (2007-2010 година), што упатува дека Финска поучена од кризата во деведесеттите години, водеше успешни активни политики кои се справија со предизвиците од глобалната криза и Финска ја преброди кризата со мали социо-економски последици.

Во табелите број 13 и 14, се забележува дека се намалува процентот на луѓе кои што живеат во материјална депривација и социјално исклучени групи, дури и во време на глобалната економска криза. Тоа е доказ за позитивните мерки кои ги преземаат институциите на социјалната заштита,т.е. дека повторно во Финска зајакнува социјалната политика. Процентот на луѓе кои живеат во материјална депривација изнесувал во 2005 година 3.8%, а во 2009 година 2.8%, што е добар резултат во споредба со просекот на ЕУ-27 од 8.1%,што ја прави Финска една од земјите во ЕУ со најнизок процент заедно со Луксембург,Холандија,Шведска и Данска.Процентот на луѓето кои живеат во социјално исклучени групи изнесува 8.2% во 2009 година и оваа стапка повторно е пониска во споредба со просекот на ЕУ-27, кој изнесува 9%. Процентот на луѓе кои живеат под ризик од сиромаштија(табела 13) се зголемува во време на глобалната економска криза, што е разбирливо, поради појава на несоодветни вработувања во тој период и поради намалување на работните часови кај дел од вработените,како и намалувањето на месечните приходи.Во 2005 година, стапката изнесувала 11.7%, во 2009 година таа изнесува 13.8%, што повторно е пониска во споредба со просекот на ЕУ-27 со 16.3%.

Во табела бр.20, можеме да забележиме дека порастот на БДП бележи негативен раст само во 2009 година, додека процентуалниот раст на БДП во текот на првата деценија од 2000, забележува променлив позитивен раст. Најголем раст на БДП се забележува во 2000 година кога изнесува 5.3%и во 2006 година 4.4% и 2007 година 5.3%,потоа во 2008 година поради смалениот извоз нагло опаѓа на 0.9% и во 2009 година[18] падна на -0.8%,но веќе следната 2010 година БДП повторно доживеа пораст од 1.4% и во 2011 година БДП порасна за 2.1%.

Табела 20: Годишен процентуален раст во Финска во периодот 2000-2011 година

| Година | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| БДП | 5.3 | 2.3 | 1.8 | 2.0 | 4.1 | 2.9 | 4.4 | 5.3 | 0.9 | -0.8 | 1.4 | 2.1 |
| Вработеност | 2.1 | 1.3 | 0.9 | 0.1 | 0.4 | 1.4 | 1.8 | 2.2 | 1.6 | -2.8 | -2.1 | 0.4 |
| Продуктивност на трудот | 3.2 | 0.9 | 0.9 | 1.9 | 3.7 | 1.5 | 2.5 | 3.1 | -0.6 | -5.3 | 3.6 | 1.7 |
| Просечни работни часови | -0.8 | -1.0 | -0.4 | -0.4 | -0.3 | -0.4 | -0.4 | -0.1 | -0.1 | -1.9 | 2.0 | 0.2 |
| Продуктивност по обработен час | 4.0 | 2.0 | 1.3 | 2.4 | 3.4 | 2.0 | 2.9 | 3.2 | -0.5 | -3.5 | 1.5 | 1.5 |
| Номинални трошоци | 0.6 | 3.6 | 0.9 | 0.8 | 0.0 | 2.2 | 0.3 | 0.5 | 5.8 | 7.7 | -1.0 | 0.4 |
| Вистински трошоци за работна сила | -2.0 | 0.6 | -0.4 | 1.5 | -0.5 | 1.7 | -0.5 | -2.4 | 3.9 | 6.8 | -2.3 | -1.6 |

Извор: Табела бр. 16, Извор :Governatori,Mateo.,Meyermans,Eric.,Van der Valk,Johan et al: Employment in Europe 2010,page 163-Publication Office of the European Union,Luxembourg,2011.

[18] 2009 година многумина експерти ја сметаат за година кога глобалната економска криза беше најсилна.

Продуктивноста на трудот и продуктивноста по обработен час во текот на целата деценија од 21 век имаат променлива позитивна стапка на пораст,со исклучок на 2008 и 2009 година, но тие повторно се зголемуваат во 2010 и 2011 година.

Работните часови бележат намалување т.е. негативни процентуални стапки, што значи дека на вработените во текот на изминатите години не им се зголемувало работното време, со исклучок на 2010 и 2011 година кога се зголемува просечното работно време со цел да се постигне и зголемено производство.

Давачките за вработените се најголеми за време на глобалната економска криза т.е време кога таа е најмногу изразена во Финска. Оваа појава ретко се забележува во другите држави кои најчесто ги користат мерките на штедење со помали плати т.е. приходи и поголеми даноци кон граѓаните и најчесто тие мерки се преземаат со цел да им се олеснат условите на работодавачите за да не се зголемува невработеноста.

Зголемените давачки за вработените во време на економска криза даваат позитивни резултати од причина што – во време на економска криза секогаш растат цените на производите т.е. се зголемува цената на потрошувачката кошница, па доколку платите на вработените останат исти или се намалат, куповната моќ на граѓаните нагло ќе опадне, што не е добро за развој на економијата и брзо закрепнување од кризата.

Од друга страна се зголемуваат и давачките за вработените за социјалното,здравственото и пензиското осигурување, од причина што треба да се зголемат финансиските средства и кај пензионерите,здравственото осигурување и посебно кај корисниците на социјалната заштита т.е. помош кои во време на економска криза се најранливата група на граѓани кои најдиректно ги чувствуваат последиците.

Се разбира, зголемувањето на доприносите за вработените, не беше оставено да оди само на сметка на работодавачите,во тоа се вклучи и самата држава со пакет мерки за финансиска поддршка. Финска поучена од кризата во деведесеттите, го избра начинот на поголем јавен-државен долг,но помала невработеност и поголема социјална сигурност[19].

Во 2010 година, државниот дефицит на Финска изнесува 2.5% од БДП, додека јавниот долг изнесува 48.4% од БДП.

Финска покажува повисок продор на информациската технологија од САД. Стапката на пораст на земјата изнесуваше во просек 5,1% годишно во период меѓу 1996-2001 година.

---

[19] Политиката на голем јавен долг, за сметка на помала невработеност и поголема социјална сигурност го примени Шведска во 90-те години од минатиот век, за разлика од Финска,која имаше помал јавен долг од Шведска, но многу поголема невработеност и социјална нееднаквост.

Финска се рангира блиску до врвот на сите индустриски држави во поглед на социјалната праведност и има висока даночна основа.Финска до пред извесно време беше мошне сиромашна земја со нагласено земјоделско општество.

Во многу индустриски општества нееднаквоста на приходите расте, но постојат знаци дека овој процес во Финска се изедначува. На некои држави им успеа значително да ја задржат општествената еднаквост-каде што пак, нордиските држави се наоѓаат на врвот.

## 7.1.Мерките кои ги презеде Финска за намалување на невработеноста

Финска ја воведе програмата „ Вработување и безбедносна промена ‘‘ . Оваа програма ги опфаќа вработените кои се во неповална состојба т.е. кои можат да бидат отпуштени од работа поради намалување на бројот на вработени во тој сектор кој е сериозно погоден од економската криза, но исто така , оваа програма ги опфаќа и оние работници кои ги загубиле своите работни позиции и останале невработени. Оваа програма беше приложена уште во 2005 година и подоцна беше проширена со цел да ги задоволи потребите на вработените, посебно оние со определено работно време и со намалено работно време , но и невработените, со цел повторно да се вклучат во пазарот на трудот. Во оваа програма беа опфатени работодавачите, вработените т.е. оние кои ќе се вработат преку програмата и Бирото за вработување и економски развој. Програмата вклучува :

Право на вработениот да има бенефит од програмата за вработување т.е. оние кои останале без работа, или оние кои ја менуваат својата работа од еден сектор кој што е во опаѓање во друг кој нуди поголема заработувачка и перспективи, да имаат право на бенефит во тој транзициски период додека не започнат да земаат придонеси од новото вработување.

Бирото за вработување и економски развој постојано врши преговори со работодавачите и се грижи да нема голем број на отпуштања на работници, но и да им овозможи нови работни места на оние кои останале без работа, а посебно на долгорочно невработените. Целта на Бирото е што побрза интервенција т.е. побрзо вработување, но и подобрување на професионалното работење на оние кои што бараат работа.

Програмата „ Вработување и безбедносна промена ‘‘ нуди и волонтерски услуги за граѓаните т.е. невработените мораат да изготват вработувачки план и да настојуваат да го реализираат и истовремено да се регистрираат како баратели на работа во Бирото. Учеството на невработените во Програмата не е обврзувачко, меѓутоа, оние невработени кои земаат учество во Програмата имаат право на поголеми финансиски средства т.е.

поголем паричен надомест, за разлика од оние невработени кои нема да земат учество во Програмата, на нив им следува исто така, паричен надомест, но со помал износ.

Работодавачите кои се вклучени во оваа Програма мораат да преговараат со Бирото доколку планираат да го намалат бројот на вработените и во случај таа мерка да мора да ја применат, тие мора да ги насочат вработените да побараат заштита и помош од страна на Бирото.

Програмата за вработување и безбедносна промена е индивидуален план за барање на работа кој е изготвен за да ги подобри недостатоците т.е. да им помогне на оние кои останале без работа да се доквалификуваат или преквалификуваат, со што би стекнале подобри вештини и знаења и полесно би влегле во пазарот на трудот.

Право на бенефит за вработување имаат :

- Оние кои биле вработени најмалку три години кај еден или повеќе работодавачи ;
- Оние кои работеле со привремени работни договори или скратено работно време најмалку пет години кај еден или повеќе работодавачи;

Програмата „ Вработување и безбедносна промена ‘‘ беше успешно воспоставена во Финска и им понуди помош на повеќе од 50 илјади граѓани кои беа прогласени за технолошки вишок или пак на долготрајно невработените. Придобивките од Програмата не беа само паричниот надомест и поголемата сигурност на граѓаните преку средствата од програмата, туку и обуките и можностите кои Бирото им ги понуди на граѓаните со цел побрзо да најдат нови вработувања.

Оваа Програма беше оценета како успешна во Финска .

Се разбира дека мерките од оваа Програма, дадоа далеку подобри резултати во споредба со мерките за привремени вработувања кои ги презеде Летонија.

Според мислењето на голем број аналитичари и експерти, на зголемувањето на вработувањата, во најголема мера влијае самата економска ситуација и самата потреба на пазарот на труд.

Во голема мера, овие ставови се издржани, дека за нови вработувања е потребно најпрво заздравување на економијата и економски раст кој самиот ќе ја создаде потребата од нови вработувања.

Кон оваа теорија беше орентитирана Летонија, каде што се сметаше дека со самата стабилизација и раст на економијата ќе се намали невработеноста. Затоа мерките за нови вработувања беа ориентирани кон привремени вработувања т.е. кон привремено решавање

на проблемот,без дополнителни мерки и средства за дообуки или преквалификација на невработените.

Меѓутоа, се заборава дека самиот економски раст треба да биде поттикнат, а тоа најдобро се прави преку вложување во човековиот потенцијал.

Праксата докажа дека дури и во време на најголеми економски кризи секогаш постојат дефицитарни работни позиции, а од друга страна, најголемиот дел од долговремено невработените луѓе се лица со несоодветни квалификации. Финска го искористи практичниот пример,започна да ги префрлува работниците од сектори кои се во опаѓање кон сектори кои подобро работат,од професии кои се со суфицит од работници, кон професии кои се дефицитарни,преку доквалификација или целосна преквалификација на невработените или на вработените на кои им се заканува опасност да бидат отпуштени од работа и со поттикнување на самовработување.

## 8. Глобалната економска криза во Шпанија

Во 2008 година, Шпанската градежна компанија Мартинса Фадеса (Martinsa-Fadesa) прогласи банкрот откако не успеа да рефинансира долг од 5,1 милијарда евра. Двете банки со најголема изложеност на оваа компанија се Каја Мадрид (Caja Madrid) со 900 милиони евра и Банко Популар Еспањол (Banco Popular Español) со 400 милиони евра. Цените на куќите во Шпанија драстично паднаа за 20 проценти. Сепак, во Кастила ла Манша (Castilla-La Mancha), околу 69 проценти од куќите кои што се изградени во изминатите три години се уште не се продадени. Дојче банк (Deutsche Bank) изјави дека во 2011 година очекува пад од 35 проценти во реалните цени на куќите. Шпанскиот премиер, Хозе Луис Запатеро, ја обвини Европската централна банка за влошување на работите со зголемувањето на каматната стапка. Повеќе од 98 проценти на станбените кредити во Шпанија ја исклучуваат променливата стапка поврзана со Фурибор (Европска меѓубанкарска понудена стапка) која од август 2010 година се зголеми на 145 базични поени. Станбените сметки учествуваат со повеќе од 10 проценти во економијата на Шпанија. Народната шпанска банка е загрижена за здравјето на помалите регионални кредитори со тешка изложеност на хипотекарниот пазар.

Иако Шпанија ја избегна економската криза во првата половина од 2008 година, сепак, невработеноста во земјата се зголеми во текот на 2009-та година достигнувајќи 9,9 проценти. Продажбата на автомобили во Шпанија се намали до 31 процент во мај,а истиот месец се намали и производството на фабриките за 5,5 проценти во 2009-та година. Во

јуни,истата година, Шпанија постигна пад од 7,9 проценти во малопродажбата што е најголемиот пад во споредба со 2008 година откако Шпанија започна регистрирање на резултатите и на седмиот по ред месечен пад. Ова вклучува пад од 17,9 проценти во малопродажбата на добра за домаќинството. Во мај, се намали и продажбата на храна до 6,8 проценти.

Падот на стопанството во Шпанија како една од најмоќните држави во Европската Унија, се должи на крахот на пазарот на недвижности. Растот на цената на недвижностите во Шпанија од 1995 до 2007 година, изнесуваше неверојатни 201 одсто, а во некои делови на Шпанија тој беше и неколкупати повисок. Растот на цената на недвижностите доведе до пораст на кредитната активност, меѓутоа овој тренд се знаеше дека нема да биде одржлив долго време. Така глобалната криза во содејство со останатите фактори, предизвика драстичен пад на недвижностите од 40 одсто, тоа негативно влијаеше во банкарската активност со кредити и воопшто на севкупната стопанска активност во државата. Банкарската криза се појави во 2007-2008 година,а во првата половина на 2010 година настана и должничката криза.

По Грција, Шпанија е втората земја, која и зададе главоболки на ЕУ. Експертите сметаат дека кризата во шпанското стопанство претставува многу поголема опасност за стабилноста на Еврозоната, отколку кризата во Грција. Шпанија и припаѓа на групата ПИГС, земји кои според мислење на финансиските експерти во Европа би можеле да западнат во финансиска криза. ПИГС е кратенка од првите букви на земјите Португалија, Ирска, Грција и Шпанија. Овие држави во моментов се наоѓаат под голем притисок во Еврозоната. Имено, нивните долгови постојано растат, а приходот од даноците се намалува. Итно се неопходни програми за штедење и реформи во социјалните системи на земјите. Колебливата шпанска влада на чело со социјалистичкиот премиер Хозе Запатеро мораше веднаш да почне да штеди.

„Вистинскиот пожар не е Грција, туку Шпанија", изјави неодамна добитникот на Нобеловата награда за економија Паул Кругман на неговиот интернет блог за американскиот весник „Њујорк Тајмс". Во стручното стопанско списание „Фајненшл Тајмс" се потврдува ваквата претпоставка: „Во Шпанија се насира една потенцијално многу поголема драма од онаа во Грција"

(http://topics.nytimes.com/top/opinion/editorialsandoped/oped/columnists/paulkrugman/index.html).

Шпанското задолжување, за разлика од грчкото, се уште нема такви размери, шпанските финансии да мора да бидат ставени под надзор на ЕУ. Но, потенцијалната опасност е многу поголема, затоа што шпанското стопанство е четири и пол пати поголемо од

грчкото. Невработеноста во земјата достигна неверојатен историски рекорд од преку 4 милиони невработени.

Особено голема горчина за социјалистичката влада на Хозе Запатеро предизвика изјавата на еврокомесарот задолжен за еврото Хоакин Алмунија, инаку сопартиец на шпанскиот премиер, кој Шпанија практично ја постави на исто ниво со проблематичните земји како Португалија или Грција. „Овие земји и покрај различните услови и состојби имаат слични проблеми", изјави еврокомесарот Алмунија. „Националните стопанства од воведувањето на еврото постојано ја губат конкурентноста на европскиот пазар. Освен тоа, националните стопанства покажуваат неверојатно голем буџетски дефицит."

Шпанскиот премиер Запатеро смета дека неговата земја неправедно се критикува и се реагира на споредбите за состојбата на Шпанија со онаа на Грција: „Времето ќе покаже дека ваквите обиди кои базираат на шпекулации со цел за краткорочни профити, се потполно неосновани", е ставот на шпанскиот Премиер.

Со цел да се разубедат скептиците во ЕУ, владата под раководство на шпанскиот премиер и претседавач со Советот на Унијата Запатеро поднесе план за штедење и спроведување реформи во Брисел. Со тоа Мадрид сака до 2013 година да заштеди 50 милијарди евра. Освен тоа, таа ќе се обиде дефицитот во буџетот од 11,4 проценти од брутодомашниот производ да го врати на дозволените 3 проценти. Меѓутоа, ваквите намери прерснаа во вистинска бламажа. Шпанската влада мораше да го корегира планот за штедење за само неколку часа откако го предаде во Брисел. Во документот беа наведени кратења кај пензиите, што предизвикаа лавина од реакции кај Шпанците (http://dw-world-de/popups/popup/-lupe/o,,5232052/nd_100 ntml).

Европската унија се соочува со можеби најголемата опасност од нејзиното создавање откако должничката криза на Грција според домино ефектот започна да се шири и во другите држави членки, посебно во Италија која е една од трите економски столбови на заедницата.

На европските финансиски пазари владее паника поради стравувањето кај инвеститорите дека по Грција и Португалија, Италија и Шпанија би можеле да бидат новите жртви на должничката криза.И како што тврдеше еден од најголемите берзански шпекуланти во светот Џорџ Сорос должничката криза ја доведе Европа до работ на економски колапс и дека практично е неизбежно една од погодените земји, во прв ред Грција или можеби Португалија да ја напуштат еврозоната која се соочува со опасност од дезинтеграција. Меѓутоа, на последниот состанок на министрите за финансии на еврозоната на кој била истакната загриженоста за судбината на заедничката валута –еврото било оценето дека идејата за напуштање на еврото од страна на Португалија би била вистинска трагедија.На

тој состанок е констатирано дека Италија после Грција има најголем долг во еврозоната кој изнесува рекордни 120 проценти од бруто домашниот производ, додека Шпанија се соочува со рекордна невработеност од 21,3 проценти со исто така најголемо задолжување од воведувањето на еврото (http://www.press24.mk/story/biznis/shpanija-i-italija-vo-dolzhnichka-kriza).Шпанија, денес се соочува со големи закани во поглед на плаќањето на своите давачки. Честопати во Европската унија се зборува за можен банкрот во Шпанија. Затоа Владата на Шпанија ги презеде низата на непопуларни мерки, со цел да го намали дефицитот од 11% од БДП на 6% од БДП во 2011, за сметка на намалување на платите во јавниот сектор и заострување на фискалната политика и одданочувањето.Шпанија имаше дефицит од 11.1% во 2009 година ,а во 2010 година го намали дефицитот на 9.2%. Зголемувањето на даноците и строгата фискална политика имаше негативен ефект кон граѓаните и нивната социјална положба, особено ако се има предвид дека стапката на невработеност во Шпанија во 2007 година изнесуваше 9%, а во јануари 2011 година 20,4%.Стапката на невработеност во Шпанија е зголемена во првиот квартал на 2011 година на 21,3% т.е. таа се зголеми за еден процентуална стапка за разлика од декември 2010 година кога изнесуваше 20,3%.Моментално во Шпанија има 4,9 милиони луѓе без работа, што е рекордна бројка во Евро-зоната. Притисокот кон Владата е огромен, со цел да се врати на нозе економијата од двегодишната рецесија и да се уверат инвеститорите дека Владата е способна да се справи со големите долгови на државата. Во март месец 2011 година во Шпанија имаше 4.910.200 невработени граѓани, што е за 214.00 невработени повеќе од четвртиот квартал на 2010 година(според податоците на Националниот институт за статистика- INE). Бројот на домаќинствата во којшто никој не е вработен е зголемен на 58.000 домаќинства и изнесува 1,4 милиони луѓе. Институтот за статистика, исто така, укажува дека цените на потрошувачката забележуваат огромен раст, што претставува уште еден голем проблем во продлабочувањето на кризата и растот на сиромаштијата.Стапката на инфлација во април 2011 година порасна за 3,8%, главно како последица на покачувањето на цената на нафтата поради немирите во Северна Африка и Блискиот Исток. Додека економиите во Евро-зоната, пред се Германија, се опоравуваат од глобалната рецесија, Владата на Шпанија прогнозира раст од 1,3% во 2011 година, но Шпанска банка смета дека таа проценка на Владата е премногу оптимистична. Владата очекува зголемено отворање на нови работни места во втората половина на 2011 година,благодарение на туризмот кој учествува со 11% во шпанскиот БДП (http://www.france24.com/en/20110804-eu-commission-chief-bailout-fund-eurozone-crisis-financial-spain-italy-economy).

Табела бр.21 Пазар на трудот –Шпанија во периодот 2002-2009 година

| Година | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активно работоспособно население(15-64 год.) | 66.2 | 67.6 | 68.7 | 69.7 | 70.8 | 71.6 | 72.6 | 73.0 |
| Вработени мажи (15-64 год) | 72.6 | 73.2 | 73.8 | 75.2 | 76.1 | 76.2 | 73.5 | 66.6 |
| Вработени жени (15-64-год) | 44.4 | 46.3 | 48.3 | 51.2 | 53.2 | 54.7 | 54.2 | 52.8 |
| Вработени млади(15-24год) | 34.0 | 34.4 | 35.2 | 38.3 | 39.5 | 39.1 | 36.0 | 28.0 |
| Самовработени вкупно | 15.4 | 15.0 | 14.8 | 14.6 | 14.2 | 13.9 | 13.9 | 13.7 |
| Вработени со скратено работно време-вкупно | 8.0 | 8.2 | 8.7 | 12.4 | 12.0 | 11.8 | 12.0 | 12.8 |
| Вработени со привремени работни договори-вкупно | 31.8 | 31.8 | 32.5 | 33.3 | 34.0 | 31.7 | 29.3 | 25.4 |
| Вкупно вработени (15-64 год.) | 58.5 | 59.8 | 61.1 | 63.3 | 64.8 | 65.6 | 64.3 | 59.8 |
| Вкупно вработени (20-64) | 62.7 | 64.0 | 65.2 | 67.2 | 68.7 | 69.5 | 68.3 | 63.7 |
| Невработени мажи (15+год.) | 8.1 | 8.2 | 8.0 | 7.1 | 6.3 | 6.4 | 10.1 | 17.7 |
| Невработени жени (15 +год.) | 15.7 | 15.3 | 14.3 | 12.2 | 11.6 | 10.9 | 13.0 | 18.4 |
| Невработени млади (15-24 год.) | 24.2 | 24.6 | 23.9 | 19.7 | 17.9 | 18.2 | 24.6 | 37.8 |
| Долго невработени (15-64 год.) | 3.7 | 3.7 | 3.4 | 2.2 | 1.8 | 1.7 | 2.0 | 4.3 |
| Вкупно невработени (15-64 год.) | 11.1 | 11.1 | 10.6 | 9.2 | 8.5 | 8.3 | 11.3 | 18.0 |

Извор : Табела бр. 16, Извор :Governatori,Mateo.,Meyermans,Eric.,Van der Valk,Johan et al: Employment in Europe 2010, page 175, Publication Office of the European Union,Luxembourg,2011.

Во табела бр.21, забележуваме дека процентот на активно население расте во периодот од 2002-2009 година.

Процентот на вработување,исто така, забележува раст секоја година во периодот од 2002-2008 година, кај мажите,жените и младите луѓе,меѓутоа од 2008 година тој започнува да се намалува кај сите групи што резултира со зголемена стапка на невработеност.

Процентот на лица кои што се самовработени и лица кои се со привремени договори постојано опаѓа во периодот од 2002-2009 година.Така процентот на луѓе самовработени во 2002 година изнесувал 15.4%,додека во 2009 година изнесува 13.7%, што претставува намалување за 1.6%, додека разликата кај вработените со привремени договори е намалена за 6.4% за време на тој период и се зголемува само за 0.2% во 2010 година,кога изнесува 25.6%.

Зголемен е само процентот на лица кои работат со скратено работно време;во 2002 година процентот изнесува 8%, а во 2009 година изнесува 12.8% и останува ист во 2010 година.

Во 2009 година, се забележува највисока стапка на невработеност во Шпанија со вкупна невработеност од 18%, а најголема е невработеноста кај младите луѓе која изнесува 37.8%, додека кај мажите е 17.8% и кај жените 18.4%, но и стапката на лица долго невработени е највисока во 2009 година и изнесува 4.3%.

Во декември 2010 година, вкупната стапка на невработеност во Шпанија изнесува 20.4%,додека процентот кај невработени млади луѓе се искачува на 40%,кај мажите на 19.5% и кај жените на 20.1%.

Во април 2011 година, стапката на невработеност кај младите изнесува 44.4%,кај мажите 20.1% и кај жените 21.5,додека вкупната невработеност изнесува 20.7%, а во мај месец се искачува на 20.9%.

Во намалување на невработеноста би можеле да помогнат зголемувањата на самовработувањата, но во Шпанија овие вработувања бележат постојани опаѓања во текот на годините и она што е најважно е дека нивната најниска стапка се забележува токму во време на најголемиот замав на глобалната економска криза во 2009 година, кога напротив е потребно зголемување на бројот на ваквите вработувања.

По се изгледа, во Шпанија бројот на луѓето кои директно ги изгубија своите работни места беше огромен, последиците ќе беа далеку помали доколку во време на смалено

производство и економска криза, наместо зголемување на невработеноста, се применеше методот на зголемување на работните позиции со скратено работно време и привремени договори и поттикнување на самовработувањето. Иако, стапката на вработувањата со скратени работни часови е најголема во 2009 година, сепак во време на смалено производство, раст на цени и голема рецесија, овие вработувања не доживејаа експанзија како што тоа се случи во некои други европски држави (Германија,Холандија итн.),што се одрази директно во зголемување на бројот на невработени лица.

Во табела бр.13, забележуваме дека процентот на лица кои живеат под закана од сиромаштија е многу голем и изнесува 19.5%, но е намален во споредба со периодот од 2005-2008 година, кога изнесувал 19.7% и 19.6%, што претставува многу мал пад (иако се уште нема официјални податоци се смета дека овој процент до крајот на 2011 би можел да достигне 23%). Процентот на луѓе кои живеат во социјално исклучени групи (табела 15), кој во крајот на 2010 година изнесува 7,6%,е понизок од просекот на ЕУ-27, што ја поставува Шпанија во подобра позиција во однос на многу други европски држави, а процентот на лица кои живеат во материјална депривација се издигнува на 3.8% во 2010 година, но и овој процент во споредба со европскиот од 9% е далеку понизок и кај оваа група Шпанија покажува добри резултати и се вбројува меѓу првите држави во Европската унија со најмал процент заедно со Луксембург, Шведска,Данска,Финска и Холандија.Меѓутоа, доколку ситуацијата во Шпанија не биде набрзо подобрена, се очекува висок пораст на бројот на граѓани кај сите групи во социјалната ексклузија, која до сега покажуваше добри резултати, со исклучок на групата на луѓе кои се под ризик од сиромаштија.

Во табела бр.22, забележуваме процентуалниот раст на БДП во Шпанија е највисок во 2000-та година со 5%,потоа до 2008 забележува циклични промени,додека во 2008 година нагло паѓа на стапка од 0.9%, во 2009 година стапката е најниска -3.6%,а во првиот квартал од 2011 имаме повторен раст од 0.8%,што може да претставува позитивен знак во нормализирање на економијата во оваа држава.

Стапката на продуктивност на труд и продуктивност по обработен час, бележи позитивен раст во периодот 2000-2011, а најголеми стапки се забележуваат токму во периодот на економската криза од 2009 година па наваму. Тоа се должи на намалувањето на бројот на работната сила, со што поголема работа им се префрла на останатите вработени работници. Стапката на номинални и вистински трошоци за работна сила е најголема во 2007 и 2008 година,а потоа нагло опаѓа.

Табела бр.22 Годишен процентуален раст во Шпанија во периодот 2000-2011 година

| Година | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| БДП | 5.0 | 3.6 | 2.7 | 3.1 | 3.3 | 3.6 | 4.0 | 3.6 | 0.9 | -3.6 | -0.4 | 0.8 |
| Вработеност | 5.1 | 3.2 | 2.4 | 3.1 | 3.5 | 4.1 | 3.9 | 3.0 | -0.6 | -6.7 | -2.5 | -0.1 |
| Продуктивност на трудот | 0.0 | 0.5 | 0.3 | 0.0 | -0.3 | -0.5 | 0.1 | 0.5 | 1.5 | 3.2 | 2.7 | 0.9 |
| Просечни работни часови | -0.1 | -0.2 | -0.3 | -0.9 | -0.9 | -1.3 | -0.7 | -1.2 | 0.7 | -1.7 | -0.4 | -0.4 |
| Продуктивност по обработен час | 0.1 | 0.7 | 0.6 | 0.9 | 0.7 | 0.8 | 0.8 | 1.7 | 0.8 | 5.0 | 2.5 | 1.3 |
| Номинални трошоци | 2.8 | 3.2 | 3.1 | 2.8 | 2.5 | 3.3 | 3.2 | 3.7 | 4.4 | 0.3 | -1.0 | 0.3 |
| Вистински трошоци за работна сила | -1.0 | -1.2 | -1.2 | -1.3 | -1.5 | -0.9 | -0.9 | 0.5 | 1.8 | 0.1 | -1.3 | -0.7 |

Извор : Табела бр. 16, Извор :Governatori, Mateo.,Meyermans,Eric.,Van der Valk,Johan et al: Employment in Europe 2010, page 160-Publication Office of the European Union, Luxembourg,2011.

Државниот дефицит на Шпанија во 2010 година изнесува 9.2% од БДП, додека јавниот долг 60.1% од БДП(табела 15), со што Шпанија се уште не е држава која е премногу задолжена, но има голем проблем со високата стапка на невработеност.

## 8.1.1 Мерките што ги презеде Шпанија за намалување на невработеноста

Шпанскиот државен фонд за локални инвестиции е нов јавен инвестициски фонд под планот на шпанската Влада, во насока на економијата и стимулациското вработување, создаден во ноември 2008 година, исто така, познат како „ План Е " . Во него беа вметнати осум милијарди евра со цел да бидат обезбедени 400 000 нови вработувања, вклучувајќи 280 000 директни вработувања. Фондот е воден од Министерството за јавен

сервис, надгледуван од ИГАЕ (Орган одговорен за внатрешна економија и финансискиот сектор на Шпанија). Фондот финансира јавни работи и инвестиции, а во креирањето на вработувањата учество земаат локалните корпорации со цел да се даде брзо поттикнување на економијата и невработеноста т.е. зголемување на вработувањето. Овој проект ги инволвира градежниот сектор, плановите кои влијаат во подобрување на животната околина, реновирање на културните и историските наследства и развивање на туризмот.

Финансиските проекти вклучуваат работи планирани од страна на општините кои требаат набрзо да се реализираат, но тие мораа да започнат во периодот помеѓу 11 јануари и 13 април 2009 година. Проектите мораа да бидат со максимална цена(трошоци) од милион евра од проект, финансирани целосно од Фондот.

Проектите мораа да бидат насочени кон следниве области :

- Реновирање и подобрување на јавната урбана околина, како и развој во индустрискиот сектор и индустриските области;
- Развој на инфраструктурата (патната и возната мрежа);
- Развој на телекомуникациските врски и технологии
- Јавното осветлување
- Конструкција и реновирање на социјални, здравствени, образовни, културни и спортски институции (домови/објекти);
- Зголемување на енергетската ефикасност
- Намалување на воздушното загадување
- Конструкција и подобрување на водоснабдувачката мрежа и одводната мрежа;
- Зачувување на историските и културните споменици;
- Подобрување на противпожарните услуги
- Зголемена промоција на туризмот

Во 2009 година беа изработени 30772 проекти од 8108 општини, но беа прифатени 30176 проекти. Инвестирањето во овие проекти изнесуваше приближно околу осум милијарди евра, а беа опфатени 7944 општини. Овие проекти овозможија да се одржи или зголеми

економската активност во овие општини и над 14 илјади компании беа вклучени во тој процес со што се создадоа 421 732 нови работни места.

Следната година беше создаден новиот државен Фонд за вработување и локална одржливост, кој е создаден со цел да се трансформира шпанската економија и да се промовира одржлива економија која ќе овозможува отворање на можности за нови вработувања.

На Фондот му беа доделени 5 милијарди евра, со цел да се поттикнат големите и средните фирми да инвестираат во : еколошко-технолошки одржливи проекти. Дел од финансиите беа предвидени да се доделат на фирмите кои што ќе вработат: луѓе од ранливите и социјално исклучени групи,луѓе со посебни потреби и долготрајно невработените и сиромашни граѓани.

Овие проекти требаше да дадат брзо временски резултати, но и резултати одржливи на долгорочен план.

Меѓутоа, стратегијата од голем број експерти беше оценета како неуспешна и премногу скапа.Голем број од финансиските средства заврши во финансирање на некапитални проекти. Преднос им се даде на реновирањето и уредувањето на јавната и урбана средина, јавното осветлување,реновирањето на социјалните,здравствените,образовните и спортските домови,подобрувањето на противпожарните услуги, заштитата на културно-историските споменици ,промената на водоводната мрежа и проектите за намалување на воздушното загадување.

Вложување на средства во вакви проекти, не дава големи резултати во зголемување на вработувањето. Зголемување на вработувањата се можни доколку се ивестира во производствениот сектор, енергетиката, информациските и комуникациските технологии, давањето на услуги, поттикнувањето на самовработувањата и вложување во човековиот капитал т.е знаењето

Еколошко-технолошкиот развој на стопанството, инфраструктурниот развој,развој на телекомуникациските врски и технологии,подобрувањето на енергетската ефикасност (вклучувајќи ги и обновливите извори на енергија) и зголемена промоција на туризмот,овие проекти беа одобрени во многу помал број од горе наведените.

Беа одобрени повеќе од 13 милијарди евра за финансирање на овие проекти, кои требаше да претставуваат економска инјекција на шпанското стопанство и економија, да го поттикнат растот и развојот и да ја намалат невработеноста во државата.

Од проектите т.е. финансиските средства на крајот профитираа само поединци, тоа беа големите градежни компании во Шпанија, кои ги добија тендерите за изградба и

реновирање на установи од јавен карактер,заштита и возобновување на култуно-историски споменици и обнова на водоводната мрежа.

Во периодот додека се вршеа овие активности беа вработени повеќе од 420 илјади работници, но тие беа сезонски вработени и најголемиот дел од нив по завршувањето на градежните проекти, повторно останаа невработени.

Финансиските средства не се вложија разумно (поголемиот дел од средствата), мал дел од финансиите завршија во развој и закрепнување на стопанството, во технолошки, комуникациски, информатичи развој, за земјоделството воопшто не беа доделени финансиски средства (бидејќи за финансирање на земјоделството веќе постојат соодветни фондови во Европската Унија), исто така, самовработувањето не беше опфатено во овие проекти, ниту пак- доквалификација или преквалификација на работната сила.

Може да се заклучи дека мерките кои ги презеде Шпанија за да се намали невработеноста дадоа само привремени резултати, но проблемот не го решија на долготраен план, исто така за овие мерки беа доделени огромни средства,кои не смееја да завршат во финансирање на проекти кои не допринесуваат за отворање на нови работни места во иднина. Последиците од неразумното користење на овие средствата и немањето на правилно насочена политика на вработување во Шпанија, денеска ја плаќаат нејзините граѓани преку новите задолжувања на државата и огромната бројка на невработени луѓе.

## 9. Глобалната економска криза во Германија

Германија ја презема улогата на европска локомотива на конјунктурата на патот кон излез од стопанската и финансиска криза. Како им успеа ова на Германците и ќе продолжи ли таквиот тренд и во иднина, прашува германскиот медиум „Дојче веле“.

''Германците не се познати како нација на оптимисти - тие по правило со одредена скепса гледаат на постигнатото и постојано се прашуваат дали тоа ќе опстои. Но, во моментов се` е поинаку; канцеларот, политичари од опозицијата или сојузниот министер за стопанство, сеедно, сите се задоволни''- се вели во написот на германското радио „Дојче веле“.

- „Германија економски стана пример за углед ''- вели министерот за стопанство Рајнер Бридерле.

Канцеларката Ангела Меркел најави стапка на пораст од 2 процента во 2011 година.

- „Во Германија имаме подем кој ги надмина сите очекувања на таканаречените експерти''-- коментира социјалдемократскиот парламентарец Гералд Дуин, а водачот на опозициските социјалдемократи, Франк-Валтер Штајнмајер, вели дека се радува зашто низ кризата поминале подобро отколку другите( http://www.dw-world.de/dw/article/0,,15237756,00.html)

Но, и покрај радоста, Германците не би биле Германци ако не би анализирале попрецизно- како успеа Сојузната Република толку добро да мине низ кризата?

- „Тука е, од една страна, иновативното стопанство со силно индустриско јадро. Тука се динамичниот среден сталеж, високоспособните работници, како и социјалното партнерство од доверба. Тоа е она што може да го означиме како оживотворено социјално пазарно стопанство, кое, инаку, во останатиот дел од светот честопати по малку беше и исмевано. Сега, по кризата, многу земји од светот ни завидуваат токму поради тоа'' - изјави Меркел (http://kurir.mk/svet/biznis/).

1)Инструментот наречен скратена работа

Забележливо добра беше поврзаноста на работодавачите и работниците во време на економската криза. Тоа го овозможи и сојузната Влада со решението да го продолжи на максимално 24 месеци користењето на инструментот наречен скратена работа. Во тој период вработените привремено не одат на работа, но не добиваат отказ, а примаат намалена плата, од која еден дел покрива Сојузната агенција за вработување, а другиот го плаќа претпријатието.

За претпријатијата овој инструмент, како алтернатива за отпуштање од работа, е погоден само под одредени околности, објаснува Михаел Хитер, директор на Институтот на германското стопанство. Тој истакна: „Германија ја доживеа кризата на индустријата, каде што падот беше многу голем, како пауза во порастот, оти само таквата процена - за пауза во порастот, а не за структурен слом, објаснува зошто претпријатијата се определија за премостување со мерката за скратена работа. Инаку, скратената работа е поврзана со енормни трошоци, дури и при целосно растоварување од социјалните придонеси. Седум евра за работен час за металната и електроиндустријата значеа севкупни трошоци од 3 милијарди евра. Тоа има смисла само кај оправдани очекувања дека е на повидок период на подем'' - вели тој.

2)Оптимизам на претпријатијата

Оптимизмот веројатно се должи на сознанието дека германското стопанство во изминатите години повторно стана значително поконкурентно. Беа спроведени генерални реформи на пазарот на работна сила и во социјалните системи, кои почнаа со Агендата 2010 на поранешната влада на социјалдемократите и Зелените на канцеларот Герхард Шредер, и беа забележливи уште пред кризата. Се разбира, битно е и дека германските производи и натаму се барани низ светот.

Но, пред и за време на кризата, и по неа, решавачка беше и извозната ориентација, смета Волфганг Франц, претседавач на Советот на експертите за анализа на севкупниот економски развој.

-„ Извозната ориентација е објаснување за обете работи - големиот пад и наглиот пораст на конјунктурниот развој во Германија. Со оглед на прогнозите за недостиг од стручни сили, пак, објаснение зошто изостана поизразит бран на отпуштања е високиот удел на стручни сили во извозно ориентираните бранши'' - вели Франц.

3)Какви се изгледите за во иднина

Може ли извозната ориентација и во иднина да го носи конјунктурниот развој? Мора ли да се смета на нов пад, со оглед на проблемите кај европските соседи, кои се и најдобрите клиенти на германските претпријатија - сценарио на кое предупредуваат експерти? Се чини дека и тука Германија е на вистинскиот пат. Во последните месеци значително заживеа приватната побарувачка внатре во земјата. Германците се расположени да купуваат, бидејќи се` повеќе луѓе имаат работа, а со тоа и пари. Во октомври Сојузната агенција за вработување објави дека бројката на невработени падна под 3 милиони.

-„ Порастот на вработеноста, според наша процена, станува се` постабилен и поширок. Ова, пред се`, се однесува на здравствениот и на социјалниот систем, скратената работа, градежничкиот сектор, кој честопати е индикатор за економско закрепнување. Вработеноста расте и во трговијата, сообраќајот и логистиката, како и во угостителството'' - вели шефот на Сојузната агенција за вработување, Франк-Јирген Визе.

Во браншите во кои бизнисот оди добро, се навестуваат и повисоки плати. Позначаен скок е на место, смета и сојузниот министер за стопанство Рајнер Бридерле, кој досега не беше познат по залагање за социјалната компонента.

(http://www.dnevnik.com.mk/default.asp?ItemID=B17C09C8B85725428B2476D69506FB25).

Во табела бр.23 забележуваме дека во периодот од 2002-2009 година бројот на работоспособното население во Германија е во постојан пораст.

Најголема стапка на вработени мажи,жени и деца се забележува во периодот од 2007-2009 година.

Стапката на самовработени лица бележи благ раст во периодот 2002-2009 година и е највисок во 2009 година со 11%.

Стапката на вработени со скратено работно време е највисока во 2009 година со 26.1%

Стапката на вработени со привремени договори е најголема во 2008 година со 14.8%.

Стапката на невработеност кај сите групи (мажи,жени,млади,долго време невработени и вкупно невработени) е највисока во 2005 година , но и во периодот од 2004-2006 година, додека од 2007 година стапките се намалуваат.

Табела 23: Пазар на труд во Германија во периодот 2002-2009 година

| Година | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активно работоспособно население(15-64 год.) | 71.7 | 72.1 | 72.6 | 74.3 | 75.3 | 76.0 | 76.5 | 76.9 |
| Вработени мажи(15-64 год) | 71.8 | 70.9 | 70.8 | 71.3 | 72.8 | 74.7 | 75.9 | 75.6 |
| Вработени жени(15-64-год) | 58.9 | 58.9 | 59.2 | 60.6 | 62.2 | 64.0 | 65.4 | 66.2 |
| Вработени млади(15-24год) | 45.7 | 44.2 | 41.9 | 42.2 | 43.4 | 45.3 | 46.9 | 46.2 |
| Самовработени вкупно | 10.2 | 10.5 | 10.9 | 11.2 | 11.2 | 11.2 | 11.0 | 11.0 |
| Вработени со скратено | 20.8 | 21.7 | 22.3 | 24.0 | 25.8 | 26.0 | 25.9 | 26.1 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| работно време-вкупно | | | | | | | | |
| Вработени со привремени работни договори-вкупно | 12.0 | 12.2 | 12.4 | 14.1 | 14.5 | 14.6 | 14.7 | 14.5 |
| Вкупно вработени (15-64 год.) | 65.4 | 65.0 | 65.0 | 66.0 | 67.5 | 69.4 | 70.7 | 70.9 |
| Вкупно вработени (20-64) | 68.8 | 68.4 | 68.8 | 69.9 | 71.6 | 73.4 | 74.6 | 74.8 |
| Невработени мажи (15+год.) | 8.8 | 9.8 | 10.3 | 11.2 | 10.2 | 8.5 | 7.4 | 8.0 |
| Невработени жени (15 +год.) | 7.9 | 8.7 | 9.1 | 10.1 | 9.5 | 8.3 | 7.2 | 6.9 |
| Невработени млади (15-24 год.) | 9.1 | 9.8 | 11.9 | 14.2 | 12.8 | 11.1 | 9.9 | 10.4 |
| Долго невработени (15-64 год.) | 4.1 | 4.7 | 5.7 | 6.0 | 5.7 | 4.8 | 3.9 | 3.6 |
| Вкупно невработени (15-64 год.) | 8.4 | 9.3 | 9.8 | 10.7 | 9.8 | 8.4 | 7.3 | 7.5 |

Извор :Governatori,Mateo.,Meyermans,Eric.,Van der Valk,Johan et al: Employment in Europe 2010,page 171-Publication Office of the European Union,Luxembourg,2011.

Стапката на вкупна невработеност во 2008 година изнесува 7.3%, додека во 2009 година 7.5%, споредено со 8.9% -стапка на невработеност во 2009 година на ниво на ЕУ-27.

Во последниот квартал од 2010 година стапката на невработеност изнесува : 6.8% кај мажи, 6.2% кај жени, 3.2% кај долговремено невработените и 6.7% вкупно невработени.

Во периодот од јануари до април 2011, стапката на вкупната невработеност се намалува за 0.1% секој месец, па така во јануари изнесува 6.4%, а во април 6.1%.

Вкупната невработеност од 6.1% на Германија во споредба со 9.4% невработеност на ниво ЕУ-27, е добра позиција за Германија.

Во апрлил 2011 година, процентот на невработени мажи е 6.5%, на невработени жени 5.7% и на млади 7.9%.

Земајќи ги предвид другите социјални индикатори, кај луѓето кои се под ризик од сиромаштија постои висока процентуална стапка од 15.5%, помал од процентот на ЕУ-27, кој изнесува 16.3%, но сепак треба да се следи примерот на подобрите, па споредено со Холандија каде што стапката изнесува 11.1%; Германија треба да вложи напори за намалување на овој процент. Меѓутоа, германската економија беше повеќе погодена од холандската, имајќи го тоа предвид и знаејќи дека со мерките за вработување, бројот на луѓе со скратено работно време е значително зголемен, станува јасно зашто е и процентуалната стапка е повисока(табела број 13).

Процентот е голем и кај луѓето што живеат во социјално исклучени групи и е повисок од процентот на ЕУ-27, иако процентот се намалува од 2006 година од 13.5% на 10.8% во 2009, сепак овој процент се уште треба значително да се намалува.

Процентот на луѓе што живеат во материјална депривација е во постојан раст од 2005 година и тој изнесува 5.4% во 2009-та година, што е понизок процент во споредба со просекот на ЕУ-27, кој изнесува 8.1%, но речиси двојно повисок од сите Скандинавски земји, Холандија, Луксембург, Малта и Австрија, кои ги покажуваат најдобрите резултати кај оваа група.

Се очекува со економскиот раст и развој и брзото закрепнување на германската економија, повеќе внимание да им се посвети на овие групи и нивната бројка да се сведе на минимум во идните година и на тој начин Германија да покаже дека во неа, нема простор за сиромаштија и социјална ексклузија[20].

Во табела бр.24, забележуваме дека растот на БДП е највисок во 2000 година со 3.2%, а најнизок во 2009 со -4.9%, во 2010 година БДП повторно бележи раст на 1.2% и во првиот

[20] Социјалната ексклузија во себе ги вбројува сите ранливи групи во општеството, кои се поделени во три групи : лица кои живеат под ризик од сиромаштија, лица кои живеат во материјална депривација и лица кои живеат во социјално исклучени групи.

квартал од 2011 година со 1.6%. Предвидувањата се дека во последниот квартал од 2011 година, германскиот БДП може да го надмине растот од 2%, што би било едно успешно заздравување на германската економија.

Продуктивноста на трудот е најголема во 2006 година, а опаѓа минимално во 2008 и 2009 година, за во 2010 и 2011 година повторно да бележи раст.

Просечните работни часови најмногу опаѓаат во 2009 година,а продуктивноста по обработен час е најниска во 2008 година, а најголема во 2000 година.

Стапката на номинални и вистински трошоци за работна сила е највисока во 2009 година, а во 2010 и 2011 година, забележува нагло опаѓање.

Табела 24: Годишен процентуален раст во Германија во периодот 2000-2011 година

| Година | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| БДП | 3.2 | 1.2 | 0.0 | -0.2 | 1.2 | 0.8 | 3.2 | 2.5 | 1.3 | -4.9 | 1.2 | 1.6 |
| Вработеност | 1.9 | 0.4 | -0.6 | -0.9 | 0.4 | -0.1 | 0.6 | 1.7 | 1.4 | 0.0 | -0.3 | -0.1 |
| Продуктивност на трудот | 1.3 | 0.8 | 0.6 | 0.7 | 0.8 | 0.9 | 2.5 | 0.8 | -0.1 | -4.9 | 1.6 | 1.7 |
| Просечни работни часови | -1.3 | -1.0 | -0.9 | -0.4 | 0.2 | -0.5 | -0.3 | 0.1 | -0.1 | -2.8 | 0.8 | 0.2 |
| Продуктивност по обработен час | 2.6 | 1.8 | 1.5 | 1.2 | 0.6 | 1.4 | 2.9 | 0.7 | 0.0 | 2.2 | 0.7 | 1.6 |
| Номинални трошоци | 0.6 | 0.8 | 0.8 | 0.8 | -0.4 | -1.0 | -1.5 | 0.2 | 2.2 | 5.1 | -0.9 | -0.7 |
| Вистински трошоци за работна сила | 1.3 | -0.4 | -0.6 | -0.3 | -1.4 | -1.6 | -2.0 | -1.7 | 0.7 | 3.5 | -1.1 | -1.5 |

Извор :Governatori,Mateo.,Meyermans,Eric.,Van der Valk,Johan et al: Employment in Europe 2010,page 159-Publication Office of the European Union,Luxembourg,2011.

Во табела бр.9, забележуваме дека германскиот дефицит во 2009 година е во согласност со барањето на ЕУ, за државен дефицит не поголем од 3% од БДП,а во 2010 година дефицитот изнесува 3.3% од БДП, што редок пример- како држава која покажа грижлива

политика за дефицитот, на пример холандскиот дефицит во 2010 годена е 5.4% од БДП, британскиот 10.4%, а француският 7%, додека најмалиот дефицит во 2010 година го има Шведскса со 0% и Естонија со 0.1%. Државните расходи се поголеми од државните приходи во 2009 и 2010 година,а исто така јавниот долг е најголем во 2010 година и изнесува 83.2%. Германија очекува намалување на јавниот долг во наредните години преку пораст на економијата и производството т.е. раст на БДП.

## 9.1.Мерките кои ги презеде Германија за намалување на невработеноста

Германија ја воведе проект-програмата „ паричен надомест за привремени и краткорочни вработувања " . Преку оваа програма Владата овозможува помош и поддршка на одредени компании да ги задржат своите вработени од отпуштања, на одреден период. Позадината на оваа идеја е работодавачите да ги задржат своите вработени, дури и доколку има зголемен пад на производството или услугите, сепак целта е вработените да не бидат отпуштени, туку да бидат задржани на работа преку посебни мерки, како што се намалување на работни часови, намалување на придонеси итн, но да не бидат отстранети од пазарот на трудот. Позадината на оваа идеја во Германија беше дека повторно економијата ќе закрепне, а со самото закрепнување ќе се нормализираат и условите и можностите за работа, па оние вработени на кои што им се намалени работните часови и приходите, повторно во иднина ќе им бидат нормализираат истите, но најважно е тие да останат во тие тешки времиња активни на пазарот на трудот.
Владата реши преку оваа програма да ги компензира за овие вработени, отприлика 2/3 од нивната нето заработувачка, т.е да учествува со 67% кај вработените со деца и 60% кај оние без деца, но и да ги покрие сите давачки за социјалното осигурување.
Работодавачот сепак мора да ги плати платите кои се даваат за време на празници, платено отсуство и болничко отсуство. Од јануари 2009 година германската Влада воведе четири нови промени во оваа програма како одговор на влошување на ситуацијата на пазарот на трудот поради случувањата т.е. последиците од глобалната економска криза, тие промени беа :

- Полесни критериуми за компаниите под оваа програма, што значи дека наместо да докажуваат работодавачите дека 1/3 од нивните вработени се соочени со намалување на платите од 10% или повеќе, како последица од пад на побарувачката, сега работодавачите мораат да укажат дека нивните вработени се сериозно погодени од новонастанатата ситуација.
- Зголемување на периодот каде што вработените ќе добиваат паричен надомест за краткотрајна работа во период од 6 до 24 месеци, наместо стариот период кој

износуваше од 6-18 месеци.

- На компаниите им се плаќа 50% од придонесите за социјално осигурување во однос на вработените кои примаат надоместоци за краткотрајна работа во првите 6 месеци и 100% покривање на социјалните давачки после 6 месеци, но постои можност 100% да бидат покриени социјалните давачки за ваквите вработени уште од самиот почеток, доколку компаниите им овозможуваат на вработените дополнителни обуки.
- Се нуди екстра финансиска помош и поддршка на компаниите кои нудат на нивните вработени можности за обука во период кога тие работат со скратено работно време.

  Поддршката варира во зависност од обуките. Од целосно покривање на обуката(финансиски) што се води за признаена, но кај оние вработени што немале такви квалификации и покривање на дел од трошоците помеѓу 25% до 48% за обука т.е. дообука за оние кои што се со одредени квалификации.

  Успешната експанзија на оваа програма зависеше од јакото конструктивно партнерство помеѓу вработените, работодавците т.е. компаниите и Владата.

До јуни 2009 година, оваа програма поддржуваше 1,4 милиони вработени во 64 илјади компании во Германија. Независни експерти сугерираа дека во Германија невработеноста би била во многу поголеми размери доколку не се воведела оваа програма, така на пример 1,4 милиони вработени кои биле опфатени од оваа програма сигурно би останале без работа, но и новите 270 000 нови вработувања кои биле опфатени со програмата во 2009 година и почетокот на 2010 година.

Најважно беше што оваа програма ги опфати сите фирми и компании во Германија, од најголемите компании во производството се до малите локални продавници .

Германија воведе успешни мерки за нови вработувања кои дадоа позитивни резултати и овие мерки предизвикаа голем интерес кај работодавачите и граѓаните кои се во опасност да ги загубат своите работни позиции поради падот на производството во тие сектори, но и кај граѓаните кои веќе останале без работа.

Поучена од претходните искуства и претходни економски кризи, знаејќи дека лицата кои се невработени многу потешко се активираат во пазарот на трудот и претставуваат голем проблем на државата, Германија им даде предност на вработувањата со скратено работно време во замена за целосно губење на работните места на голем број граѓани.Оние лица кои работат со скратено работно време, со економскиот раст и зголемувањето на производството ќе им биде повторно зголемено работното време, а со тоа и приходите.

Германија, исто така, вложи во овој период многу во човековиот капитал-знаењето, преку финансирање на обуки, дообуки и преквалификации за граѓаните, со што создаде работна сила со поголеми вештини и знаења и поконкурентна работна сила на пазарот на трудот.

Германија најголемата стапка на невработеност ја имаше во 2005 година од 10.7% за разлика од ЕУ со 8.9% и целиот период од 2003-2006 година стапката на невработеност

беше висока и го надминуваше просекот на ЕУ. Веќе од 2007 година стапката на невработеност почна да се намалува и таа се намалуваше во континуитет се до ден денес т.е до 2011 година, со што всушност можеме да заклучиме дека најголемата невработеност Германија не ја имаше за време на глобалната економска криза (2007-2010 година), туку во периодот од 2003-2006 година, иако во периодот на глобалната криза државниот долг на Германија е висок, сепак Германија предвидува неколкукратно намалување на долгот во наредниве години, но она што е најважно е дека во време на глобалната економска криза, Германија не ги следеше тековите на повеќето држави, туку текот во Германија беше обратен, во време на криза, стапката на невработеност да доживее намалување.

## 10. Глобалната економска криза во Холандија

Глобалната економска криза имаше влијание и во Холандија, како и во сите земји-членки на Европската Унија, но невработеноста во Холандија сепак остана на едно многу ниско ниво и Холандија остана земја со најмала стапка на невработеност во ЕУ (заедно со Луксембург,Кипар и Австрија). Во табела број 25, забележуваме дека бројот на активно население во Холандија е во постојан раст во периодот 2002-2009 година.

Стапката на вработени мажи е најголема во 2008 година и изнесува 83.2%, додека во 2009 година се намалува на 82.4%.

Стапката на вработеност кај жените е најголема во 2009 година и изнесува 71.5%.

Стапката на вработеност кај младите луѓе е најголема во 2002 година со 70%, па во 2008 година со 69.3%, а во 2009 година се намалува на 68%.

Стапката на самовработени луѓе варира од 35% па нагоре, додека се намалува само во 2009 година на 34%, што е позитивен знак во споредба со процентот на самовработени граѓани на ниво на ЕУ, кој изнесува 15.5% во 2009 година.

Стапката на вработени со скратено работно време е најголема во 2009 година и изнесува 48.3%, што е речиси трипати повисоко од просекот на вработени со скратено работно време на ниво на ЕУ, што изнесува 18.8% во 2009 година.

Табела 25 Пазар на труд во Холандија во периодот 2002-2009 година

| Година | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активно работоспособно население (15-64 год.) | 76.9 | 77.4 | 78.5 | 79.3 | 79.7 | 80.1 | 80.2 | 80.5 |
| Вработени мажи(15-64 год) | 82.4 | 81.1 | 80.2 | 79.9 | 80.9 | 82.2 | 83.2 | 82.4 |
| Вработени жени(15-64-год) | 66.2 | 66.0 | 65.8 | 66.4 | 67.7 | 69.6 | 71.1 | 71.5 |
| Вработени млади(15-24год) | 70.0 | 68.3 | 65.9 | 65.2 | 66.2 | 68.4 | 69.3 | 68.0 |
| Самовработени вкупно | 13.5 | 13.5 | 13.7 | 13.9 | 13.9 | 13.7 | 13.5 | 13.4 |
| Вработени со скратено работно време-вкупно | 43.9 | 45.0 | 45.5 | 46.1 | 46.2 | 46.8 | 47.3 | 48.3 |
| Вработени со привремени работни договори-вкупно | 14.4 | 14.5 | 14.8 | 15.5 | 16.6 | 18.1 | 18.1 | 18.2 |
| Вкупно вработени (15-64 год.) | 74.4 | 73.6 | 73.7 | 73.2 | 74.3 | 76.0 | 77.2 | 77.0 |
| Вкупно вработени (20-64) | 75.8 | 75.2 | 74.9 | 75.1 | 76.3 | 77.8 | 78.9 | 78.8 |
| Невработени мажи (15+год.) | 2.5 | 3.5 | 4.3 | 4.5 | 3.5 | 2.8 | 2.5 | 3.4 |
| Невработени жени (15 +год.) | 3.1 | 3.9 | 4.8 | 5.1 | 4.4 | 3.6 | 3.0 | 3.5 |
| Невработени млади (15-24 год.) | 5.0 | 6.3 | 8.0 | 8.2 | 6.6 | 5.9 | 5.3 | 6.6 |
| Долго невработени (15-64 год.) | 0.1 | 1.0 | 1.8 | 1.9 | 1.7 | 1.3 | 1.0 | 0.8 |
| Вкупно невработени (15-64 год.) | 2.8 | 3.7 | 4.6 | 4.7 | 3.7 | 3.2 | 2.8 | 3.4 |

Извор :Извор :Governatori,Mateo.,Meyermans,Eric.,Van der Valk,Johan et al: Employment in Europe 2010,page 184-Publication Office of the European Union,Luxembourg,2011.

Стапката на вработени со привемени договори за работа, исто така, е најголема во 2009 година со 18.2%, што е двапати повисоко од просекот на ЕУ со ваквите вработувања, чиј процент изнесува 14% во 2008 година и 13.5% во 2009 година.

Овие податоци укажуваат дека вработувањата со скаратено работно време и привремени договори за работа бележат континуиран раст од 2002 година па наваму.

Во 2004 и 2005 година се најголемите стапки на невработеност кај сите групи, така тие изнесуваат : кај мажите 4.3% и 4.5%; кај жените 4.8% и 5.1%; кај младите 8% и 8.2%; кај долговреме невработените 1.8% и 1.9% и вкупната невработеност е 4.6 и 4.7%

На нивото на ЕУ, каде стапката на невработеност во 2004 и 2005 изнесува : кај мажите 8.5% и 8.3%; кај жените 9.8% и 9.6%,кај младите 18.5% и 18.3%, ; долго невработените 4.2% и вкупна невработеност од 9.1% и 8.9%.

Стапката на невработеност во Холандија е речиси давапати помала во споредба со просекот на невработеноста на ниво на Европската унија, а најголемата разлика се забележува кај долговремено невработените.

Во последниот квартал од 2010 година, стапката невработените на ниво на ЕУ-27 изнесува : 4% кај долго невработените и 9.5% вкупно невработени, додека во Холандија, 1.3% се долго невработени и вкупно невработени 4.4%.

Во март и април месец невработеноста во Холандија изнесува : 4.3% и 4.4% кај мажите, 4.1% и 3.9% кај жените и вкупната невработеност е 4.3%, во споредба со просекот на ЕУ, што е 9.4% и 9.3% кај мажите, 9.6% и 9.5% кај жените и вкупна невработеност од 9.5% и 9.4%.Повторно во Холандија стапката е за повеќе од двапати помала во споредба со просекот на Европската унија, додека најголемата разлика се забележува во процентот на невработеност кај младите луѓе, што во март и април месец во Холандија изнесува 6.9%, споредено со стапката на Европската унија од 20.5% и 20.3%.

Во табела бр 13 се прикажани луѓето што живеат под ризик од сиромаштија,тој процент е најголем во 2009 година со 11.1%, меѓутоа споредено со просекот на ЕУ-27 е далеку понизок, кој истата година изнесува 16.3%.

Процентот на луѓе кои живеат во материјална деприваација(табела 14) е најнизок во 2009 година и изнесува 1.5%, што е далеку помала стапка во споредба со просекот на ЕУ-27, кој истата година изнесува 8.1%.

Процентот на луѓе што живеат во социјално исклучени групи изнесува 8.3% во 2009 година, споредено со 9.9% со просекот на ЕУ-27.

Холандија во процентот на луѓе кои живеат во социјално исклучени групи најмногу се доближува до просекот на Европската унија, затоа државата треба да вложи поголеми напори за повторно активирање на овие лица во социјалниот живот на општеството и нивно повторно вклучување во активниот пазар на трудот.

Групата на луѓе кои живеат под закана од сиромаштија се оние кои земаат мали месечни придонеси, овој процент е секогаш најголем во сите држави споредено со останатите две групи.

Во табела бр.26, забележуваме дека стапката на раст на БДП на годишно ниво е најслаба во 2009 година кога има негативен предзнак од -3.9%,но повторно бележи раст од 2010 година ,а доста слаб е и во 2002 година со 0.1%, додека стапката е највисока во 2000 и 2007 година со 3.9%.

Продуктивноста на трудот и продуктивноста по обработен час се најголеми во 2010 година.

Табела 26 : Годишен процентуален раст во Холандија во периодот 2000-2011 година

| Година | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| БДП | 3.9 | 1.9 | 0.1 | 0.3 | 2.2 | 2.0 | 3.4 | 3.9 | 1.9 | -3.9 | 1.3 | 1.8 |
| Вработеност | 2.2 | 2.1 | 0.5 | -0.5 | -0.9 | 0.5 | 1.7 | 2.5 | 1.4 | -1.1 | -1.6 | -0.1 |
| Продуктивност на трудот | 1.7 | -0.1 | -0.4 | 0.8 | 3.1 | 1.5 | 1.7 | 1.3 | 0.4 | -2.8 | 3.0 | 1.9 |
| Просечни работни часови | -0.1 | -0.8 | -1.1 | -0.5 | -0.1 | -0.4 | 0.1 | -0.5 | -0.3 | 0.1 | -0.8 | -0.3 |
| Продуктивност по обработен час | 1.7 | 0.7 | 0.7 | 1.4 | 3.3 | 2.0 | 1.6 | 1.9 | 0.8 | -2.9 | 3.8 | 2.2 |
| Номинални трошоци | 2.9 | 5.0 | 4.8 | 2.5 | 0.2 | -0.4 | 0.6 | 1.6 | 2.9 | 5.2 | -1.1 | -0.3 |
| Вистински трошоци за работна сила | -1.2 | -0.1 | 0.9 | 0.3 | -0.5 | -2.8 | -1.1 | -0.2 | 0.6 | 5.3 | -2.1 | -1.9 |

Извор :Governatori,Mateo.,Meyermans,Eric.,Van der Valk,Johan et al: Employment in Europe 2010,page 162-Publication Office of the European Union,Luxembourg,2011.

Просечните работни часови се речиси секогаш со негативен предзнак, што значи дека работното време на вработените не се зголемува, туку забележува и опаѓање во некои периоди.Тоа е добар знак, бидејќи работните часови најмногу опаѓаат во 2010 година со -0.8%, но паралелно се зголемува продуктивноста на трудот, што значи дека намалувањето на работните часови не резултира со смалено производство, туку може да придонесе за зголемено и поефикасно производство.

Процентот на номинални и вистински трошоци за работна сила е најголем во 2009 година,додека во 2010 и 2011 година нагло опаѓа.

Државниот дефицит на Холандија е поголем од барањата на Европската унија за дефицит до 3% од БДП и изнесува 5.4% од БДП во 2010 година. Државните расходи стануваат поголеми од државните приходи во 2009 година, додека државниот јавен долг изнесува 62.7% од БДП.Кога ќе земеме предвид дека економскиот раст и продуктивноста на трудот се подобрија во 2010 и првиот квартал од 2011 година, а дека стапката на невработеност е на многу ниско ниво т.е. Холандија, нема големи социјални последици и проблеми од глобалната економска криза, тогаш поголемиот дефицит и долгот на државата не претставуваат некој голем проблем во моментов за Холадија.

## 10.1 Мерките кои ги презеде Холандија за намалување на невработеноста

Процентот на невработеност се зголеми во периодот од вториот квартал на 2008 година, кога стапката на невработеност изнесуваше 4%, до вториот квартал на 2009 година, кога стапката на невработеност изнесуваше 5,1%. Иако ова беше само мал пораст на невработеноста во Холандија, сепак Владата многу одговорно и навремено презеде засилувачки акции, со цел невработеноста да не продолжува да расте. Во март 2009 година, Владата заедно со опозициските партии донесе коалициски Договор, кој што се состоеше од повеќе мерки за вработување.

Овој Договор претставува третиот кризен пакет за стимулирање на вработувањето и за заздравувањето на потенцијалот на холандската економија.

Главната цел на овие пакети беше да се поддржи вработувањето и да се подобри ефикасноста во пронаоѓањето на работа, како и да се обучат, дообучат или преквалификуваат работниците кои биле отпуштени од некој сектор со цел да преминат во друг сектор кој има поголема побарувачка на пазарот на труд.

Исто така, цел беше да се охрабрат студентите да завршат или продолжат со нивното формално или неформално образование, да се зголеми возраста за пензионирање од 55 на 67 годишна возраст, да се зголеми учеството на ранливите групи на пазарот на труд и да се подобри учеството на лицата со посебни потреби.

Владата за овие проекти издвои 700 милиони евра, со цел да се заузди невработеноста и да се зголеми економската моќ. Дополнителни 250 милиони евра беа доделени за да се отстрани младинската невработеност.

Холандскиот социјален систем е базиран на социјалното осигурување и додатниот доход од вработените и работодавците. Невработените добиваат финансиски надомест којшто е во износ од зависност на работната историја на невработениот граѓанин и овие бенефиции т.е. социјална помош кон невработените можат да бидат доделувани од 3 месеци до 3 години и два месеца, но за тоа време, невработените лица мораат задолжително да посетуваат обуки за доквалификација или преквалификација.

Институциите кои што вршеа обуки за доквалификација или преквалификација на работниците, активно ја следеја побарувачката на пазарот на трудот, на тој начин ги обучуваа работниците да се здобијат со потребните вештини и знаења со цел тие да бидат квалификувани според потребите на пазарот на трудот.

Во Холандија беше воведена програмата „ Премиум " која има за задача да врши реобука на работниците, а целта е да се подобри мобилноста помеѓу секторите и да се олесни транзицијата помеѓу работните места (временскиот период кога се преминува од едно работно место на друго). Работодавците кои вработуваат работници кои биле претходно отпуштени од работа, добиваат поволности и субвенции[21] од Владата, со цел истовремено да ги дообучат или преквалификуваат новите вработени.

Холандија, исто така, ги поттикнува работниците кои се без стартни квалификации да започнат со обуки и да се здобијат со знаења и вештини од некоја област. Откако ќе ја завршат обуката, работниците добиваат сертификат т.е. признание во кое што пишува за вештините и знаењето на работникот кое што го поседува. Поседување на ваков сертификат им помага на работниците да најдат нова работа.

Холандија имплементираше програма за привремено вработување на квалификувани работници и млади истражувачи во Универзитетите и останатите научни и културни институции, со цел понатаму овие луѓе да бидат достапни за вработување од страна на иновативни компании . Меѓу другите вработувања, беа вработени и 1336 лица со високи квалификации и 136 млади истражувачи (магистри и доктори) во јавните институции.

[21] Во висина до 2500 евра, коишто се доделуваат во време траење од една година.

Овие мерки помогнаа да се осигура достапноста на квалификувани работници и да се одржи на квалитетно ниво пазарот на труд.

Квалификуваните работници ќе мораат да се преместуваат од сектор којшто е во опаѓање кон сектор којшто е попродуктивен, со цел да се стимулира економскиот раст. Владата ја искористи кризата за да ги обучи своите работници и да инвестира во човековиот капитал на знаење. Дополнителната едукација не е никогаш премногу, пазарот на трудот ќе има потреба од нови, иновативни и флексибилни работни позиции. На тој начин, ќе се создаде потреба од флексибилни работници кои лесно ќе се реобучат и ќе се подготват за нови работни места, со што ќе продолжи да се развива и расте пазарната економија а во исто време нема да се намалува вработувањето.

Задолжителната обука и преобука на „Премиум" ја подобрува подвижноста и мобилноста на работниците во преминот од еден сектор кон друг и во исто време го олеснува и го намалува транзицискиот период во барањето на работа.

Во прилог, признавањето на овие здобиени знаења и вештини им овозможуваат на работниците брзо стратни квалификации, повеќе можности за вработување. Овие мерки на холандската Влада помогнаа да се намали невработеноста, а во исто време да се создаде квалитетна работна сила која што ќе може да одговори на идните предизвици на пазарот на трудот.

Доколку станеше збор за некоја друга земја-членка на Унијата, која на пример би имала толку ниска стапка на невработеност како Холандија и доколку во времето на најголемиот замав на глобалната економска криза, стапката на невработеност би се зголемила на едно толку мало процентуално ниво како во Холандија, веројатноста дека таа држава би презела активни мерки за намалување на невработеноста се многу мали. Поголемиот дел од земјите-членки на Унијата, бавно делуваат во поглед на мерките за намалување на невработеноста, посебно ако невработеноста бележи сосема мал пораст, најчесто мерките се преземаат многу подоцна, дури откако процентот на невработеност започне да станува загрижувачка бројка за државата.

Поголемиот дел од државите во Унијата, доколку би имале толку мало зголемување на невработеноста како во Холандија, тоа би го дефинирале како природна појава која што е неизбежна и не е загрижувачка, бидејќи е нормално во време на економска криза стапката на невработеност да порасне. Меѓутоа, токму оваа претпазлива политика и мерките кои се преземаат за да се намали и најмалиот пораст на невработеноста, ја прават Холандија она што е, една од најмоќните и најразвиените земји во Унијата.

Грижливата политика на Владата, правилната економска политика и политиката на вработување, допринесоа Холандија да биде меѓу првите држави во Европа и светот со најмала стапка на невработеност.

## 11. Глобалната економска криза во Грција

Во Европската унија постојат се помалку симпатии кон Грција и помошта што таа треба да ја добие од Европската унија и земјите-членки. Меѓутоа, европските партнери треба поразумно да ги разберат проблемите кои постојат во Грција и да понудат ефективни одговори, пишува во статијата на „Фанејншел тајмс“ Марк Мазовер, професор по историја на њујоршкиот Универзитет „ Колумбија“. Професорот Мазовер истакнува дека низ историјата грчките институции главно биле изложени под влијанието на големите сили, а членството во ЕУ, истовремено и има помогнато, но и одмогнато. Ставот на Мазовер е дека на Грција не може да се гледа како на земја која е сериозен губитник, бидејќи во последните 100 години само еднаш била во сериозни стопански проблеми во периодот од 1931-1932 година и сега во време на глобалната економска криза (http://www.mn.mk/aktuelno/1325 21 ).

Во историјата на модерна Грција огромно е вмешувањето на странските влијанија во нејзиниот политички и економски живот. Првиот грчки крал (со потекло од Баварија-Германија), бил наметнат од страна, а првате политички партии во Грција беа создадени со силно влијание од големите сили. После Втората светска војна, Велика Британија, а потоа и САД, настојуваа да ги контролираат министрите, државните служби и судовите, преку свои претставници, мисионери, советници и делегати. Тоа влијание беше осетливо во Грција се до воведувањето на диктатурата во 1967 година, а со падот на диктатурата во 1974 година, Грција за првпат можеше да состави своја автономна Влада и самостојна политика која ја насочи кон европските интеграции во Унијата. Во Грција, со членството во Европската унија, е подобрен животниот стандрад, меѓутоа, приливот на средства од европските фондови допринесе за создавање на атмосфера во која беа игнорирани структуралните економски проблеми.

После Втората светска војна, Грција доби најголеми средства од Маршаловиот план по глава на жител, тоа го поттикна растот на производството, економијата и продуктивноста во државата. Меѓутоа, во почетокот на 80-те години, задолженоста порасна од осум на четириесет и два проценти од БДП. Реалните проблеми на грчкото задолжување допрва следеа.

По воспоставувањето на демократскиот систем во 1974 година, се покажа дека „Ахилова пета“ на грчката држава е неможноста да се наполни државната каса, феномен што постои

во Грција уште од создавањето на државата во 30-те години на 19 век, нешто што Грција го има „традиционално" наследено од Турската Империја. Во долг период грчките политичари тежнееја кон зголемување на вработувањето во Грција, но најчесто тие вработувања беа во јавниот сектор, бидејќи приватниот сектор и реалната побарувачка на пазарот на труд за работна сила беа ограничени, па јавниот сектор остана опција за креирање на „држава на благосостојба".

Моќните фондови на Европскат унија овозможуваа циклични задолжувања и враќање на долговите од страна на Грција, така што овој механизам се провлекуваше со децении, за на крајот грчката Влада да бара помош од Брисел, воведувајќи за возврат стабилизациски мерки во државата. Во поново време, со појавата на глобалната економска криза и финансиските турбуленции во ЕУ, на прво место се стави одбраната на единствената валута-еврото и строгиот анти-инфлациски режим на кој се потпира еврото како валута, додека социјалниот аспект, демократијата и стабилноста во државите беше префрлена на заден план.

Сега дојде периодот за наплата на долговите, политичкиот предизвик е огромен и граѓаните на Грција се соочуваат со тешки социо-економски проблеми. Вработените во грчките државни служби мораат да се навикнат на помали плати во иднина и на покасно заминување во пензија, меѓутоа со овие мерки Владата има поголеми шанси да ја убеди Унијата да престане да ја гледа Грција како земја која е постојан трошач во заедницата.

Грчката економија во 2009 година беше сериозно погодена и ги почуствува последиците од новата меѓународна криза. Заканата беше најголема за грчкиот економски раст, посебно од причина што беше попречена голема количина на домашни производи наменети за извоз. Од 1990-2007 година, беше добар период за грчката економија, државата во тој период доста економски се разви. Поради кризата,Грција беше погодена од серија на штрајкови во последните неколку месеци од 2009 година што резултираше со влошување и попречување на трговијата и на некои други дејности.Во 2008 година, грчката економија бележеше раст од 3%, што е помалку во споредба со 2007 година,кога изнесуваше 4%. Според податоците објавени од грчкиот Завод за статистика, економскиот раст во четвртиот квартал од 2008 година паднал на 2.6%.

Тоа ја примора Владата во Грција да воведе заострена фискална политика и реформи т.е. мерки за штедење со цел да се намали буџетскиот дефицит на Грција. Грција стравуваше од проблемите кои што ги има во економијата, да не се одразат на туризмот во земјата кои учествува со 40% во БДП во грчката економија. Меѓутоа, најголемиот „кошмар" беше враќањето на долговите т.е грчката задолженост и потребата од нови финансиски средства за спас на грчката економија, кој што можеше да се оствари преку продажба на грчите државни обврзници на странски инвеститори-купувачи.

Европската Унија ја повика Владата на Грција да спроведе мерки на штедење без разлика на економскиот раст во државата. Мерките вклучуваа намалување на платите во јавната администрација и реформи во пензиските фондови и осигурувања. Грција беше соочена од итна потреба за примена на овие мерки, со цел да се стабилизираат интерните дебаланси и хроничните структурални проблеми, како и зголемувањето на спорните долгови. Од Грција се бараше поголема либерализација на пазарот и намалени оданочувања, со цел да се привлечат странски инвестиции, преквалификација на невработените и основање на Социјален кохезионен фонд.

Владата на Грција требаше да преземе брзи реакции против глобалната економска криза, но не се делуваше на време, затоа државата се соочи со рецесија и зголемен број на невработени. Таа имаше многу мали можности за усвојување на пакет мерки за финансирање на економскиот раст, бидејќи нејзиниот долг беше премногу голем и дефицитот во буџетот постојано растеше. Постојаниот минус во државните каси, блиску до дозволениот лимит на Европската Унија од 3%, дополнително ја влошуваа ситуацијата.

Додека Владата се бореше да го урамнотежи буџетот, мерките кои целеа кон зголемување на приходите имаа клучна улога да поттикнат илјадници луѓе да излезат на протести во Атина. Двата главни најголеми синдикати во Грција, Генералниот работнички сојуз и Високиот административен сојуз на јавните службеници, бараа поголема социјална заштита и покачување на платите и пензиите во текот на глобалната економска криза[22]. Синдикатите беа незадоволни од приватизацијата, зголемувањето на даноците и реформите во пензискиот систем кои ги влошуваа условите за живеење на граѓаните, проценувајќи дека со овие мерки за 20% ќе се зголеми сиромаштијата во Грција.

Ослободувањето од даноци за најсиромашните самовработени работници, скапите сообраќајни дозволи и давачки и растот на даноците не наиде на поддршка кај голем број грчки граѓани. Стравот на грчката нација за сопствената судбина и моменталната ситуација во која што се наоѓаат постојано растеше и го зголемуваше незадоволството што резултираше со големи масовни протести ширум Грција.

Наслови од типот „Брисел го затегнува ременот“, „Координиран притисок од еврогрупата за нови мерки“ и „Ултиматум за нови мерки од еврогрупата“, грчките медиуми наведуваа дека министрите за финансии од земјите-членки во зоната на еврото вршат притисок врз властите во Атина за укинување на велигденскиот регрес и 13-тата плата за државните

[22] Грција, заедно со Шпанија и Португалија, во просек имаат најниска плата од старите 15 држави на Европската Унија.

службеници, за зголемување на данокот на додадена вредност (ДДВ), за промени во системот на социјално осигурување и за замрзнување на платите во државниот сектор во следните три години. Според весниците, земјите од еврозоната и поставиле рок на Атина да ги спроведе најавените планови за стабилизација на економијата , а ако тие не ги дадат очекуваните резултати тогаш ќе бидат преземени дополнителни поригорозни мерки. Атински „Нафтенборики" посочува дека земјите од еврозоната не објавиле конкретни мерки со кои би ја поддржале Грција, туку само ја изразиле својата подготвеност дека ќе ја гарантираат стабилноста на еврото по секоја цена.

Швајцарскиот весник „Тан" ја пренесува изјавата на грчкиот министер за финансии Јоргос Папаконстантину дека Атина не е подготвена за воведување нови мерки за ограничување на буџетските трошоци и дека се надева на „поголема поддршка" од земјите-членки на ЕУ. Дали на овој начин Грција се подготвува за конфронтација со Европа или пак користи нови тактики за преговори со цел да добие помош од Брисел, наведува „Тан". Според лондонски „Тајмс", ЕУ има два начини да се справи со грчката криза - или да и обезбеди на Грција план за спас, наметнувајќи и доколку биде потребно и сурови услови или пак да побара од Грција да ја напушти евро зоната( http://www.wavemagazine.net/ ).

Весникот „Њујорк Тајмс" оценува дека се поголем број Германци се против идејата тие да плаќаат за грешките на Грција, која во последните години трошеше многу повеќе од нејзините реални можности. Финансиската криза ги соочи даночните обврзници и гласачите во Европа пред вистината дека нивните богатства се многу потесно поврзани отколку што тврдеа нивните лидери во 90-тите години на минатиот век кога брзаа да ја воведат заедничката европска валута и покрај противењето на голем дел од јавноста.(http://query.nytimes.com/search/sitesearch?query=greece+debt&srchst=cse).

Во британскиот весник „Гардијан" се поставува прашањето дали евентуалното истапување на Грција од еврозоната ќе биде од корист за останатите држави кои го користат еврото како национална валута. Грците „копнеат'' по времето на драхмата, која беше нивни симбол за економска слобода и што ја користеа повеќе од 3.100 години. Но, Грците се откажаа од драхамата заради националниот престиж. Кога ја заменија драхмата, Грците сметаа дека ќе покажат економска зрелост и конечно ќе можат да седнат на иста маса со земји како што е Германија. Тие се надеваа дека ако користат иста валута со Германците ,ќе ги прифатат тевтонските навики на штедливост и почитување на даночните обврски.

Доколку Грција ја напушти еврозоната, еврото најверојатно ќе ослабне, бидејќи со тоа ќе се намали довербата во проектот „евро", заклучувајќи дека Атина би имала полза доколку се откаже од еврото бидејќи во таков случај курсот на драхмата најверојатно драстично би опаднал во однос на европската и останатите валути со што грчкиот извоз би станал

поконкурентен.
Во таква ситуација Меѓународниот монетарен фонд или на пример германската Влада нема да и „дишат во вратот'' на Грција и да бараат поригорозни мерки, со што Владата во Атина ќе може да троши повеќе пари во социјалната сфера, наместо да се справува со постојани штрајкови и протести ( http://www.guardian.co.uk/business/2011/oct/05/general-strike-in-greece?INTCMP=SRCH).

Кенет Ероу[23] професор во пензија и добитник на Нобелова награда за економија во интервју за "Дојче веле" вели дека Грција мора да банкротира бидејќи нејзиниот долг веќе го отплатуваат другите земи членки.

„Нека банкротираат. Тие се виновни што грешеле. Ми се чини дека Европа е доволно богата за да го прими тоа. Неспособноста да се подмират обврските по основ на обврзници едноставно значи еден лош долг да биде токму и така третиран. Европските банки во својата актива немаат многу грчки обврзници и најдобро би било да ја прифатат загубата. Грција мора да банкротира. Нејзиниот долг и така го отплаќаат другите европски земји како што се Германија и Франција и таквата ситуација е неодржлива, банкротирањето може да дефинира преку своевидно репрограмирање на долговите, кој може да се користи како попогоден термин за да не звучи толку застрашувачки како банкротот. Италијанскиот парламент сега одлучува да направи нешто при тоа покажувајќи недоверба околу целта за урамнотежување на буџетот во наредните две години. Ми се чини дека Италијанците ја сфатија ситуацијата и дека со преземање на соодветни мерки ќе го решат проблемот. А што се однесува до Шпанија сметам дека не се однесува премногу расипнички. Нејзините јавни финансии не се воопшто лоши, но е тешка економската ситуација во која се наоѓа. Голем проблем во евро зоната е тоа што постои единствена монетарна политика, но нема единствен пристап кога станува збор за даноците.Голем недостиг на Унијата е тоа што отсуствува централно политичко раководство. Богатите земји преговараат меѓусебно околу тоа како да се пренесе товарот, при што секоја земја има различни политички ограничувања. Идејата за постојано избегнување на банкрот е неодржлив идеал. Многу од проблемите не би биле толку големи доколку правилно се постапувало со нив"- потенцира Ероу. Запрашан дали Европската Унија може да биде долгорочен чинител на светско ниво доколку не е политички и економски интегрирана, Ероу додава дека Милтон Фридман, бил против еврозоната токму заради таа причина. "Таа е премногу различна, не е единствена економија за да се води единствена монетарна политика. Но, мислам дека нема да има враќање назад и дека

[23] Кенет Ероу е американски економист, кој во 1972 година ја добил Нобеловата награда за економија. Пензиониран професор кој работел на универзитетите Харвард и Стенфорд.

мора да се излезе на крај со проблемите. Водечките земји би требало да пружат целосна поддршка, но голем дел од товарот предизвикан од несовесното однесување би требало да го сносат земјите кои се наоѓаат во криза'' ( http://www.dw-world.de/dw/article/0,,15258834,00.html).

Претседавачот на Евро групата и премиер на Луксембург, Жан Клод Јункер изјавил дека лидерите на евро зоната не ја исклучуваат можноста за банкрот на Грција, но би требало се да се направи за тоа да биде спречено (http://tocka.com.mk/index13.php?ID=46811).

Грчкиот долг го надмина сопственото производство и стана закана за целата евро зона. Јавниот долг е 135% од БДП. Грчкиот Премиер, Јоргос Папандреу јасно го нагласуваше ставот дека Грција ќе успее да го врати огромниот долг од 350 милијарди евра со кој се соочува сега, додавајќи дека во тек се разговори за изнаоѓање долгорочно решение за излез од кризата.

На 21 јули 2011 година, во Брисел се одржа вонреден Самит на ЕУ на кој требаше да се изанајде трајно решение за излез на Грција од кризата, која се заканува да се прелее и во други земји од еврозоната, пред се Италија.

Претседателот на Европската централна банка, Жан Клод Трише, изјави дека Владите на државите од еврозоната ќе ја сносат одговорноста за грчкиот долг, доколку Атина прогласи банкрот. Според Трише, доколку одлуките на владите водат до банкрот, дури и делумен, ќе треба да дадат гаранции за евросистемите, односно за ЕЦБ и централните банки на земјите од еврозоната, за да ја заштитат заедничката валута. "Многу пати ги предупредував државните и владините лидери дека во случај на банкрот на една држава веќе нема да можеме да ги прифаќаме нејзините државни обврзници како нормални гаранции. Во тие услови владите ќе треба сами да се ангажираат за да ги поправат работите. Тоа би бил нивни долг'' нагласи Трише http://www.trtmacedonian.com/trtworld/mk/).

Грчките власти признаа дека не можат да ги исполнат преземените обврски кон меѓународните кредитори за намалување на буџетскиот дефицит. Владата на Грција соопшти дека нема да успее да ги исполни бараните намалувања во буџетскиот дефицит за тековната и за следната година, кои беа договорени со ЕУ и ММФ. Проектираниот буџет за годинава предвидува дупка од 8,5 проценти, што е над проектираната рамка од 7,6 отсто. Слични се проценките и за следната година, за која се предвидува дефицит од 6,8 проценти од брутодомашниот производ, наспроти бараните 6,5 проценти.

Очекувањата се дека овие прогнози ќе имаат натамошен негативен одраз врз состојбите во државата, откако стана јасно дека проектираните зголемувања на вонредниот данок и намалувањето на платите во јавниот сектор не се доволни за да се исполнат преземените обврски на задолжената земја. Веста беше соопштена во истовреме кога во земјата се наоѓаат ревизорите на ЕУ, ММФ и Европската централна банка кои треба да проценат дали Атина ги исполнува условите за доделување на новата транша од меѓународната помош во вредност од 8 милијарди евра.

Проценките кои доаѓаат од одредени политички кругови не ветуваат оптимизам за состојбата во Грција. Според Михаел Фукс, еден од водечките пратеници на конзервативната коалиција на германската канцеларка Ангела Меркел,изјавил дека Грција е веќе банкрот и ќе мора да и се простат дел од долговите. „Грција е банкротирана. Веројатно не постои друг излез за нас, освен да и простиме 50 проценти од нејзините долгови", рече Фукс, кој се наоѓа на чело на бизнис-групацијата на конзервативците во Бундестагот ( http://www.dw-world.de/dw/article/0,,15432697,00.html).

Грција ја преживува најголемата економска криза во последните 15 години, покажува истражувањето на социолошката агенција „Капа рисрч", објавено во атинскиот весник „Вима". Поскапувањето на животот за 71% од Грците е најзначајниот проблем во земјата. Веднаш по оваа оценка следи невработеноста како проблем, за која се изјасниле 42,7% од анкетираните, додека 40,5% се вознемирени од ситуацијата во економијата. Дури 57,6% од анкетираните изјавиле дека имаат сериозни проблеми од финансиски карактер, а 31,3% сметаат дека земјата нема да може да излезе од сегашната тешка финансиска ситуација.
Друго истражување, спроведено од Атинскиот економски институт, покажа дека четири од секои десет Грци не можат да си ги покријат основните потреби (http://www.mn.mk/aktuelno/1325 16 ).

Во 2002 година, стапката на самовработени луѓе е највисока со 37% и во текот на наредните години таа забележува постојано опаѓање, меѓутоа процентот на вработените со скратено работно време и привремени договори е во постојан пораст во периодот од 2002-

2011 година,а највисок е во 2011 година, кога стапката на лица со привремени договори за работа е 12.3% и на оние со скратено работно време 6.5%.

Табела 27: Пазар на труд во Грција во периодот 2002-2009 година

| Година | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активно работоспособно население(15-64 год.) | 64.2 | 65.2 | 66.5 | 66.8 | 67.0 | 67.0 | 67.1 | 67.8 |
| Вработени мажи(15-64 год) | 72.2 | 73.4 | 73.7 | 74.2 | 74.6 | 74.9 | 75.0 | 73.5 |
| Вработени жени(15-64-год) | 42.9 | 44.3 | 45.2 | 46.1 | 47.4 | 47.9 | 48.7 | 48.9 |
| Вработени млади(15-24год) | 26.5 | 25.3 | 26.8 | 25.0 | 24.2 | 24.0 | 23.5 | 22.9 |
| Самовработени вкупно | 37.0 | 36.5 | 35.7 | 35.9 | 35.4 | 35.1 | 35.1 | 35.4 |
| Вработени со скратено работно време-вкупно | 4.4 | 4.3 | 4.6 | 5.0 | 5.7 | 5.6 | 5.6 | 6.0 |
| Вработени со привремени работни договори-вкупно | 11.7 | 11.2 | 11,9 | 11.8 | 10.7 | 10.9 | 11.5 | 12.1 |
| Вкупно вработени (15-64 год.) | 57.5 | 58.7 | 59.4 | 60.1 | 61.0 | 61.4 | 61.9 | 61.2 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно вработени (20-64) | 62.5 | 63.6 | 64.0 | 64.6 | 65.7 | 66.0 | 66.5 | 65.8 |
| Невработени мажи (15+год.) | 6.8 | 6.2 | 6.6 | 6.1 | 5.6 | 5.2 | 5.1 | 6.9 |
| Невработени жени (15 +год.) | 15.7 | 15.0 | 16.2 | 15.3 | 13.6 | 12.8 | 11.4 | 13.2 |
| Невработени млади (15-24 год.) | 26.8 | 26.8 | 26.9 | 26.0 | 25.2 | 22.9 | 22.1 | 25.8 |
| Долго невработени (15-64 год.) | 5.3 | 5.6 | 5.1 | 5.4 | 4.8 | 4.1 | 3.6 | 3.9 |
| Вкупно невработени (15-64 год.) | 10.3 | 9.7 | 10.5 | 9.9 | 8.9 | 8.3 | 7.7 | 9.5 |

Извор :Governatori,Mateo.,Meyermans,Eric.,Van der Valk,Johan et al: Employment in Europe 2010,page 174-Publication Office of the European Union,Luxembourg,2011.

Во периодот 2002-2010 година, процентот на невработени мажи е најголем во 2009 година и изнесува 6.9%, а кај жените и младите во 2004 година со 16.2 и 26.9%,меѓутоа можеме да забележиме дека најголемата невработеност кај жените не се забележува во периодот 2008 и 2009 година, што укажува дека најпогодени од глобалната економска криза биле секторите каде што најголем број од вработените биле мажи.

Веќе во последниот квартал од 2010 година, процентот на невработени мажи изнесува 11.6%,на невработени жени 17.9% и кај младите луѓе 31.9%.

Процентот на луѓе кои се долгоневработени е намален и најнизок во 2008 и 2009 година, што укажува на зголемените мерки кои се преземаа во политика на вработување од страна на грчките институции во тоа време, но во последниот квартал од 2010 година таа се зголемува на 6.5%.

Процентот на вкупната невработеност во табелата е највисок во 2004 година, а во 2009 година изнесува 9.5%,додека во последниот квартал од 2010 година изнесува 14.2%.Во 2011 година невработеноста во април месец се искачува на 15.2%, а во јуни месец изнесува 16.7%.

Во табелите бр. 13,14 и 15, можеме да забележиме дека кај сите три групи се постои намалување на процентот од 2005-2009 година, што е одраз на подобрената социјална политика и активните мерки кои ги преземаат надлежните институции, меѓутоа и покрај намалувањето на процентот кај групите, сепак тој останува на едно високо ниво во споредба со поразвиените европски држави. Најдобар е просекот кај социјално исклучените групи со 6.5% во 2009 година, што е помал во споредба со просекот на Европската Унија од 9% . Висок е процентот кај останатите две групи (лица под ризик од сиромаштија и материјална депривација) и кај овие групи процентот е за три процентуални степена повисок од просекот на Европската Унија. Меѓутоа,економската ситуација во Грција се влоши многу подоцна од останатите земји, т.е. во 2010 година,кога повеќето европски земји веќе забележуваа економска стабилизација и економски раст, што претставуваше на некој начин и крај на кризата, меѓутоа во Грција кризата најголемиот замав го зема токму во 2010 година и таа продолжи со несмален интензитет и во првата половина на 2011 година, слично како и во Шпанија,Португалија, и по се изгледа и Италија. Грција беше погодена од глобалната економска криза уште од крајот на 2008 и почетокот на 2009 година, но најголемиот пораст од кризата се почуствува во 2010 и 2011 година, каде што се зоздаде впечаток дека кризата наметна еден продолжителен ефект кој се локализираше во одредени држави како горе наведените.

Затоа и процентот на луѓето кои се под ризик од сиромаштија, материјална депривација и социјална исклученост е зголемен во 2010 и 2011.

Меѓутоа, процентот и кај групите од социјалната ексклузија и кај невработените драстично ќе се зголемува и влошува во наредниот период од 2011-2012 година, кога граѓаните на Грција ќе се соочат со уште поголеми социјално-економски проблеми од досегашните.Со новите мерки на штедење кои ги спроведува Владата на Грција, треба да бидат отпуштени уште 70 илјади луѓе од државната администрација и уште 120 фирми кои се директно финансирани од државниот буџет треба да престанат со работа, што значи отпуштање на уште 5-7 илјади вработени.Состојбата е загрижувачка, бидејќи се проценува дека во 2012-та година во Грција стапката на невработеност ќе изнесува 27%, што значи три милиона невработени граѓани.

Во табела бр.28, забележуваме циклични промени во стапката на раст на БДП, од 2000 година се до 2007 година, во 2008 година БДП паѓа на 2% стапка на раст, а веќе од 2009 до 2011 година, таа стапка бележи опаѓање т.е. негативен раст.

Стапката на вработеност, продуктивноста на трудот и продуктивноста по обработен час, исто така, опаѓаат од 2008 година, а се најниски во последните три години.

Табела 28: Годишен процентуален раст во Грција во периодот 2000-2011 година

| Година | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| БДП | 4.5 | 4.2 | 3.4 | 5.9 | 4.6 | 2.2 | 4.5 | 4.5 | 2.0 | -2.0 | -3.0 | -0.5 |
| Вработеност | 0.5 | 0.1 | 2.3 | 1.2 | 2.2 | 0.9 | 2.0 | 1.4 | 0.1 | -1.2 | -1.9 | -0.8 |
| Продуктивност на трудот | 1.2 | -4.7 | 2.4 | 1.3 | 2.4 | 1.3 | 2.4 | 3.1 | 1.9 | -0.8 | -1.1 | 0.3 |
| Просечни работни часови | 0.1 | 0.0 | -0.6 | -0.3 | -1.1 | 0.2 | 3.0 | -1.5 | 0.0 | 0.1 | 0.5 | 0.5 |
| Продуктивност по обработен час | 4.0 | 4.0 | 1.7 | 5.0 | 3.4 | 1.1 | -0.5 | 4.6 | 1.9 | -1.0 | -1.6 | -0.2 |
| Номинални трошоци | / | -0.3 | 10.2 | 1.5 | 1.6 | 3.0 | 0.7 | 3.5 | 3.9 | 6.3 | 0.3 | 0.1 |
| Вистински трошоци за работна сила | -2.3 | -1.3 | 0.1 | -2.3 | -1.3 | 0.1 | -2.3 | 0.5 | 0.3 | 5.0 | -2.0 | -1.6 |

Извор :Governatori,Mateo.,Meyermans,Eric.,Van der Valk,Johan et al: Employment in Europe 2010,page 160-Publication Office of the European Union,Luxembourg,2011.

Кај просечните работни часови се забележуваат циклични промени во стапката на раст во период од 200-2011 година,тие најмногу опаѓаат во 2004 година со -1.15, а најмногу се зголемуваат во 2006 година со 3%.

Процентуалната стапка на раст кај номиналните трошоци за работна сила е најголема во 2002 година со 10.2% и 2007 година со 6.3%, кога е најголема процентот на раст на вистинските трошоци за работна сила и изнесува 5%.

Во 2010 година државниот дефицит изнесува 10.5% од БДП, што претставува намалување во споредба со 2009 година кога изнесува 15.4% од БДП, додека Европската унија бара дефицитот да не надминува повеќе од 3% од БДП на државата.

Исто така, државните приходи се многу помали во однос на државните расходи, додека јавниот долг на Грција изнесува 142.8% од БДП во 2010 година, додека долгот во вториот квартал од 2011 година изнесуваше 135% од БДП и ја прави Грција најзадолжена земја во Унијата.

## 11.1 Мерките кои ги презеде Грција за намалување на невработеноста

Грчката економија и пазарот на труд се сериозно погодени од глобалната економска криза. Продлабочувањето на глобалната економска криза доведе до намалување на приходот и добивките кои произлегуваат од големите национални индустрии. Бродоградежната индустрија,производствениот сектор,текстилната индустрија, извозот, градежните активности, трговијата и туризамот се дејности кои се сериозно погодени од глобалната економска криза во Грција .

Порастот на невработеноста е посебно присутен во Северна Грција, каде што овие дејности се најразвиени. „Грција воведе силни мерки за протерување на емигрантите од државата.Според грчкото Министерство за внатрешни работи, оваа мерка е во согласност со европското законодавство кое предвидува екстрадиција на странците кои илегално претстојуваат во некоја од земјтие-членки на ЕУ.За „илегалец“, ќе биде сметан секој државјанин на земја што не е членка на ЕУ, чиј претстој „не е во согласност со условите за влез во Грција предвидени со кодексот на Шенгенскиот договор или со други услови за влез, престој и живеење“.Според одлуката на грчките власти, илегалните имигранти ќе бидат екстрадирани во земјите од кои потекнуваат или во државите од кои влегле на територијата на Грција. На имигрантите им се остава можност да бидат екстрадирани и во трети земји, доколку доброволно сакаат да заминат таму.Грција неодамна соопшти дека во текот на 2010 година во земјата пристигнале околу 128.000 илегални имигранти, што претставува најголем број во која и да е членка на ЕУ’’( http://kurir.mk/svet/biznis/).

Во Грција, како одговор на кризата беа воведени Интегрирани програми за вработување на лица прогласени за технолошки вишок. Целта на овие програми беше да се одговори најпрво на последиците од кризата на локално ниво и второ да се одговори на потребата на работниците кои останале без работа од наведените области. Беше создадена „ Грчката моќна организација на мажите ‘‘ (The Greek man power organisation), која започна со оваа Интегрирана програма за вработување на невработени лица од претпријатија лоцирани во следниве области во Грција: Наоуса, Драма, Ферес, Ксанти и Лариса, со цел да им помогне на луѓето кои се технолошки вишок.

Мерките од оваа програма го вклучуваат следново :

- Програма за вработување на млади отпуштени работници од 18 до 24 годишна возраст. За да ги вработат компаниите овие луѓе, не смеат да имаат отпуштено вработени во последните 6 месеци. Фирмите кои ќе ги вработат овие млади луѓе, добиваат грантови во време траење од 36 месеци, со обврска дека не смеат да ги отпуштат новите вработени во наредните 12 месеци. Така, овие програми се со време траење од 4 години.

- Програми кои помагаат во нови самовработувања на граѓаните. Овие програми им помагаат на новите самовработени лица кои се на возраст од 18 до 64 години. Целта е да им се даде финансиска поддршка на невработените лица да влезат во пазарот на трудот со започнување на сопствен бизнис. Оние граѓани, кои ќе сакаат да аплицираат за овие финансиски грантови, мораат да одат на советување и да ги посетуваат програмите за советување во „ The Greek man power organization “ Двајца корисници можат да стартуваат заедно во заеднички бизнис и повторно да го добијат целосниот грант со време траење од 12 месеци(за време на овој период, бизнисот не смее да престане да работи).

- Приходна помош за постари работници кои станале технолошки вишок. Оваа мерка вклучува специјален индекс поврзан со месечниот грант за невработеност кој што варира во зависност на потрошувачкиот ценовен индекс. Додека го примаат овој грант, корисниците продолжуваат да ги уживаат истите социјални осигурителни статуси, како и кога биле вработени. Оваа програма вклучува и договори со локалните власти да ги вработат овие лица на привремени работни места се до нивното заминување во пензија. Имплементацијат на оваа програма на луѓе прогласени за технолошки вишок, имаше позитивен ефект во областите засегнати со невработеноста. Околу 4500 поранешни вработени во големите фирми, добиваат бенефиции од овие програми. Овие мерки обезбедија повеќекратен бенефит за локалната економија, вклучувајќи ги невработените од технолошкиот вишок повторно во пазарот на трудот.

Во Грција оваа Програма беше оценета како успешна бидејќи одговара ефикасно на различните потреби на пазарот на трудот, како и на потребите на невработените граѓани кои се на различна возраст и со различни образовни профили.

Овие мерки кои ги презеде Грција за намалување на невработеноста се ефективни и наликуваат на мерките кои беа спроведени во скандинавските држави Шведска и Финска, бидејќи го решаваат проблемот на невработените граѓани на долг временски период.

Шведска во деведесеттите години и Финска во времето на сегашната глобална економска криза се одлучија за брз растечки долг на државата во замена за помала стапка на невработеност и посилна социјална заштита, слично што и Грција го практикува веќе

долг временски период во времетраење поголемо од една и пол деценија, меѓутоа разликата се состои во тоа што двете Скандинавски држави го поттикнуваа вработувањето во реалните сектори преку нудење на финансиски бенефиции за работодавачите, директна помош на фирмите и претпријатијата, доквaливикација и преквалификација на вработените со цел да бидат конкурентни на пазарот на трудот и поттикнувачки мерки за самовработување. На тој начин, преку самиот економски раст и зголемување на производството, вработените повторно ќе си ги осигураат своите работни позиции и влогот на државата ќе биде исплатлив,бидејќи овие вработени луѓе нема да бидат на товар на државата, а долгот паралелно ќе биде враќан преку растот на економијата. За разлика од нив, Грција своите задолжувања ги направи за вработените во државните институции и за исплатата на пензиите, долгови кои можат само да бидат зголемувани во иднина доколку не се преземат соодветни мерки, додека мерките за нови вработувања во реалниот сектор беа преземени релативно доцна, и покрај тоа што беа ефективни и дадоа позитивни резултати, сепак сега побарувачката на пазарот на труд во Грција ќе биде многу поограничен и резултатите од овие мерки помалку успешни.

Грција спроведе далеку поефективни мерки за вработување од Шпанија и Летонија. Програмата беше успешна и направена по примерот на успешните европски држави. Меѓутоа, дури и овие мерки кои на долг временски план ќе го решат и осигураат проблемот на новите вработени,не можат да одговорат на големата бројка на нови невработени граѓани. Проблемот се состои во тоа што иако овие мерки се ефективни и ќе го решат проблемот на поголемиот дел од овие граѓани, стапката на невработеност во Грција е во постојан раст.

По демократизацијата на државата т.е. по падот на диктатурата во 1974 година, Грција бележеше економски напредок. Во Грција започна поинтензивно да се равива стопанството,земјоделството и туризмот.

Сето тоа, во голема мера беше финансирано од страна на Европската унија и преку европските фондовите за развој. Владејачките партии во Грција тежнееја да го подобрат животниот стандарт на граѓаните и да го издигнат на нивото на развиените европски држави, во исто време Владите кои се менуваа во текот на годините се грижеа за зголемување на вработеноста во државата и што е можно помала стапка на невработеност.

Мерките за вработување беа постојано преземани, од страна на Владите, но и од надлежните институции и стапката на вработување бележеше една нагорна развојна линија, меѓутоа вработувањата не беа во согласност на потребите на пазарот на трудот т.е.вработувањата не беа добро координирани.

Реалните потреби на пазарот на трудот беа ограничени, па често пати како опција за нови вработувања беа користени државните служби. Вработувањето во државните служби

претставуваше еден вид на компензација за ограничените потреби на пазарот на трудот во реалната економија и тие вработувања продолжуваа да се зголемуваат со текот на годините. Вработените во грчките државни служби уживаа високи привилегии и имаа високи плати, кои неколкукратно се зголемија за краток временски период, па вработување во државна служба стана престижна цел во грчкото општество.

За сметка на се поголемиот број на вработени во државните служби и се повисоките плати кои им беа доделувани на вработените, западна во криза производствениот и приватниот сектор во Грција. Економски средства за финансирање на грчкото стопанство имаше се помалку. Грчкото стопанство започна технолошки да заостанува во споредба со развиените земји-членки на Унијата, грчките производи стануваа помалку конкурентни, а цените во државата постојано бележеа раст. Инвестиции за развојот на инфраструктурата недостасуваа, Грција се уште е земја со слаба инфраструктурна мрежа во Европа, а недостасуваа инвестиции и за развој на енергетиката и земјоделството.

Исто така, грчките граѓани во споредба со останатите граѓани од европските држави, порано се пензионираат, на 59 годишна возраст во споредба со 64 годишната возраст во остатокот од Унијата, што дополнително ги влошуваше состојбите во државата.

Европската унија постојано апелираше до Грција да го прекине трендот на нови вработувања во државните служби и да го намали бројот на вработените во државните служби, бидејќи бројката е неколкукратно поголема од реалните потреби за функционирање на овие институции, но грчките политичари останаа „глуви“ на предупредувањата од европските експерти.

На крајот, реалната економија ги почуствува вистинските штети од преголемата и прескапата државна администрација. Товарот од задолжувањата на Грција, за исплата на државните институции и пензиите го сносија граѓаните и реалниот економски сектор во Грција.

Ниедна политичка партија во Грција, немаше храброст да го реши проблемот со државните служби. Намалување на платите кај вработените или намалување на бројот на вработените во државните служби, значеше и губење на политичкиот рејтинг на партиите и сигурна загуба на следните парламентарни избори, нешто за што не сакаа да чујат актуелните политички партии во Грција. Така, тесно партиските интереси беа долго време поголеми од интересот за спасувањето на државата од економската задолженост и штетата која ја сносеа стопанството и поголемиот дел од грчките граѓани.

Грција е најзадолжената држава во Европската унија, со стапка на невработеност од 16.7% и со прогнозирање дека невработеноста се уште ќе се зголемува. Вработувањата насочени кон државните служби, наместо директни инвестиции во реалниот сектор кои ќе

овозможеа нови работни места ја доведоа Грција во ситуацијата во која што се наоѓа денес.

Иако, приоритет на грчките политичари беше што е можно поголем број на вработувања во државата, сепак тие вработувања не беа правилно насочени за да ја следат вистинската потреба на пазарот на труд и да соодејствуваат паралелно со зголемување на производството и економскиот раст.

Мерките кои ги презема актуелниот премиер Јоргос Папандреу за намалување на бојот на вработените во државните служби,мерките за штедење преку намалување на платите во државните служби и укинувањето на тринаесеттата плата, како и зголемувањето на старосната граница за пензионирање, се спроведуваат со задоцнување и затоа социо-економските последици ќе бидат многу поголеми, отколку ако овие мерки беа преземени неколку години порано, но сепак се добра шанса за нов почеток и започнување на економска стабилизација во државата, која ќе трае подолг период, посебно во делот кај невработеноста и економскиот раст, кој се очекува дека ќе се одвива забавено во наредните неколку години.

# 12. ГЛОБАЛНАТА ЕКОНОМСКА КРИЗА ВО МАКЕДОНИЈА

По распадот на Југославија, Република Македонија доживеа промени на политички и економски план. На политички план настана премин од еднопартиски во повеќепартиски систем, а на економски план, премин од планска во пазарна економија. Процесот на трансформација го ослабна и онака слабото македонско општество (Македонија беше една од најслабо развиените Републики во Југославија), а болниот систем на реструктуирање на економијата и социјалниот систем предизвика пораст на невработеноста, сиромаштијата и раст на социјалните нееднаквости меѓу граѓаните. Ваквите промени се одразија и на системот на социјалната заштита, каде државата, според новите нео-либерални сфаќања, кои требаа да претставуваат единствена алтернатива на дотогашниот социјализам, изгуби голем дел од социјалните функции. Во период кога општеството се уште се немаше прилагодено кон новите социо-економски предизвици, а истовремено имаше губење на дотогашната потпора од страна на државата, многу категории на граѓани беа погодени со несигурност на социо-економски план.

Процесот на пристапување кон Европската Унија на Република Македонија, го даде ефектот на постепено оддалечување од нео-либералниот пристап на реформите и давање на значење на интересот за сооодветна превентива и активна улога на државата во социо-економските случувања.

Сепак, до сега, преземените реформи се одвиваа многу бавно или не беа соодветно спроведувани, што придонесе за продлабочување на социјалните разлики, зголемена невработеност и раст на сиромаштијата. Развојот на економијата и соодветното спроведување на реформите во социо-економската сфера, но и во политичкиот систем, се меѓусебно зависни и оттука потребно е развивање и спроведување комплементарни мерки кои ќе бидат насочени кон подобрување на нивото на економски раст и кон постигнување социјална кохезија.

Глобалната економска криза не ја одмина Македонија, таа се почуствува во октомври месец 2008 година, кога најпогодени од влијанијата на кризата беше секторот на рударството и преработувачката индустрија, а во нејзини рамки особено производството на метали, делови за автомобилската, електро и текстилната индустрија.

Работодавачите се одлучија за примена на различни мерки за намалување на трошоците, а најчесто за намалување на бројот на вработени од деловни причини, примена на мерката „принуден одмор", намалување на договорените износи на платите, надоместоците и додатоците на плата, итн. Овие мерки не можеа реално да придонесат за саканото намалување на вкупните трошоци, со оглед на релативно ниското учество на трошоците за трудот во структурата на вкупните трошоци во овие дејности, но придонесоа за влошување на материјално-социјалната положба на работниците(М.Анчева,2008:309).

Надворешно-трговската размена на РМ во изминатиот дваесетгодишен период се карактеризира со континуирано зголемување на обемот на стоковната размена, со паралелно зголемување на вредноста и на увозот и на извозот. Највисоко ниво е постигнато во 2008 година кога извозот бележи вредност од 3 990 642 илјади САД долари, а увозот бележи вредност од 6 882 653 илјади САД долари, при покриеност на увозот со извозот од 58.0%.

Во 2010 година, стапката на инфлација мерена според индексот на трошоци на живот изнесувала 2.9%; продуктивноста на трудот е намалена за 3.4%; Нето платата се зголемила за 3.5%, а реалниот раст изнесува 0.7% ; вкупниот јавен долг изнесува 35.7% од БДП, а дефицитот изнесува -2.8%.

Извозот на производи од Македонија во Грција во периодот јануари-април 2010 година е за над 100 милиони евра помал во однос на извозот во истиот период од 2008 година. Трикратното намалување на извозот на нашите производи кон јужниот сосед е доказ дека Македонија посредно ја чувствува неколкугодишната криза во Грција, ако притоа се знае дека Грција беше една од ретките земји со кои Македонија оствaруваше суфицит во трговската размена во изминативе години, тогаш очигледно е дека македонските компании што извезуваат во Грција имаат причина да бидат загрижени од состојбата во која се наоѓа јужниот сосед. Во Стопанската комора на Македонија велат дека, освен во извозот, грчката криза може негативно да влијае и врз стапката на вработеност во земјава, со оглед на тоа што повеќе мали грчки фирми во изминатава година и пол ги затвораат производствените капацитети во Источна Македонија.

## 12.1 Стапката на невработеност и социјалната заштита во Република Македонија

Иако во услови на криза во повеќето земји се случува раст на невработеност, во Република Македонија се случуваат два одделни процеса. Во периодот 2008-2011година, се јавува раст на вработеноста и пад на стапката на невработеност, а во исто време имаше пад на индустриско производство што доведе до пад на растот на БДП,овие појави бараат поширока елаборација и анализа која го надминува доменот на трудот.

Во вториот квартал од 2010 година, стапката на невработеност изнесуваше 32.1%, а во првиот квартал од 2011-та година, 31.2%.

Во месец јули 2011 година, во Агенцијата за вработување се евидентирани 307 057 илјади невработени лица во споредба со 322 053 илјади невработени лица во јануари истата година и 343 967 во споредба со јануари месец 2010 година.

Македонија како земја-кандидатка за членство во Унијата, може да ги користи средствата од Инструментот за предпристапна помош, кои би се лоцирале во спроведување на мерки за вработување и други корелативни мерки, меѓутоа до сега не се направени потребни програмски и институционални прилагодувања за да се постигне тоа и да го привлече интересот на граѓаните.

Табела бр. 29 Стапка на невработеност во Република Македонија во периодот 2006-2009година

| Стапка на невработеност % | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|
| Работоспособно население | 62.2 | 62.8 | 63.5 | 64.0 |
| Невработени мажи | 35.3 | 34.6 | 33.5 | 31.8 |
| Невработени жени | 37.2 | 35.6 | 34.2 | 32.8 |
| Вкупно невработени | 36.1 | 35.0 | 33.8 | 32.2 |
| Невработени млади мажи(19-24 год) | 58.9 | 57.4 | 55.7 | 52.7 |
| Невработени млади жени(19-24 год) | 60.9 | 58.2 | 57.4 | 59.4 |
| Вкупно млади невработени (19-24 год) | 59.7 | 57.7 | 56.4 | 55.1 |

Извор :Governatori,Mateo.,Meyermans,Eric.,Van der Valk,Johan et al: Employment in Europe 2010,page 196-Publication Office of the European Union,Luxembourg,2011.

Агенцијата за вработување и центрите за вработување на општинско ниво во Република Македонија, на сите невработени им даваат пристап до надоместоците и услугите врз еднаква основа, сепак се чини дека постојат одредени институционални препреки кои ги спречуваат некои од најранливите групи да ги користат овие услуги. На пример, некои од проблемите поврзани со пристапот до правата по основната невработеност произлегуваат од потребата да се докаже сопственост на земјата, што се бара од Агенцијата за вработување за да се утврди дали потенцијалните корисници имаат земја која е погодна за обработување што може да се искористи за остварување на приход. Ова се бара од оние кои се регистрирани без какво било уверение за образование, бидејќи многу од невработените(воглавно Роми и Албанци)немаат утврдени имотни права, тие не можат да

го исполнат овој критериум и се спречени од целосно исполнување на своите социјални права. Исто така, одредени професии, како што се фармери, не се вклучени во осигурувањето за невработеност и на тој начин не можат да добијат надоместоци за невработеност.

Стечајните работници не им е дозволен пристап до надоместоците за невработеност, се додека не се заврши процесот на ликвидацијата на претпријатието. Сепак, Агенцијата може да процени дали работниците ги платиле придонесите во минатото и врз таа основа да им се дозволи користење на правата во случај на невработеност.

Исто така,сегашната понуда на курсеви за обука и преквалификација преку Агенцијата за вработување е фокусирана само на оние регистрирани невработени кои ги имаат основните образовни квалификации (најмалку основно училиште). Меѓутоа, според Годишниот извештај на Агенцијата за вработување во 2007 година, постојат 51,3% од сите регистрирани невработени, кои се без квалификации, или само дел од нив се полуквалификувани. Ова е важно да се знае, бидејќи овие граѓани се исклучени од услугите на Агенцијата за вработување.

Врз основа на изнесеното,се чини дека е особено важно Агенцијата за вработување да ги лоцира овие проблематични области кои го спречуваат пристапот до услугите за невработеност и кои ја намалуваат ефективноста и земањето на курсевите за обука. Критериумите за регистрирање на невработените, како и критериумите за примање на услуги за невработеност (немонетарни користи), не треба да бидат толку поврзани со правата туку повеќе со потребите на невработените лица. Треба да постои јасна разграниченост помеѓу услугите за невработеноста и другите права од системот за социјално осигурување („сините картони" за здравствено осигурување кои Агенцијата ги издава на сите невработени). Оваа разграниченост треба да води кон поголем фокус врз приоритетните потреби на невработеноста, како и да се направи регистар на невработеност кој ќе биде релевантна база на податоци, а не фиктивна листа на луѓе кои всушност не бараат вработување(М.Геровска-Митев,2007 : 12).

Системот на социјална заштита во Македонија ги вклучува бенефициите и услугите врз основа на придонеси, како и оние финансирани врз основа на оданочување. Социјалната парична помош е надоместок од последна опција, што значи дека по користењето на сите други достапни ресурси од системот за социјална заштита, поединците можат да поднесат барање за ова право. Законот за социјална заштита истакнува дека социјална парична помош имаат право да ја користат работоспособни лица и домаќинства кои не се финансиски обезбедени и кои не се во можност да се здобијат со финансиски средства за живот преку други правни акти.

Табела 30: Број на невработени граѓани во РМ според : возраст, степен на образование, период на невработеност и етничка припадност во 2011 година

Возрасна структура образовна структура временска струкрура етничка структура

| | Се' | Жени | | Се' | Жени | | Се' | Жени | | Се' | Жени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15-19 год | 5487 | 2660 | НКВ | 149405 | 60969 | Под 1 мес. | 6231 | 2783 | Македонци | 193943 | 89981 |
| 20-24 год | 34691 | 16279 | ПКВ | 10546 | 3065 | 1-5 мес. | 29444 | 13190 | Албанци | 75357 | 25793 |
| 25-29 год | 38829 | 18988 | КВ | 46748 | 15249 | 6-11 мес | 27667 | 12087 | Турци | 12666 | 4387 |
| 30-34 год | 35322 | 16656 | ВКВ | 40 | 22 | 12-17 мес | 18614 | 8185 | Роми | 14615 | 6246 |
| 35-39 год | 34239 | 15494 | ССО | 74335 | 36112 | 18-23 мес | 20685 | 8961 | Срби | 2346 | 928 |
| 40-44 год | 33548 | 14338 | Вишо | 4687 | 2235 | 2 . год. | 31580 | 14527 | Власи | 309 | 106 |
| 45-49 год | 33939 | 13658 | ВСО | 20850 | 12789 | 3 год. | 21002 | 9626 | Бошњаци | 514 | 258 |
| 50-54 год | 33665 | 13658 | Магистри | 403 | 228 | 4 год. | 20137 | 9037 | Други | 7307 | 2982 |
| 55-59 год | 33231 | 13089 | Доктори | 23 | 12 | 5-7 год. | 39967 | 16471 | / | / | / |
| 60-64 год | 24114 | 5086 | / | / | / | 8 год. | 91730 | 35812 | / | / | / |

Извор : Агенција за вработување на Република Македонија, 31 јули 2011 година

Според официјалните податоци за домаќинствата кои примаат социјална помош, може да се забележи дека од 2005 година има намалување на домаќинствата кои користат социјална парична помош, меѓутоа ова не може да се толкува како намалена потреба од социјална помош, туку како зголемување на крутоста во условените правила, како и позасилени процедури за проверка при доделувањето на помошта. Во декември 2008 година имаше 53,105 домаќинства корисници на социјална помош или 9,4% од сите домаќинства во државата.

Над една третина од главите на домаќинствата кои се приматели на оваа корист се без квалификации,23.6% имаат само основно образование и 16.1% имаат средно образование. Речиси 36% од корисниците го добиваат надоместот повеќе од шест години. Уделот на македонските корисници е во опаѓање во текот на изминативе десетина години, од 46.8% во 1998 година на 33.5% од вкупниот број на пријавени корисници на социјална помош, уделот на Албанците се зголемува од 25.4% на 37%. Општините со најголем број на корисници се : Тетово, Куманово, Прилеп и Чаир (податоци од проектот на Светска банка, ССЗ проект,2007 година).

Кај лицата без образование стапката на невработеност е највисока, таа во 2008 година изнесуваше 53.2% , кај оние со некомплетирано средно или основно образование изнесуваше 35.1%, додека кај оние со завршено средно и основно образование изнесуваше 41.8%, со високо образование 17.2%.

Во четвртиот квартал од 2010 година, од Државниот завод за статистика биле евидентирани 659 557 вработени лица, или 69.1% од вкупното активно население.

Во јули месец 2011 година во Агенцијата за вработување се регистрирани 307 057 илјади невработени граѓани. Според возраста, можеме да видиме горе во табела бр. 32, дека најголем број на невработени граѓани има во групата на возраст од 25-29 години, а според образовната структура најголемиот број на невработени граѓани се во групата со ниски квалификации.

Она што загрижува е групата на луѓе кои се долго време невработени и најголем број од евидентираните невработени граѓани има во групата на невработени кои осум години или повеќе не се во работен однос.

Според образовниот статус, најголем број на невработени има во групата без квалификации, односно лица со ниски квалификации, потоа следува групата со средно образование.

Според етничката припадност, најголем број од невработените граѓани се Македонци, а по нив следат Албанците, додека најмала бројка на невработени лица се забележува кај Власите.

Стапката на сиромаштија во Република Македонија, мерена преку потрошувачката во 2010 година, изнесува 30.9%, додека во 2002 година изнесувала 30.2%. Најниската стапка на сиромаштија во периодот 2002-2010 година е забележана во 2008 година, кога изнесувала 28.7%. Најранливи групи се повеќечлените домаќинства и домаќинствата со невработени лица.

Најголем дел од сиромашните лица живеат во руралните средини, а најмалку во Скопје, каде што во 2010 година жевееја само 9.2% од сиромашните лица.

Според информациите добиени во спроведеното интервју во Министерството за труд и социјална политика, во текот на 2010 година во Одделението за социјално вклучување, азиланти, мигранти и хуманитарни помошти, биле опфатени вкупно 217 лица, од кои во приватните центри за бездомни лица во Чичино село и во село Љубанци беа згрижени вкупно 157 бездомни лица. Во однос на етничката припадност најголем дел се од Ромската заедница(65%), (20%)Македонци, (8%) лица од Албанска етничка припадност, (5%) лица Турци и лица од друга етничка припадност (2%) . Во однос на возрасната структура од вкупниот број на лица, 118 лица се полнолетни лица и 97 лица се малолетни.Во текот на 2010 година, дел од децата кои се на школска возраст, а згрижени во Прифатниот центар за бездомни лица во Чичино село продолжија со редовна наставна програма во основно училиште.Во 2010 година, беа извршени повеќе медицински прегледи на Клиниките во Скопје, на бездомни лица кои престојуваат на територија на град Скопје и на лица кои се згрижени во Прифатните центри. Во Република Македонија, секој граѓанин кој не поседува имот и не остварува финансиски средства има право на обезбедено домување, храна, бесплатен јавен превоз и бесплатна здравствена заштита од страна на Министерството за труд и социјална политика, додека на децата им се обезбедува бесплатно образование.

## 12.2 Мерките кои ги презема Република Македонија за да се намали невработеноста

Политиките и стратегијата за вработување на Владата на Република Македонија и планираните активности за вработување и ублажување на невработеноста се утврдени во повеќе документи, и тоа: Програмата на Владата на Република Македонија 2008-2012 год, Националната стратегија за вработување 2010, Националната стратегија за намалување на сиромаштија 2010-2020, Националниот акциски план за вработување 2009-2010 (НАПВ), Националната стратегија за млади на РМ, Оперативниот план на Владата за активни програми и мерки за вработување за 2011 година, Стратегијата за демографски развој на

Република Македонија 2008-2015, Повеќегодишната оперативна програма за развој на човечки ресурси 2007-2013, подготвена во согласност со компонентата 4 од Инструментот за претпристапна помош на ЕУ (ИПА), Глобален пакт за работни места1 и Извештај на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија за 2010.

Во текот на реализацијата, средствата обезбедени за соодветната програма, можат да се пренасочат за друг вид на програма од Оперативниот план врз основа на заклучок на Владата на Република Македонија.

Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2011 година е составен од неколку програми :

- Програмата за самовработување има за цел намалување на невработеноста преку започнување на нови бизниси.

Непосредна цел е да се создадат 700 самовработувања преку семејни бизниси. Програмата ќе се реализира преку обука на заинтересирани невработени лица за осознавање на претприемништвото, изготвување на солидни и одржливи бизнис планови, помош при регистрација на сопствен бизнис и субвенција за започнување на бизнисот. Со оваа програма ќе се опфатат нови категории на апликанти со поголемо фокусирање на ефикасноста на поддршката во промовирањето на претприемништвото. Со оваа Програма ќе бидат опфатени 700 невработени граѓани од следниве групи : Евидентирани млади невработени до 27 годишна возраст, евидентирани невработени Роми, евидентирани невработени лица од дејноста на енергетиката, евидентирани невработени лица – професионални војници на кои им престанала службата во АРМ, евидентирани невработени жени кои повеќе од 3 месеци се без работа и евидентирани невработени над 6 месеци.

За реализација на секое самовработување се предвидува поддршка со неповратни средства во висина на 201,897.00 денари, од кои 185,000.00 денари во вид на директна поддршка за набавка на опрема и репроматеријали, додека останатите 16,897.00 денари служат за поддршка во вид на основна обука за водење бизнис, ваучер систем за изработка на бизнис план и поддршка при регистрирање на бизнисите.

Лицата кои ќе бидат опфатени со Програмата за самовработување, во рок од четири години не може да се вратат во евиденцијата на невработени лица во АВРМ,сметано од денот на регистрација на бизнисот.

Регистрираните бизниси кои се поддржани согласно со оваа програма,доколку престанат со вршење на дејност пред истекот на 1 година од датумот на регистрирање на бизнисот, освен во случај на смрт или трајна неспособност, во тој случај лицето –основач на фирмата има обврска да врати 80% од финансиските средства искористени за набавка на опрема и репроматеријали, во период од 12 месеци.

- Програма за поддршка за формализирање на постојните бизниси.

Оваа програма има за цел формализирање на постојни (неформални) бизниси на евидентирани невработени лица и нивно легално вклучување во пазарот на трудот во функција на намалување на сивата економија. Програмата ќе се реализира преку обезбедување на помош при регистрација на постојниот (неформален) бизнис и субвенција за бизнисот на евидентирани невработени лица кои имаат искуство во вршење на дејноста.

Со оваа програма ќе бидат опфатени 250 лица,а поддршка ќе има лице кое е евидентирано како невработено во АВРМ најмалку 3 месеци, а се занимава со неформален бизнис, како и евидентирани невработени лица од областа на енергетиката кај кои настанало откажување на договорот за вработување од деловни причини и професионални војници на кои им престанала

службата во АРМ.За реализација на секое формализирање се предвидува поддршка со неповратни средства во висина од 188,000.00 денари, од кои 185,000.00 денари во вид на директна поддршка за набавка на опрема, репроматеријали и 3,000.00 ден за регистрација на бизнисот.

Доколку се прекрши договорот од страна на корисниците на оваа Програма, тогаш тие се должни да вратат вратат 80% од финансиските средства искористени за набавка на опрема и репроматеријали, во период од 12 месеци.

- Поддршка за дополнителни вработувања во фирми регистрирани преку програмата за самовработување 2007,2008 и 2009 година и Програма за формализирање на постојните бисниси 2008 и 2009 година

Програмата ќе се реализира преку обезбедување на дополнителна поддршка во вид на материјали и опрема за нови работни места во фирми регистрирани преку Програмата за самовработување 2007, 2008 и 2009 година и Програмата за формализирање на постојни бизниси 2008 и 2009 година и ќе бидат реализирани 90 нови вработувања на лица кои се евидентирани како невработени во Агенцијата за вработување.

За реализација на Програмата се предвидува поддршка со неповратни средства во висина од 92,000.00 денари за секое ново- отворено работно место во 2011 година, но не повеќе од 5 работни места (максимум 460,000.00 денари), при што се земаат превид и вработувањата остварени во 2010 година согласно со Пилот програмата –Поддршка за дополнителни вработувања во фирми регистрирани преку Програмата за самовработување 2007 и 2008 година. Приоритет ќе имаат фирмите кои не користеле средства за вработување од Пилот програмата – Поддршка за дополнителни вработувања во фирми

регистрирани преку Програмата за самовработување 2007 и 2008 година имплементирана во 2010 година.

За поддршка на оваа програма, Централниот регистар на Република Македонија треба да обезбеди ажурирани податоци за состојбата на фирмите согласно со утврдените услови т.е. фирмите треба да имаат позитивни финансиски резултати искажани во годишната пресметка за 2010 година.

Работодавачот кој ќе вработи лица согласно со Програмата, има обврска да ги задржи на работа најмалку 12 месеци од денот на засновањето на работниот однос или на нивно место да вработи друго невработено лице, во спротивно ќе треба да ги врати средствата обезбедени во вид на опрема и материјали, во паричен износ сразмерно со времетраењето на вработувањето.

- Пилот програма- мобилност на работна сила, која има за цел цел да ја поттикне мобилноста на невработените лица согласно со локалните потреби на пазарот на трудот, кои не се во можност да се преселат или пак се обесхрабрени поради комплексноста на самата преселба.

Програмата ќе опфати 20 лица и помошта се однесува на евидентирани невработени лица, кои ќе склучат договор за вработување надвор од местото на живеење со минимална оддалеченост од 60 км. Приоритет во селекцијата ќе имаат евидентирани невработени лица со високо образование до 34 години возраст. Лицата ќе бидат поддржани со финансиски средства во висина од 185,000.00 денари во три рати со вклучен персонален данок на доход. (1 рата-74,000.00; 2 рата-55,000.00; 2 рата-55,000.00) Помошта не се однесува на евидентирани невработени лица кои ќе склучат договор за вработување на територија на Град Скопје, како и вработување во јавен сектор.

- Субвенционирање на вработување – со оваа програма ќе добијат финансиска поддршка 655 евидентираните невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот, како што се :
  деца без родители,самохрани родители, самохрани родители со 3 или повеќе деца, млади самохрани родители до 27 годишна возраст,
  брачни парови со 3 или повеќе деца, родители на деца со посебни потреби, постари лица (од 55 до 62 години),млади лица до 27 годишна возраст,невработени лица на кои работниот однос им престанал по основа на стечај, ликвидација или деловни причини,жртви на семејно насилство, и професионални војници на кои им престанала службата во АРМ.

За поддршка за вработување за наведените целни групи се предвидува
субвенционирање на вработување преку финансиска поддршка за секое вработено лице за плата во износ од 15,000,00 денари месечно за период од 6 месеци, со обврска на

работодавачот овие лица да ги задржи на работа најмалку уште 12 месеци (вкупно18 месеци) или на негово место да вработи друго невработено лице, во спротивно да ги врати финансиските средства. Престанокот на работниот однос на субвенционираното лице не може да биде по основ на деловни причини (технолошки вишок). Финансиските средства ќе бидат трансферирани на сметка на работодавачот со обврска истиот да пресметува и исплатува плата (нето плата и законски пропишани придонеси за социјално осигурување и персонален данок на доход) најмалку во износ на обезбедените средства. Работодавачот е должен да доставува
месечен доказ за исплата на плати до АВРМ-центар за вработување за лицата за кои прима субвенции.

При селекцијата на работодавачите ќе се имаат предвид следниве критериуми:

1. Работодавачот што го намалил бројот на вработените лица, 6 (шест) месеци пред објавување на Јавниот оглас нема право на вработување со субвенционирање;
2. Работодавачот кој во текот на 2009 и 2010 година извршил вработувања со субвенционирање и при тоа не се придржувал на одредбите од Договорот за вработување со субвенционирање, нема право на вработување со субвенционирање;
3. Работодавачот не може да ги вработи со субвенционирање лицата што ги отпуштил пред објавување на Јавниот оглас; и
4. Секој работодавач кој има вработено:

- до 10 работници има право да вработи најмногу до 3 невработени лица;
- до 50 работници има право да вработи најмногу до 5 невработени лица;
- над 50 работници има право да вработи најмногу до 10 невработени лица.

- Субвенционирање на вработување на инвалидни лица- со оваа програма се планира вработување на 200 инвалидни невработени лица се врши со цел социјализација на оваа категорија на невработени лица и нивно интегрирање на пазарот на трудот.Субвенцијата ќе се врши согласно со Законот за вработување на инвалидни лица.

- Економско јакнење на жени –жртви на семејно насилство, со оваа програма ќе бидат опфатени 70 евидентирани невработени жени- жртви на семејно насилство. Истите треба да бидат евидентирани во ЦСР, со статус на жена-жртва на семејно насилство, како корисник на социјални услуги, утврден со наод имислење на стручен тим во рамките на ЦСР. За реализација на оваа програма ќе важат услови и критериуми кои се веќе утврдени во рамките на постојните програми.

Со овие Програми за вработување, се планираат околу илјада и три стотини нови вработувања во 2011 година.

Освен Програмите за вработување, Агенцијата за вработување ги финансира и обуките и практиканството и другите дополнителни едукативни програми кои спаѓаат во Оперативниот план-2011.

Во рамките на Програмата, се предвидува обука, преквалификација или доквалификација, со цел зголемување на конкурентноста на пазарот на трудот и вработување на евидентирани невработени лица. При креирање на мерките од Програмата подготовка за вработување преку обука, земени се предвид и сознанијата добиени од спроведената анализа за потребите од вештини на пазарот на труд во Република Македонија, како и сознанијата од стручните служби на АВРМ и сознанијата од реализираната програма – Анкета за слободни работни места.

Оваа програма се реализира преку следниве мерки:

- Обука, преквалификација или доквалификација за работници
- Обуки во работните клубови за стекнување на знаења и вештин(странски јазик и компјутери)
- Обука на евидентирани невработени млади лица до 29 години, за работодавачи во текстилната индустрија
-Обука за одделни занимања кои се дефицитарни на пазарот на трудот
-Обука за стекнување напредни дефицитарни вештини од областа на информатиката
-Едукација за започнување на бизнис
- Обучување на невработени Роми.

Учество во обуките треба да земат пет илјади невработени лица евидентирани во Агенцијата за вработување, кои ќе добијат бесплатни обуки кои ќе траат од три до шест месеци, при што учесниците ќе добијат бесплатен јавен превоз и месечни финансиски средства во зависност од обуките од четири до пет илјади денари месечно.

Исто така, Агенцијата за вработување врши финансиска поддршка на практиканството т.е. волонтерството, со што обезбедува финансирање на 300 невработени лица до 27 години кои имаат завршено најмалку средно образование и сакаат да се стекнат со одделени знаења и вештини кои би им користеле во иднина и би им помогнале за полесно вработување.

За спроведување на оваа програма, ќе се исплаќаат по 5,000.00 денари за лице месечно со вклучен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување.

За имплементацијата на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2011 година, потребни се 499,378,880.00 денари .

Во Буџетот на МТСП за 2011 година, се планирани 200,560,000.00 денари од кои 500,000.00 денари ќе се обезбедат со прераспределба на средства во рамки наБуџетот на Министерството за труд и социјална политика за 2011 година од потпрограма 43-

Поддршка на имплементацијата на декадата и стратегијата наРомите на потпрограма БА-Поттикнување на вработувањето; од Буџетот на Агенцијата за вработување на РМ 279,515,000.00 денари; од поврат на ДДВ од 2010година преку УНДП 8,840,000,00 денари; УНДП за Економско јакнење на жени- жртви на семејно насилство 10,463,880.00ден.

Како друга дополнителна мерка се воведува и бришењето на голем број на корисници на социјална помош. Над 100.000 лица ќе бидат отстранети од списокот со невработени лица во наредните четири години, со што стапката на невработеност ќе се сведе на 25%. На овој начин Владата планира да го реши проблемот со високата невработеност во земјава, која ја рангира Македонија меѓу првите држави со највисока стапка на невработеност во Европа.

Од листата со невработени веќе почнуваат да се „чистат" сите што остваруваат приходи, а се регистрираат како невработени само за бесплатно здравствено осигурување.

Според првичните проекции, со првата мерка, односно со последната законска измена за пререгистрација на невработените, во голем дел ќе се намали стапката на невработеност, која изнесува 31,2%.

Од Агенцијата за вработување, која го евидентира бројот на невработени лица, потенцираат дека во изминатите неколку години има тренд на намалување на бројот на невработени, но немаат проекции колку е реалната стапка на невработеност во државава. Велат дека најголемо влијание за тоа има владината стратегија за вработување, која почнува да се имплементира низ повеќе документи.

За намалување на бројот на евидентирани невработени лица во одредена мера придонесе измената на законот во делот на остварување право на здравствено осигурување на невработените лица, односно евидентирањето како невработен повеќе не е услов за остварување на правото на здравствено осигурување. Тоа право може да се оствари директно преку Фондот за здравствено осигурување.

Проекциите на експертите пак, се уште пооптимистички од владината пресметка. Според Мирољуб Шукаров, професор на Универзитетот на Југоисточна Европа, реалната стапка на невработеност е пониска од 20%.

“Пред две години заедно со УНДП правевме анализа за пазарот на работна сила. Анкетата, која беше спроведена на голем број испитаници, покажа дека стапката на невработеност во државата е 20%, што исто така е голем процент. Минатата година повторно ја правевме

истата анкета, која покажа дека стапката на невработеност во Македонија е околу 19%", вели професорот Шукаров.

Тој очекува невработеноста да е пониска и од ова, но за да се прикаже тоа потребна е сериозна промена во методологијата за регистрирање на невработените.

"Министерството за труд треба да најде начин да ја прикаже реалната невработеност и да дефинира кои се невработени, односно кои навистина бараат работа, а кои се регистрирани како невработени само за социјални и здравствени бенифиции од државата. Кога се смени Законот за здравствено осигурување сите очекуваа стапката на невработеност да се намали, но тоа не профункционира", објаснува Шукаров.

Според последните измени во законите за социјални придонеси и за здравствено осигурување, сите невработени кои имаат месечни примања од и над 11.000 денари немаат право на бесплатни сини картони. Ако сакаат здравствено осигурување ќе треба да плаќаат надомест како вработените. Сите невработени најдоцна до 1. септември треба да се пререгистрираат со изјава од Управата за јавни приходи за вкупно остварените приходи од претходната година. (http://www.time.mk/read/85819bc393/1f26560f37/index.html)

Со цел да се дадат подобри одговори за проблемите со невработеноста во Република Македонија,беше спроведено интервју. Учесници во интервјуата беа стручни лица и експерти во познавањето на проблематиката поврзана со темата на овој магистерски труд,истакнати професори,социолози и економисти од: Филозофски факултет-Скопје,Европскиот информативен центар,Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија и Стопански комори на Република Македонија. Според мислењата и ставовите на учесницитево, ги добивме следните заклучоци,ставови и мислења:

Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2011 година, беше оценет од учесниците во интервјуто како премногу оптимистичен-„ теоретски многу добро составен, но практично тежок за спроведување''.

Сите учесници во интервјуто за ова магистерско истражување, беа согласни дека стапката на невработеност во Република Македонија е нереална и дека таа реално изнесува околу20-25%.Проблемот со нереалната висока стапка на невработеност, учесниците во интервјуто го лоцира во неефективната работа на државните институции.

-„Агенцијата за вработување функционираше изминатите дваесеттина години само како институција преку која граѓаните можеа да добијат бесплатни здравствени картони и која правеше статистички забелешки за тоа колку лица во државата се невработени , а не колку

од нив се реални баратели на работа и како да им се помогне да добијат ново вработување''.

Сите учесници во интервјуто беа согласни дека високата стапка на невработеност се должи на актуелните економски случувања во државата, како што се :слабиот економски раст,слабиот извоз, малиот број на странски и домашни инвестиции во стопанството, технолошката заостанатост во стопанството и земјоделството итн. Но, улога во високата стапка на невработеност имаат и лошото функционирање на јавните институции во непреземањето на мерки против неформалната економија, немање на јасна стратегија за политиката на вработување, недоволно квалификувана работна сила, слабости во образовниот систем и слаба социјална политика.

Во сето ова, има вистина, имајќи предвид дека на 31 декември 2010 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија имало вкупно 519 вработени на неопределено време. Врз основа на утврдениот број на вкупно невработени лица регистрирани на 31.12.2010 година (321341 лица) што ги опслужува Агенцијата за вработување, индикативен е податокот дека во текот на 2010 година, еден работник на Агенцијата за вработување опслужувал во просек по околу 619 невработени лица. Просекот на ЕУ се движи помеѓу 110 - 150 невработени лица по вработен во нивните служби за вработување.

Во периодот од 01 јануари до 31 јули 2011 година, имало 132 011 нови вработувања, од кои само 32 194 невработени биле евидентирани во Агенцијата за вработување, додека 99 817 лица не биле евидентирани во Агенцијата за вработување.
Имајќи ги овие податоци предвид, станува дискутабилно колку Агенцијата за вработување е во можност да ги спроведе мерките предвидени со Оперативниот план за 2011 година. Голем дел од невработените граѓани не се заинтересирани за да ги искористат програмите или обуките кои што се нудат преку Агенцијата за вработување, од бројни причини како што се : недоволно актуелизирање на планот и недоволната информираност на граѓаните, немање на доволен и стручен персонал на Агенцијата која не може соодветно и квалитетно да одговори на потребите и барањата на корисниците, недоволно квалитетните обуки кои изминатите години ги нудеше Агенцијата на невработените лица и финансиските средства кои се нудат преку програмите за вработување/самовработување кои голем дел од граѓаните ги сметат за премногу мали и недоволни за започнување на сопствен бизнис и самовработување.
Потребни се реформи во социјалната политика и кадровски промени со добар образован кадар е ставот на интервјуираните учесници.Во интервјуто ги добивме и следниве заклучоци:
Моментално во Македонија, политиката на вработување не може премногу да се насочува и да дава големи резултати, се додека не започне вистинско заживување во македонската

економија. Најпрво треба да се создадат услови за нови вработувања кои ќе бидат поттикнати преку економски раст и развој, а потоа политиката на вработување да ја насочува работната сила согласно со потребите на пазарот на трудот.
Во Македонија пазарот на трудот има многу ограничени потреби за да се создаваат силни политики на вработувања,кои во моментов не би дале конкретни резултати , најпрво треба да се појави потреба од нови вработувања, за подоцна да се одговори согласно на тие потреби преку политиката на вработување за насочување на работната сила на пазарот на трудот.

За да се дојде до сериозно зголемување на нови вработувања најпрво треба политиката да биде ставена во функција на бизнисот,за да се создадат услови Македонија да стане привлечна за странски инвестиции и да започне економски раст кој ќе создаде услови за нови работни места, бидејќи моментално во Македонија има голема понуда на работна сила на пазарот на труд, но мала побарувачка.

-Како предуслов за тоа е да се подобри ликвидноста - подобар пристап до поефтин капитал т.е. банките да овозможат кредити со пониска каматна стапка и да се воведат помали оданочувања на фирмите.

Но, и покрај тоа што во Република Македонија има висока стапка на невработеност, сепак постои дефицит на пазарот на трудот за некои професии,каде што политиката на вработување може да делува, како на пример во градежниот сектор, кадешто во време на градежната сезона (во периодот на пролетните и летните месеци) квалификуваните градежни работници најчесто заминуваат да работат во соседните држави или во други странски држави кадешто се подобро платени, додека квалификуваните градежни работници кои се во државата веќе работат за домашните градежни компании, па на тој начин во државата се појавува дефицит од квалификувани градежни работници и најчесто градежните работите во домаќинствата ги извршуваат недоволно квалификувани градежни работници. Но, потребата од квалификувани работници не е присутна само во градежниот сектор, таа постои и во енергетскиот, машинскиот и информатичкиот сектор.Посебно во информатичкиот сектор можат да се вклучат и во домашниот и во глобалниот пазар на трудот,што е од особено големо значење за влез странски финансиски средства во државата.

Стопанската комора бара економска политика која би го поттикнала извозот и стопанството и производство на конкурентни производи како за на домашниот пазар, така и за во странство.Тоа би било возможно преку промена на економскиот модел,кој ќе гарантира стабилност на цените и зголемување на економскиот раст кој моментално е слаб и незадоволителен.За зголемување на извозот неопходен е конкурентен производ, а

во создавањето на конкурентни производи клучен фактор се инвестициите. Исто така неопходен е технолошки развој во стопанството.

Заклучокот е дека теоретски економската политика во Македонија е многу добра, но таа практично тешко се спроведува.

-Во Македонија има застарена стопанска структура, пад на знаење, недостаток на инвестиции и недоволно развиена инфраструктурна и енергетска мрежа.

-Со цел да се постигне економски развој кој што ќе создаде услови за нови вработувања, во Македонија треба да се модернизира стопанството (технолошка модернизација), да се зголемат инвестициите(како домашните така и странските), да се развива енергетскиот сектор со можност за извозна и продуктивна намена, да се подобри инфраструктурата и производството да се насочи кон извоз, во преработувачката индустрија да се зголеми производството на финални производи и да се создаваат квалитетни и конкурентни производи, како и да се дава предност на давањето на услугите, бидејќи бројот на баратели на услуги е се поголем и да се намали сивата (неформалната)економија.

Државата треба да делува повеќе во поддршка на реалниот економски сектор, посебно онаму каде што има можност за вработување или веќе работат поголем број на вработени. Таков е позитивниот пример со Фени Индустри, каде што државата субвенционира дел од електричната енергија со цел фабриката да продолжи со работа и на тој начин се остварува заемен интерес, од една страна фабриката не работи со загуби, од друга страна работниците не ги губат своите работни места.

Особено беше нагласена од страна на учесниците во интервјуто, неискористеноста на финансиските средства од европските фондови:

-Во Република Македонија многу слабо се искористуваат средствата од претпистапните европските фондови од страна на граѓаните, при што се работи за значителни суми на пари кои во голема мера можат да ја придвижат македонската економија.

Со цел да им помогне на земјите кандидати за членство,Европската унија им доделува финансиска поддршка на овие земји преку така наречени претпристапни финансиски инструменти кои имаат за цел да ги намалат економските и социјалните разлики помеѓу Европската унија и земјите кандидати за пристапување во Унијата.

Интересот кај граѓаните за користење на финансиските средства од ИПА-фондовите[24] е многу мал. Малиот интерес може да се должи на недоволната актуелизација на фондовите и слабата запознаеност на граѓаните со поволностите од овие фондови.

Помошта од ИПА може да биде искористена во следниве компоненти: Помош при транзиција и градење институции; Меѓугранична соработка; Регионален развој; Развој на човечки ресурси и рурален развој.

Користењето на сите пет компоненти им е овозможено на Македонија,Турција и Хрватска, бидејќи имаат акредитиран децентрализиран систем за управување со фондовите(ДИС) и се земји кандидати за членство во Унијата; додека Србија,Црна Гора,Косово,Албанија и Босна и Херцеговина немаат акредитиран ДИС и се само потенцијални кандидати за членство во Унијата, имаат право да ги користат само првите две компоненти од програмата.

Инструментот за претпристапна помош 2007-2013 година,во фокусот има два главни приоритета:

-Помош за земјите во исполнување на политички и економски критериуми, како и изградба на административни капацитети и зајакнување на правосудството;

-Помош за земјите во подготовка за користење на структурните и кохезионите фондови на ЕУ после пристапувањето во Унијата.

Компонентите на ИПА, претставуваат пандан на инструментите на кохезионата политика (структурните фондови и Кохезиониот фонд).

Имајќи предвид дека Македонија може да ги користи сите пет компоненти од програмата и дека Хрватска од наредната година ќе стане земја-членка на Европската унија, остануваат многу финансиски средства од програмата кои Македонија треба да ги искористи. Овие финансии можат многу да придонесат за развојот на многу области и дејности и да ги зголемат новите вработувања и самовработувања во државата.

Меѓутоа,од вкупните финансиски средства од 139 милиони евра наменети за државите од Западен Балкан преку Европските инвестициски фондови, Македонија искористила до септември месец 2011 година, само 6.6 милиони евра или 3% од вкупните средства што е многу малку.

[24] ИПА- инструмент за претпристапна помош,кој од 2006 година ги замени поединечните инструменти за претпристапна помош(PHARE,SAPARD,ISPA и CARDS) за поддршка на реформите во земјите кои беа опфатени со процесот.

Најголем дел од овие финансиски средства биле наменети за финансирање на проекти за развој на животната средина, но во Македонија не бил поднесен ниеден план за ваков проект. Додека од 40 милиони евра кои на Македонија и следуваат од ИПАРД-програмата, Македонија искористила само 6 милиони евра.

Ова е доказ дека во Република Македонија постои начин за добивање на финансиски средства за развој на економијата, во сите области и сектори, но се уште искористеноста на средствата е многу мала за да даде позабележителни резултати и напредок .

Секторот за земјоделство,шумарство и лов е вториот сектор по број на вработени(после секторот за преработувачка индустрија) кој во четвртиот квартал од 2010 година број 126 928 иљади вработени. Доколку започнат помасовно да се користат парите од ИПАРД-програмата, овој сектор може многу да се развие и да допринесе за подобар квалитет и квантитет на земјоделските производи, технолошка модернизација на земјоделството и негово укрупнување, зголемување на извозот на земјоделските производи и развој на прехрамбената индустрија, подобрување на животниот стандард на вработените во овој сектор, можности за самовработување и поголем број на нови вработувања.Но со финансиските средства од ИПА-програмата можат да се развијат и многу други сектори во државата поврзани со : индустријата,енергетиката,информатиката,животната средина,туризмот,транспортот,водоснабдувањето,железничкиот сообраќај,итн., во кои можат да се вработат голем број на граѓани и значително да се намали невработеноста во државата.

Исто така, институциите во државата можат да ги користат средствата од ИПА-програмата, со цел да го подобрат квалитетот и услугата на својата работа и функционирање или да направат реформи во работењето.

Но сето ова се одвива многу бавно, државните институции слабо ги користат финансиските средства од програмата, а се уште се соочуваат со големи проблеми во работењето (и во поглед на стручниот кадар на вработените и во квалитетот на услугите).

Присутен е ризик во креирањето на македонската економска политика во изминативе дваесеттина години, нагласувајќи дека во Македонија предност се дава на трговските центри и угостителските објекти, додека производстото беше долго време занемарувано, што ја доведе државата до состојба на зголемување на увозот, а намалување на извозот, а од друга страна најголемиот дел од економијата беше базиран на трговија, што резултира со намалување на потрошувачката моќ кај граѓаните и пад на стандардот.

Во интервјуто, особено беше критикувана краткогледата политика на вработување која досега ја воделе сите Влади во изминатите години. Приватниот сектор во државата има ограничени потреби од нови вработувања, додека во државата постои висока стапка на

невработеност, па Владите проблемот со невработеноста го решаваа со нови вработувања во јавниот и државниот сектор,што претставуваше решение на краткорочен план, но проблем на долгорочен план, бидејќи новите вработувања во државниот сектор се на товар на граѓаните. Имајќи предвид дека во државната администрација има три пати повеќе вработени лица од реалните потреби и стандардите за број на вработени во државна администрација кои се следат во земјите-членки на Унијата, загрижува податокот што се уште расте бројот на нови вработувања во државната администрација.Наместо инвестиции и поттикнувачки мерки за раст ,развој и модернизација на стопанството, кое само по себе ќе создадеше услови за нови вработувања, дел од буџетот на државата мораше да се прелева во исплата на вработените во јавните служби, што претставуваше занемарување на инвестициите во стопанството и реалната економија.

Државата може да се соочи со големи проблеми во исплаќањето на платите на работниците во јавниот сектор, доколку продолжат трендовите на нови вработувања во овие институции, а не во реалната економија и во Македонија може да настане слична ситуација како со примерот на Грција, сметаат поголемиот број од учесниците во интервјуто.

Исто така, како огромен проблем за постоење на висока стапка на невработеност во државата, интервјуираните учесници ја посочија неформалната економија:

- Македонија како земја која има висока стапка на невработеност, мора најпрво да изврши напори за да ја формализира неформалната економија, при што ќе се дознае вистинската бројка на невработеност, а потоа мора подинамично да прави обиди за заздравување на економијата и економскиот раст, за зголемување на извозот и привлекување на странски инвестиции кои би допринеле за отворање на нови работни места и да ги забрза преговорите со Европската Унија и Нато, со што би ја обезбедила својата стабилност. Доколку стане Македонија членка на една од овие две институции, таа ќе успее да привлече голем број на странски инвестиции што би резултирало со голем број на нови вработувања. Пример за тоа е Албанија која по пристапување во Нато-сојузот привлече голем број на странски инвестиции, исто како и Бугарија, Романија и Полска по пристапувањето во Унијата.

Неформалната економија не може да биде целосно искоренета никогаш. Таа е присутна и во високоразвиените држави и учествува со најмалку 10% од нивниот БДП . Во Република Македонија во изминатите години е намалена неформалната економија и според мислењето на на испитаниците таа учествува приближно околу 25- 30% во БДП, за разлика од минатите години кога се проценува дека учествувала со 40 - 45% од БДП.

Високата стапка на невработеност која подолг временски период се движи меѓу 31-36%, е основниот показател дека неминовно ќе биде постоењето на неформалната економија како единствен социјален канал за прераспределба на приходите во државата.

Во Република Македонија има повеќе од 250 илјади работници кои работат во неформална економија(според мислењето на интервјуираните испитаници), од кои најголемиот број обавуваат работи во земјоделството и сточарството, но не е мал бројот и на оние кои работат во трговијата,занаетчиството, пазарите,угостителскиот и градежниот сектор.

Државата прави напори за овие работници да ги вметне во формалниот сектор т.е. да влезат во формалниот пазарот на труд, меѓутоа постојат бројни проблеми и тешкотии за тоа да биде изведено од причина што голем дел од овие работници не се сопственици на земјата којашто ја обработуваат и своите производи повторно ги пласираат во неформалната економија.

-Но, кај голем број од вработените во неформалниот сектор постои и страв да го формализираат својот труд од бројни причини, меѓу кои : недоволната заработувачка која што ја остваруваат со неформалната работа и на тој начин, финансиските средства би биле уште помали доколку го формализираат својот труд; потоа дел од оние кои учествуваат во неформалниот труд, тоа го обавуваат како дополнителна работа, а веќе учествуваат со друга работа во формалниот пазар на труд.

-За да се формализира овој труд е неопходно негово окрупнување, посебно кај оние кои се занимаваат со мало производство во земјоделството, сточарството и малите ситни производствени услуги кои ги вршат. Затоа државата треба да ги охрабри овие граѓани, дека доколку го формализираат својот труд, таа ќе им помогне со одредени средства-бенефиции да успеат да го зголемат своето производство, преку намалени даноци, поволни кредити, субвенции или други неповратни инвестиции.

Чести се случаите кога и во формалните бизниси се случуваат низа неправилности, како на пример да работат непријавени работници извесен период,кои се водат како невработени или се пријавуваат со помало работно време ,а работат повеќе часови;се користи трудот на волонтерите како да се регуларно вработени итн., што резултира со прикривање на трудот со цел да се избегнат дополнителни давачки кон државата, но и кон вработените.

Државата треба да ги поттикне неформалните бизниси да се формализираат преку давање на некои поволности, како на пример помали одданочување првите години или финансиска поддршка за работниците кои ке треба од неформалниот сектор да преминат во формален.

-Меѓутоа, државата во исто време мора да постави услови и рокови за формализирање на економијата, и покрај тоа што таа ќе го поттикнува и финансира во извесна мера формализирањето на бизнисите, државата мора да има и строги казни и санкции за оние кои нема тоа да го сторат, во спротивно државата ќе изгледа како да го моли неформалниот бизнис и како институциите во државата да не функционираат.

Постоењето на голема неформална економија во државата значи и постоење на голема неформална работна сила. Тоа создава големи проблеми во државата, бидејќи голем дел од тие вработени се водат во социјалните институции како невработени и се на товар на буџетот на државата, со што дополнително се намалуваат финансиските средства во тие институции, тие институции започнуваат да слабеат и помалку ефикасно да функционираат при што не можат соодветно да одговорат на потребите кои што ги имаат навистина невработените граѓани.

Од страна на интервјуираните учесници беше потенцирана потребата од реформирање на постоечката социјална политика во Република Македонија:

-Креирањето на социјалната политика и политиката на вработување во државата мора да биде надоврзано со еконоската политика и стратегија во државата.Доколку социјалната политика во Македонија не функционира, тогаш е потребно да се направат реформи и нови стратегии за развој на социјалната политика. Потребно е да се следат примерите од државите во Унијата кои бележат успеси во намалувањето на невработеноста, зголемувањето на социјалната помош и намалувањето на сиромаштијата и тие примери можат да се применат и во Република Македонија, со што не мора буквално да се копира целосниот модел од некоја држава, туку оние позитивни пракси коишто би можеле да бидат применливи овде и би дале резултати во зависност од можностите.

Од страна на интервјуираните учесници беше потенцирано образованието како важен предуслов за намалување на невработеноста:

-Во последниве 20-тина години во Република Македонија образованието доживеа големи промени, но истовремено се соочува и со многу сериозни проблеми.

Недостаток на соодветен стручен кадар и квалификувана работна сила која брзо би се вклопила во работниот процес, сето тоа се должи на слабостите во образованието кое не е насочено кон реалните потреби на пазарот на труд. Неопходна е соработка помеѓу бизнис секторот и образованието, со цел учениците и студентите да добијат знаења и квалификации кои ќе одговорат на потребите на пазарот на трудот и полесно ќе можат да пристапат во него- сите учесници во интервјуто, беа согласни и ги потврдија овие ставови.

-За разлика од минатото кога имаше елитистички пристап (со строга селекција на кандидати кои ќе студираат), високото образование го воведе популистичкиот пристап,

посебно по потпишувањето на Болоњската декларација и Лисабонскиот договор. Со овој пристап се овозможи на секој граѓанин да заврши високо образование, што резултираше со максимално зголемување на луѓето кои се запишуваат и завршуваат факултети, но од друга страна значеше намалување на критериумите за евалуација, квалитет на знаење и квалитет на настава, и отворање на приватни факултети кои дополнително ги забрзаа овие состојби во образованието.

Докторските студии останаа во елитистичкиот пристап, додека додипломските и магистерските студии го прифатија популистичкиот начин со цел да бидат ставени во функција на пазарната економија, но со намалувањето на критериумите се постигна обратниот ефект од посакуваниот, студентите кои ги завршуваат студиите не се доволно квалификувани и стручни за да одговорат на барањата на пазарот на трудот.

Главен недостаток е се она што го прави Република Македонија во високото образование, бидејќи е спротивно со она што се случува во високото образование во Европската унија.

Наместо да го реши проблемот, Болоњската декларација само го влоши и го зголеми проблемот со невработеноста.

Целокупното знаење што се добива на факултетите е само теоретско, практичното знаење недостасува. Но дури и да се реши проблемот со практичното знаење и настава, ќе остане голем проблем вработувањето.

Во минатото државата учествувала во градењето на образовната политика, земајќи ги предвид потребите на пазарот на трудот.

Тоа може да се случи и денес, што би бил еден позитивен чекор и е можно само доколку одборот за акредитација и евалуација биде построг за следење во образованието на потребите на пазарот на труд.

Промени се потребни во насоките на оспособување на високообразовниот кадар со цел да биде спремен по завршувањето на студиите активно да се вклучи во самиот процес на работа, а за брза транзиција(периодот помеѓу завршување на студирање и вработување) потребно е кадарот да биде квалитетен и конкурентен.

-Засега, образовниот систем во Република Македонија произведува само „теориски'' кадар, кој во основа нема доволен квалитет за брзо пристапување во практична работа.

Треба да се организираат повеќе обуки за времетраењето на студиите, а претходно во средното образование да се насочат учениците кон продолжување на оние факултети,чиј кадар е повеќе потребен и баран на пазрот на трудот, бидејќи е забележително дека

општествените и медицинските науки се најактрактивни за учениците, додека за природните и техничките науки, интересот е многу помал.

На тој начин, се создава дисбаланс на пазарот на трудот и зголемување на кадри кои во иднина имаат проблеми со вработување .

Образованието во Република Македонија се соочува со голема „ криза од незнаење ” и низа на слабости во последниве децении, посебно по независноста на државата, кога во образованието е присутна само теоретската настава, додека практичната настава или е слабо застапена или воопшто ја нема.

Проблемот постои и во основното образование, но поголем е проблемот во средното и високото образование.

-Средните училишта, имаат многу слаба и недоволно застапена практична настава. Некои средни училишта, дури и воопшто немаат практична настава, а практичното знаење, посебно недостасува во техничките училишта.

Според тоа, учениците во текот на образованието, не ги стекнуваат потребните знаења и по завршувањето на средното училиште не се подготвени своето знаење да го искористат во професионално вработување, што го наметнува мислењето дека средното образование е ставено само во функција на високото образование т.е. дека средното образование, посебно стручното, не е во функција да создаде квалификувана работна сила и затоа е неопходно да се продолжи со студирање.

Недостатокот на практична настава, најмногу е забележлив во високото образование, што резултира, исто така, со недоволно квалитетен кадар на работна сила која произлегува од високото образование.Неопходно е да се актуелизира и повторно да се зголеми практичната настава и знаење, како во училиштата,така и на факултетите”.

Постои голем јаз меѓу побарувачката и потребите на пазарот на трудот. Од една страна голем број на невработени луѓе, а од друга страна невработените луѓе не одговараат на потребите на пазарот на труд кои моментално се потребни.

Беше истакнат примерот со фабриката Џонсонс Контрол,во која, откако биле примени дипломирани машински инжинери од Машинскиот факултет во Македонија, било утврдено дека студентите она што го учеле на факултет не можат да го применат во пракса, затоа студентите имале дополнителни шест месеци практична работа во фабриката.

Слични примери се случуваат со студентите од сите факултети во државата, што е доказ за слабостите во образованието.

Треба да се зголемува образованието насочено кон градењето на идните професии, меѓу кои и кампањите за вработување преку самовработување, кои многу слабо се актуелизираат, како и неформалното образование да има можност да се формализира или признае соодветно.

Во Македонија недостасува политика и поголема едукација за самовработување. Во Словенија во изминатите неколку години, имало повеќе од 120 илјади самовработувања.

Недостасува зголемено учество на младите во волонтерски работи, со цел да добијат поголеми практични знаења и полесно да се приклучат кон пазарот на труд. Исто така, повеќе да се актуелизира доживотното образование и да се подобри квалитетот на обуките кои се нудат од страна на некои институции во државата, како Агенцијата за вработување, која дава обуки за квалификација, доквалификација и преквалификација на невработени лица.

-Обуките кои се нудат преку Агенцијата за вработување се неефикасни.

-Потребни се кадровски промени, потребни се повеќе центри и добро образован и квалификуван кадар кој што ќе работи во тие центри во Агенцијата за вработување, давајќи им на невработените, обуки и курсеви преку кои навистина ќе добијат квалитетни знаења и ќе можат тие знаења практично да ги искористат со вработување, бидејќи моментално обуките и курсевите кои што се спроведуваат во Агенцијата за вработување,не нудат соодветно знаење туку само сертификат за завршени обуки.

## 13.Причините за големите разлики во стапката на невработеност помеѓу државите-членки на Европската унија и мерките кои се преземаат за нејзино намалување

Следниве ставови,заклучоци и мислења се базирани според информациите добиени од интервјуто направено за истражувачкиот труд. Учесници во интервјуата беа стручни лица и експерти во познавањето на проблематиката поврзана со темата на овој магистерски труд.Учество земаа истакнати професори,социолози и економисти од: Филозофски факултет- Скопје,Европскиот информативен центар на Република Македонија,Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија и Стопанските комори на Република Македонија.

Големите разлики во стапката на невработеност помеѓу државите-членки на Европската Унија,беше оценето дека постојат од бројни причини,како на пример:

-Голем дел од граѓаните имаат погрешна претстава за Европската Унија и сметаат дека таа е единствена држава во која што постојат исти закони, ист начин на функционирање на институциите, економската, социјалната, внатрешната и надворешната политиката итн., па оттука делува и чудно како во Европската унија се појавуваат толку големи разлики во поглед на невработеноста, но и во многу други сегменти.

Може да се заклучи дека во Европската Унија меѓу државите-членки постојат многу повеќе разлики отколку заеднички работи. Така на пример, Европската Унија има единствен пазар, единствена аграрна политика и монетарна политика[25].

Државите-членки на Унијата, самостојно ја уредуваат својата економска политика, односно самите се грижат за фискалната политика, оданочувањето и распределбата на буџетот. Фактите укажуваат,според тоа како ја креираат својата економска политика,зависи колку државите инвестираат во енергетската и инфраструктурна мрежа, како го насочуваат извозот, каква поддршка даваат за поттикнување, развој на стопанството и негова технолошка модернизација; како се гради бизнис климата во една држава- дали преку намалување на даноците за фирмите или преку нивна поддршка за нови вработувања;какви политики се креираат за да се зголеми производството и извозот, да се привлечат нови инвестиции итн. Сето тоа допринесува да постојат разлики помеѓу државите-членки во поглед на нивната економска развиеност.Во сите овие домени помеѓу државите-членки на Унијата постојат многу големи разлики кои директно се одразуваат во однос на стапката на невработеност.

Исто така, државите-членки самостојно си ја уредуваат својата социјална политика, политиката на вработување и образовната политика, што претставува постоење на дополнителни разлики меѓу земјите, но од друга страна е нелогично да биде создадена една единствена социјална политика и политика на вработување на ниво на Европската Унија, бидејќи секоја земја ја креира своја економска политика, па според таа политика ги уредува политиката на вработување и образовната политика, т.е. ги насочува во поголема или помала мера кон потребите на пазарот на труд.

Постојат големи разлики уште при стартната основа на државите кога тие биле вклучени во Унијата.

Разликите во стапката на невработеност кои постојат меѓу државите-членки на Унијата се должат на различната економска развиеност на државите, големите структурни разлики во демократските институции и големи разлики во социјалната политика и нејзиниот однос со пазарната економија во земјите-членки на Унијата.

Првите шест држави кои ја создадоа Европската економска заедница ги имаа поизедначено енергетската и машинската индустрија т.е. пристапиле кон ЕЕЗ со горе-долу изедначени економии. Исто така, тие добиле големи финансиските средства од Маршаловиот план , кои допринесоа многу за развојот и стабилноста на економијата во

[25] Единствената монетарна политика е спроведена во земјите на Еврозоната.

овие земји. Грција добила најмногу финансиски средства по глава од жител од Маршаловиот план, додека останатите држави кои пристапиле во Унијата после Грција веќе не добивале финансиски средства од Маршаловиот план.Исто така, државите кои подоцна стапуваат во ЕУ , бележат големи економски разлики во однос на старите земји-членки на Унијата и тие разлики во голем дел се забележливи и денес.

Денеска честопати се употребува терминот „ Јадро“ на Европската Унија и во него се вбројуваат најдобро фунцкионирачките економии во Унијата и државите кои имаат силни институции, како : Германија,Франција,Луксембург,Холандија,Белгија и Скандинавските земји.

Терминот „ невработеност ” е многу различно категоризиран во земјите-членки на Унијата, што дополнително допринесува да постојат уште поголеми разлики во стапката на невработеност . Така на пример, во Словенија во 1997 година се направени измени во законот за вработување и под терминот „невработен“ – се опфатени само оние граѓани кои немаат можност за никаков финансиски бенефит т.е. месечни примања. Секој граѓанин кој може да остварува придонеси преку сопственост на имот, како земја за обработување или живеалиште кое може да се изнајмува, се води само како лице кое е барател на работа, но не и на категоријата-невработен. На тој начин во Словенија во 1997 година, стапката на невработеност е намалена од 14.5% на 7%.

Големите разлики во невработеноста ја отсликуваат и економската разлика која постои меѓу државите-членки во Унијата.

Можеме да се заклучи дека високите стапки на невработеност кои се присутни во некои земји-членки на Унијата, не се само последица од глобалната економска криза, туку во голем дел се последица на нетранспарентните политики кои се воделе изминатите години во тие земји.

Во период на економски раст и развој, државите мораат да ги намалат недостатоците и слабостите кои постојат во институциите, системот и секторите.

Во тие периоди мораат да се извршат зајакнувања на образованието, квалитетот и конкурентноста на работната сила и нејзино насочување кон потребите на пазарот на трудот, создавање на поволна бизнис клима во државата, инвестиции во енергетиката, технолошкиот развој и инфраструктурата и зајакнување на социјалната политика. Доколку не се инвестира во овие работи, додека државата е економски стабилна, таа ќе се соочи со огромни проблеми и тешко надминување на истите во време на економска криза, што ќе резултира со поголема стапка на невработеност. Голем дел од државите кои денес се соочуваат со големи стапки на невработеност, слабо го насочуваа интересот за инвестирање во овие домени,кога биле економски постабилни.

Големите разлики во невработеноста се должат на повеќе фактори, меѓу кои на различните индустриски гранки кои се застапени во државите, разликите во вложувањето во развојните технологии, работната култура на населението и моделите на вработување (обуки при работа, типот на работното време и работата итн.)

Голем удел во развој на економијата, извозот, а со тоа и индиректно на новите вработувања има инфраструктурата во една држава.

-Ирска и Португалија ги имаа решено инфраструктурните проблеми и успејаа да ја зголемат вработеноста , слично како и Полска многу години подоцна, која од новите членки на Унијата успеа да привлече најголем број на странски инвестиции и драстично да ја намали невработеноста.

Шпанија , Грција и Романија се уште имаат големи инфраструктурни проблеми што директно се одразува на извозот и странските инвестиции. Бугарија во голема мера ја намали невработеноста, не толку многу поради економскиот раст и зголеменото производство, колку поради големата имиграција што се случи во Бугарија кон поразвиените европски држави. Голема миграција на работна сила се случи и во Полска, но во Полска беа големи и странските инвестиции и забрзаниот економски раст и развој.

Глобалната економска криза не ги погоди подеднакво земјите-членки на Унијата.

-Капиталот е мобилен ресурс кој во глобални размери најбрзо се префрла. САД, Британија, Ирска и Исланд се оние земји кои беа најмногу инволвирани во финансиската мрежа и кога настана криза во финансискиот сектор таа многу брзо се префрли и во реалниот економски сектор, а кога престанаа можностите за финансирање на производството т.е стопанството се зголеми и невработеноста, најпрво во градежниот сектор а подоцна и во другите сектори.Тоа допринесе за создавање на еден „ домино ефект “ кој што се прошири од земјите кои беа силно инволвирани во финансиските мрежи и кон оние земји кои не беа силно инволвирани во тие мрежи, а сето тоа се прошири преку реалната економија.

Еден од најголемите приоритети на Европската Унија е токму вработувањето т.е. висока стапка на вработеност и добро организирана социјална политика.

На прашањето-кои мерки се најдобри да се преземат со цел да се зголеми вработувањето,беа дадени следниве заклучоци и мислења:

-Создавањето на нови работни места- вработувања, укажува на тоа колку е успешна или делотворна политиката која што ја води Владата на една држава, што претставува еден од најголемите предизвици на европските држави денес.

Развој на претприемачки дух во општеството, полесен пристап до кредитирање на мали и средни претпријатија и зголемен број на обуки за преквалификација за дефицитарни работни места, се едни од најважните работи за справување со економска криза и намалување на невработеноста.

Влошената ситуација од глобалната економска криза во земјите-членки на Унијата, отворила многу големи прашања и предизвици за иднината на Унијата.

-Едно од тие прашања е -„кој кого експлатира во Европската Унија?''

Должничката криза во Грција и пакетите мерки за помош на оваа држава наидоа на многу жестоки дебати од страна на некои земји-членки на Унијата. Така на пример, Финска не се согласи да учествува во финансиската помош за Грција. Словенија требаше да и помогне на Грција со помош од 380 милиони евра, пари за кои Словенија требаше да се задолжи и да ги задолжи своите граѓани во иднина кај меѓународните организации, што наиде на жестоки реакции во Словенија.

Едно од најголемите незадоволства беше што пензионерите во Грција заминуваа на 59-годишна возраст во пензија, за разлика од Словенија кадешто граѓаните заминуваат во пензија на 64 годишна возраст, исто така просечните работни часови во Словенија беа поголеми од оние во Грција, но и платите во некои сектори во Грција беа доста повисоки од оние во Словенија. Сето тоа, го наметна мислењето дека Словенија е во неповолна ситуација во Европската Унија и дека сегашната ситуација е многу слична со онаа во бивша Југославија, каде што едни држави работеле за да финансираат други и што било една од најголемите причини за распад на таа држава.

Се добива впечаток дека едни држави во Унијата постојано работат, додека други постојано трошат. Но од друга страна, малите држави во Унијата сметаат дека тие се експлатирани од поголемите и помоќните држави во Унијата, дека се користи нивната евтина работна сила и евтините производи, дека политиката во Европската Унија ја креираат големите држави во нивен интерес, пред се Германија и Франција.

Како и да е, политиката на постојано финансирање еден ден мора да сопре, бидејќи таа наидува на се помала поддршка од страна на земјите-членки и го доведува во опасност прашањето за иднината на Унијата. Проблемот е во тоа што земјите-членки на Унијата се многу тесно поврзани во доменот на монетарната и финансиската политика. Загубите во економијата во една држава, директно предизвикуваат загуби во друга држава.

Грчкото стопанство е финансирано од германски и француски банки, а исто така и грчката воена опрема која најчесто се набавува од Велика Британија е кредитирано повторно од германски и француски банки, што значи дека доколку би се случил евентуален банкрот на Грција, банките кои давале кредити во Грција треба исто така да банкротираат, што

директно би предизвикало една голема економска загуба и во француската и германската економија. Затоа подобро решение претставува повторно Грција да се задолжи и да и се одобрат финансиски средства, отколку и во другите држави да се пренесе грчката криза. Но овој метод доживува и еден вид на заложничка ситуација и затоа не може уште долго да трае.

На прашањето- колку политиката на вработување и образовната политика имаат улога во намалувањето на стапката на невработеност во една држава, ги добивме следниве заклучоци и мислења:

-Најпрво е потребно да постои раст на економијата и нови инвестиции кои ќе допринесат за отворање на нови работни места, а потоа политиката на вработување заедно со образовната политика да ги насочи невработените лица кон потребите на пазарот на трудот за да се постигнат поголеми резултати.

-Во спротивно, при недоволен економски раст, политиката на вработување може сосема ограничено да делува само кај дефицитарните работни места кои постојат дури и во време на најголеми економски кризи, но бројот на тие работни места е секогаш мал и ограничен, но не треба да биде потценет, бидејќи станува збор за нови вработувања, па дури и во мал број. Во таквите ситуации политиката на вработување со помош на образовната политика преку обука и дообука( доколку нема луѓе со такви квалификации),треба да делува, иако нема да се постигне силен раст на вработување..

-Потребно економско „придвижување'' за отворање на нови работни места,додека без економски раст ефектите од политиката на вработување не можат да бидат многу големи.

Економскиот раст и инвестициите се најважен фактор за создавање на нови вработувања, но во голема мера невработеноста се должи на недоволно квалификувана работна сила.

Постои голем јаз меѓу побарувачката и потребите на пазарот на трудот.

-Од една страна голем број на невработени луѓе, а од друга страна невработените луѓе не одговараат на потребите на пазарот на труд кои моментално се потребни. Добрата квалификувана работна сила најчесто е дефицитарна. Државите кои активно ја следат побарувачката на пазарот на труд и својата образовна политика ја градат согласно со потребите на пазарот на труд и се грижат за добар квалификуван кадар, забележуваат пониски стапки на невработеност.

Креирањето на социјалната политика и политиката на вработување во една држава мора да биде надоврзано со еконoската политика и стратегија во државата.

-Една добро функционирачка социјална политика и политика на вработување, како на пример таа во Шведска или Данска, би можела да биде целосно нефункционална доколку се примени во Шпанија, бидејќи постојат големи разлики во поглед на нивните економски политики.

Важноста на поттикнувањето на вработувањето во реалната економија од страна на државата,добро го спроведе Германија која воведе позитивни мерки за да ја намали невработеноста. Во голема мера помогнаа финансиските пакети кои државата им ги нудеше на работодавачите за вработените, со цел да не ги отпуштаат и покрај намалено производство и побарувачка, па вработените останаа активни на пазарот на труд, но во секторите во опаѓање работеа со скратено работно време и помали приходи. Голем удел за да останат во работен однос имаше субвенционирањето на трудот од страна на германската Влада.

Во услови на економска криза, германската Влада спроведе кампања за зголемена потрошувачка и поттикнување на граѓаните своите заштеди да почнат да ги трошат во купување на моторни возила и други производи, што предизвика зголемувана потрошувачка во Германија.

Германската Влада склучи договор со германските банки, да им одобруваат кредити со ниски каматни стапки на потрошувачите на долг временски период во времетраење од над 20 или 30 години, најчесто за купување на нови автомобили и други поскапи производи. Тоа предизвика еден мултипликаторен ефект, бидејќи од една страна се зголеми продажбата на нови автомобили, а од друга страна фабриките за автомобили и во иднина имаат обезбедено сигурна работа во изработката на резервни делови за тие автомобили.Со ваквата политика, потрошувачката во Германија беше зголемена, што го поттикна и зголемувањето на производтсвото, економскиот раст и вработувањето во оваа земја.

Многу е важна соработката на државата со работодавачите и помошта која државата може да ја понуди во некои случаи на приватните фирми со цел да го поттикне вработувањето, инвестициите и економскиот раст.

## 14. Повторното ширење на глобалната економска криза во 2011 година

Многумина експерти ја прогласија светската економска криза за завршена во 2010 година. Иако, најголемиот дел од развиените економски држави во светот во 2010 и 2011 година веќе бележеа раст на економијата и раст на вработувањето, сепак во некои држави, економската криза не само што не беше завршена, туку таа бележеше и пораст, што

повторно во 2011 година го отвори прашањето за можен ризик од проширувањето на кризата и во други држави во светот.

Целата ситуација во глобални рамки беше сложена по неуспехот на американскиот претседател Барак Обама да го протурка законот за задолжување во Конгресот, поради противењето на републиканците,со што САД за прв пат во историјата се доведе во опасност да прогласат банкрот. Тоа задолжување на САД достигнува до фантастични 14,3 илјади милијарди долари годишно.Републиканците не сакаа да гласаат за ново поголемо задолжување на државата се додека Барак Обама не го претстави својот нов план за намалување на државната потрошувачка, но без воведување на нови даноци кои би ги плаќале побогатите. Републиканската партија има мнозинство во Конгресот, а претседателот Обама објаснува дека доколку не се изгласа законот за ново задолжување , државата ќе се најде во ситуација да избира помеѓу исплатата на заемот на Кина или исплатата на обврските кон сопствените граѓани, пред се пензиите, социјалната помош и помошта на воените ветерани.Републиканците застанаа против Обама поради високата стапка на невработеност која била повторно во пораст,во вториот квартал од 2011 година и изнесувала 9,2 проценти, а тоа значи дека економијата ќе биде полоша, што е една од претспоставките за пораз на Барак Обама на наредните претседателски избори.

Во меѓувреме Народна Република Кина која е главниот откупувач на државните обврзници од членките на Унијата, забележа нов пораст на БДП од 9,5% годишно, со почитување на пазарните законитости, но и со изразена улога на државата во поглед на одржувањето на вредноста на националната валута јуанот, што од друга страна ја потхранува познатата теорија на Владимир Илич Ленин за државниот капитализам како последен стадиум на империјализмот, кога државата едноставно за да излезе од економската криза ќе мора да интервенира во економските состојби исто онака како што се обидува тоа да го направи денес и Европската Унија.

Европската Унија е загрижена од ризикот, кризата да ја погоди и Италија, третата по големина економија на Европа. Економската криза во Грција влијае длабоко на целата еврозона. Европската Унија која и доделува милијарди долари помош на оваа земја за да ја спаси од банкрот, сега се соочува со уше поголема закана.

Министрите за финансии на земјите од еврозоната на состанокот во Брисел за разгледување на деталите на вториот пакет помош наменет на Грција, на преден план го ставија прашањето дали по Грција која се наоѓа на работ на банкрот, на ред е Италија која располага со втор процент на најголем јавен долг во еврозоната. Имено, италијанската економија е за 7 пати поголема од економијата на Грција, а истовремено е трета по големина економија на ЕУ. Италија освен тоа што располага со висок процент на јавен

долг е и една од земјите со најмал процент на раст во Европа. Сите овие фактори го зголемуваат ризикот Италија да западне во должничка криза и стануваат причина за загриженост кај инвеститорите. Берзата во Италија го забележа најостриот пад во последните 5 месеци.Јавниот долг на Италија во јуни месец 2011 година, изнесува 1.911,9 милијарди евра или 120% од БДП во државата.

По Италија според ризикот следува Шпанија која со процентот на невработеност од 21-отсто го собори рекордот во еврозоната, така што и оваа земја го следи со загриженост падот на берзата во Италија, иако Шпанија не е земја која што е премногу задолжена, нејзиниот долг во 2010 година изнесуваше 60.1% од БДП во државата.

Заменик-британскиот премиер Ник Клег за Би-Би-Си изјави дека е исклучително загрижен дека светот е можеби на прагот на нова финансиска криза. На прашањето: „Колку сте загрижен дека можеби сме на работ на нова сериозна светска финансиска криза?", Клег одговори: „Неверојатно сум загрижен. Милсам дека неизвесноста во САД, која е продукт на политички метеж, како и растечката финансиска криза и безграничната должничка криза во еврозоната се многу сериозни".

Клег рече дека е загрижен бидејќи смета дека кризата од еврозоната би можела да се пресели во Велика Британија и директно да влијае на работните места, односно на нивото на невработеност во таа земја.Се работи за прво признавање дека кризите во Грција, Шпанија и Италија би можеле да влијаат на Велика Британија.

Тој исто така рече дека е наивно да се мисли дека Британија може да стои настрана бидејќи не е членка на еврозоната.

- „Кризата би можела да има директно влијание на работните места и животите на милиони Британци. Затоа мислам дека би требале активно да учествуваме и да им помогнеме на членките на еврозоната да ги спроведат неопходните реформи за во иднина да создадат силна и просперитетна еврозона'' http://kurir.mk/svet/biznis/

Не е чудо што во таква ситуација сите гледаат кон Берлин во очекување на спасоносен сигнал, што ќе ја запре заканувачката надолна спирала во евро-зоната. Германија е недвосмислено најголемата економија во ЕУ, која во текот на светската финансиска и економска криза се покажа и како вистински мотор на стопанското закрепнување. Критика на недоволната агилност на актуелната влада дојде и од редовите на парламентарната опозиција во земјата. Поранешниот министер за надворешни работи и сегашен координатор на собраниската група на опозициските социјалдемократи, Франк Валтер Штајнмајер, изјави: „Во Европа сме соочени со вистинска политичка криза, можеби најголемата од создавањето на ЕУ. Во таква ситуација сите членови на владата,

освен министерот за финансии Волфганг Шојбле, се однесуваат како ништо да не се случува и рутински си ги вршат министерските обврски, некои дури и помалку од тоа."

Досега германската влада се раководеше според мотото: без паника! Премиерот Јоргос Папандреу бараше од Меркел побрзо реагирање за нова финансиска помош на Грција. Доколку вториот пакет не беше донесен брзо, постоеше опасност финансиските пазари да излезат од контрола.

Но, официјален Берлин не одреагира веднаш на повикот и понатаму водејќи сметка за интересите на германските даночни обврзници, кои во досегашните пакети мерки за спасување на презадолжените соседи од ЕУ гаранатираат за цели 190 милијарди евра. Затоа Шојбле и понатаму инсистира во поделбата на товарот да се вклучат и приватните банки и осигурителни компании.

Критичарите сметаат дека токму тоа барање на Шојбле ги блокира новите, итно потребни одлуки за спас на еврото. Такво е мислењето дури и на актуелниот шеф на Бундесбанката, Јенс Вајдман, кој до неодамна беше советник на канцеларката.

Повеќе експерти и политичари во Европа го сметаат за проблем и тоа што Германија не прифаќа така лесно да ја дели својата висока кредибилност на финансиските пазари со презадолжените земји од евро-групата преку создавањето „европски обврзници".

Министерот за финансии Волфганг Шојбле појаснува: „Таквиот предлог сме го слушнале повеќепати. Во монетарната унија ја имаме Европската централна банка како институција задолжена за монетарната политика, но затоа финансиската политика се води сепак во главните градови на земјите-членки. Во таквата структура неопходни ни се јасни поттици и санкции за земјите членки да ги исполнат преземените обврски за финансиска стабилност. Доколку сите би плаќале еднакви каматни стапки за долговите, тогаш нема да има повеќе финансиски санкции за задржување на солидното раководење со националниот буџет. Тоа би бил погрешен сигнал за стабилноста на еврото. Затоа постојано велиме дека во ваква конструкција на монетарната унија не можеме да воведеме заеднички каматни стапки за долговите."

Прашање е само колку финансиските пазари уште можат да ја сметаат германската политика за конзистентна и веродостојна. Така на барање на Берлин европскиот „заштитен чадор" требаше да има привремен карактер, толку колку што ќе трае должничката криза на Грција. Во меѓувреме германската влада мораше да попушти и сега „чадорот" има постојан карактер. Потоа Германија побара воведување на можноста за излегување од евро-зоната. Иако барањето беше прифатено, тоа сепак уште не е преточено

во соодветни мерки и регулатива. Истата судбина ја снајде и барањето на Берлин за воведување регуларен државен банкрот, каков што постои за фирмите.

Таквата недоследност на германските политичари во европската политика наидува на критика и од домашните експерти. Притоа и тие се чини дека зборавaат оти Канцеларката и нејзиниот министер за финансии сепак сето време не испуштаат од предвид еден важен критериум, имено интересот на германските даночни обврзници и затоа не се расфрлаат со пари и ветувања, туку штедливо и внимателно даваат нови гаранции ( http://www.dw-world.de/dw/article/0,,15237756,00.html).

Грција има долг од над 350 милијарди евра, а без новата транша од кредитот нема да може да ги исплати платите и другите трошоци.

Во тек е порверка на мерките за штедење што ги спроведува грчката Влада од страна на т.н. меѓународна „Тројка“ (експерти од Комисијата на ЕУ, Европската централна банка и Меѓународниот монетарен фонд). Експертите меѓутоа се незадоволни со делот од планот за намалување на бројот на државните службеници, бидејќи според нив, грчката Влада има намера да ги испрати во „резерва“ само постарите службеници. Ваквата програма нема да заштеди пари, уверена е „Тројката“.

Намалувањето на бројот на службеници во јавниот сектор е еден од условите, за кои е врзана исплатата на наредната транша меѓународна финансиска помош од осум милијарди евра за Грција.

Додека Владата во Грција соопшти дека нема да успее да ги исполни бараните намалувања во буџетскиот дефицит за тековната и за следната година, кои беа договорени со ЕУ и ММФ. Проектираниот буџет за годинава предвидува дупка од 8,5 проценти, што е над проектираната рамка од 7,6 отсто. Слични се проценките и за следната година, за која се предвидува дефицит од 6,8 проценти од брутодомашниот производ, наспроти бараните 6,5 проценти.

Очекувањата се дека овие прогнози ќе имаат натамошен негативен одраз врз состојбите во државата, откако стана јасно дека проектираните зголемувања на вонредниот данок и намалувањето на платите во јавниот сектор не се доволни за да се исполнат преземените обврски на задолжената земја.

Признанието силно се одрази врз тргувањето на финансиските пазари и предизвика пад на акциите на берзите ширум светот. По одлуката на еврозоната да не ја одобри веднаш следната рата од помошта, прашалници се множат и околу судбината на неколку приватни

банки и финансиски институции кои се длабоко заглавени поради кредитирањето на Грција.

Жан Клод Јункер, шефот на еврозоната, отворено призна дека дел од нив во следниот период треба да очекуваат лоши вести. Кредиторите од приватниот сектор треба да очекуваат поголеми загуби и да отпишат поголем дел од долгот, од оние 21 отсто кои беа договорени во јули, изјави Јункер.

Најпогодена од ваквиот развој на настаните може да биде француско-белгиската банка Дексиа, која е многу изложена на грчкиот долг. Властите во Париз и Брисел најавија дека се подготвени да ја спасат банката доколку состојбата ескалира, откако во само еден ден Дексиа загуби повеќе од 10 отсто од вредноста на акциите на берзите. Рејтинг агенциите веќе ги намалија рејтинзите на водечките француски банки. Аналитичарите сметаат дека француските банки се заглавени со премногу ризични државни обврзници од Грција и од други послаби земји-членки на еврозоната.

Берзите во Азија, реагираа негативно на вестите од Атина и бележат загуби од 2 до 5 проценти во тргувањето. Сличен тренд се очекува и на европските пазари ( http://www.dw-world.de/dw/article/0,,15434260,00.html ).

Создавањето на единствена монетарна политика, ги интегрираше економиите на земјите-членки во еврозоната, многу силно и го донесе ризикот економската криза која постои во една држава многу брзо да биде пренесена во друга земја-членка. Меѓутоа, не само единствената монетарна политика е причина за можен ризик од проширување на економската криза од една земја во друга. Државите во светот силно ги интегрираа своите економии во глобалниот пазар, што дополнително го зголемува ризикот од кризата.

Пред се, голема закана претставува големата должничка криза што е присутна во САД, но и во Европската Унија во : Грција,Италија,Ирска,Португалија и Белгија .Се поголемото задолжување на државите, претставува една голема опасност и ризик за нови должнички кризи во светот и го наметнува прашањето дали глобалната економска криза која беше прогласена за завршена во 2010 година, повторно ќе ескалира?

Според нобеловецот Џозеф Штиглиц[26]- „ Глобализацијата сама по себе не е проблем, туку начинот на кој со неа се управува. Имено, техниките, методите и правилата што се

[26] Џозеф Стиглиц е американски економист и добитник на Нобелова награда за економија во 2001 година. Поранешен потпретседател и главен економист на Светската банка, тој е познат по своите критички погледи на глобализацијата и на меѓународните финансиски институции како Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка. Стиглиц е можеби најпознатиот современ економист со умерени левичарски убедувања.

утврдени во самиот глобален систем, постепено се надминуваат. Тие мора да се менуваат и да се приспособуваат кон потребите на луѓето  во глобалниот свет. Потребни се реформи на меѓународните институции и организации, заедничко дејствување, како на економските, така и на социјалните аспекти на глобализацијата преку изградба на сигурносни механизми кои ќе спречуваат појави и ескалации на кризи што секогаш завршуваат со продлабочени социјални проблеми (Пејковски:2008,162).

## 15. Новите насочувања на политиката на вработување, економската, социјалната и образовната политика во земјите-членки на Европската Унија

Амбициите на Европската унија е да се зголеми вработувањето на 75% за мажи и жени од 20 до 64 години до 2020-та година. Ова е една амбициозна цел  која Европската комисија ја става пред себе како дел од „ Стратегија на Европската унија за 2020-та година “ .

Да се стигне до овие цели не е лесна задача, кризата го намали процентот на вработени кој што сега изнесува 69 проценти и го зголеми процентот на невработеност до 10% во ЕУ-27. Се прогнозираше  дека пазарот на трудот ќе се стабилизира до крајот на 2011 година, но тие прогнози не се остварија во сите членки на Унијата, посебно не во оние каде што кризата се уште трае, како во Шпанија, Грција,Ирска,Летонија, Литванија,Словачка,Португалија и во последно време должничката криза што ја зафати Италија.

За да се зголеми процентот на вработени до 75%, според Стратегијата-2020-та година, ќе треба да се зголемува вработувањето по една процентуална стапка секоја година на ниво ЕУ-27, за да се стигне до тој просек.

Со намалување на процентот на новороденчиња, работната популација во Европската Унија(населението помеѓу 15 и 64 години) ќе почне да се намалува. Дури и со продолжување на доаѓање на емигранти, се проценува дека наталитетот во Европската унија ќе бележи пад во иднина.Вешта и способна работна сила е главниот атрибут т.е. фактор за развивање на компетитивна и конкурентна одржлива и иновативна економија која ќе може да ги оствари целите на Европската стратегија-2020-та. Во време кога имаме буџетска воздржаност и без преседан голем глобален конкурентски притисок, полисите за ЕУ за вработување и вештините кои ќе помогнат да се обликува транзицијата „ зелена “ и иновативна економија мораат да бидат приоритет.

За да се достигнат овие цели, Комисијата предлага акција во следниве области :

- Да се вложат посилни напори за Европскиот пазар на труд да функционира подобро;
- Да се опремат луѓето со потребни вештини кои им се потребни за работа и вработување, да се подобри квалитетот на работа;
- Да се подобрат условите за работа и да се создаваат услови кои ќе нудат потреба од создавање на нови работни места .

Овие предлози се од новата „ Агенда за нови можности и работа “ кои што се едни од главните иницијативи за „ Европска Унија 2020“ .

Главните обврски и инструменти во областа на законите на вработување лежат во самите држави-членки на Унијата.

Покрај вработувањето, останатите клучни цели на „ Стратегијата Европа 2020“ се :

- 3% од БДП на Европската унија да се инвестира во нови инвестиции и иновации кои ќе го подобрат стопанството и економијата во ЕУ;
- Намалување на процентот на луѓе кои што го напуштаат образованието и зголемување на процентот на студенти во високото образование;
- Намалување на ефектите од стаклена градина и издувни гасови, т.е. засилени еколошки мерки и стандарди;
- Зголемување и подобрување на производството на енергија добиена од природни и обновливи извори .

Меѓутоа, кризата се уште продолжи да постои и да напредува во некои држави и повторно претставува закана за економиите на другите земји и во 2011 година.

Постигнувањето на целите од Стратегијата- Европа 2020 година, наидува на бројни проблеми и предизвици, поради постоењето на економската криза во дел од земјите-членки на Европската Унија и можноста од проширување во други. Дали целите од Стратегијата ќе бидат остварени, пред се, зависи од начинот на кој државите-членки во иднина ќе се справуваат со идните предизвици и проблеми во доменот на нивната економска,социјална,образовна и вработувачка политика.

Во развиените држави и држави во развој, денеска се забележуваат голем број на промени, како што се :

- Интензивирање на глобализацијата;
- Напредок на светското информатичко општество;
- Опаѓање на индустријата (и нејзин трансфер во помалку развиените земји);
- Напредок на новите форми на индивидуализмот и моќта на потрошувачот;
- Демографски промени, особено стареење на населението и со тоа поврзаното прашање за пензиите и рапидното опаѓање на стапката на раѓање;
- Промени во структурата на семејството :

  Многу повеќе семејства со еден родител отколку порано, многу повеќе жени и деца кои живеат во сиромаштија;

*Висока стапка на невработеност која делумно потекнува од нереформираните пазари на труд.

Забележуваме влијание на се поголема етничка и културна разноликост во европските држави.Расте културниот и економскиот индивидуализам со зголемени барања за автономија и само-актуелизација.Европската Унија забележува конкурентен предизвик од Источна Европа, Индија и Кина, коишто побудуваат стравови за европскиот начин на живеење. Економската трансформација на земјите кои пристапуваат во Источна Европа, а секако Индија и Кина, ќе имаат длабоки последици за Европа во следните десет до дваесет години. Веќе постои длабок лош предзнак за иднината на индустријализираниот свет. Секако постојат моќни бирачи како во Европа така и во Америка кои се залагаат за поголем акцент на протекционистичките политики, плашејќи се од влијанието на порастот и вработувањето.Меѓутоа, ваквиот пресврт кон протекционизмот би ја изолирал Европа од глобалните пазари, исто како што тие се револуционизирани од азиската зголемена продуктивна моќ. Ова би имало катастрофални долгорочни последици за способноста на ЕУ да конкурира во глобалната економија и на крајот да ги поткопа животните стандарди на ЕУ.

Да го земеме предвид населението кое старее. Денес во ЕУ-25, повеќе од 70 милиони луѓе се на возраст од 60 години или над тоа, правејќи 20 проценти од населението. Над 30 проценти од населението се над возраст од 50 години. Во просек луѓето живеат подолго, но причината за стареењето на населението не е во подолгиот живот, туку во ниската стапка на наталитет во Европската унија.Ако ја спoредиме ЕУ со САД, иако ЕУ има население од 455 милиони жители во споредба со САД којшто имаат 295 милиони жители, се проценува дека САД ќе има практично достигнување кон средината на овој век доколку продолжат сегашните трендови.

Во индустријализираните земји има нови групи на сиромаштија и беда : населени лица, легално или на поинаков начин, подложни на експлоатација ; разединети семејства и слаби замени за нови семејства ; ментално болни ; жртви на насилство, особено жени кои страдаат од домашно насилство.

Дефицитот во знаењето од економијата во ЕУ исто така расте со тоа што Обединетото Кралство работи малку подобро отколку што е европскиот просек. Не се само САД голема закана во конкурентноста – Кина, Индија и Бразил многу брзо се издигнуваат.

Згора над сето, воочуваме дека растечкиот демократски свет се заканува со криза на легитимноста кон политиката која бара да се зачува традиционалниот однос меѓу граѓаните и државата.Бидејќи институциите составени за претходната доба изгледаат помалку способни да одговорат на притисоците и предизвиците на денешниот свет, императивот мора да биде ставен кон улогата на државите кои што ќе се реформираат според потребите на новите времиња.

Политиката на вработување, образовната политика и социјалната политика на ЕУ, „приматот на внатрешен пазар " се замени со „приматот на конкурентноста" . Меѓутоа ЕУ во споменатите полиња на политиката не располага со неопходните инструменти за да може самата да ги спроведе промените кои се од нејзино гледиште неопходни. Методата на отворена координација е мека метода која нема никаков обврзувачки карактер.

Во областа на Европската социјална политика во доменот за пензиите како значајни цели, се формулираат соодветноста на пензиите, финансиската фундираност на пензиските системи и нивната модернизација. Не се применуваат ниту квантитативни индикатори, ниту препораки.

Во областа на социјалната изолација или преобратено позитиво, на социјалната инклузија-најреалниот досегашен резултат е каталогот на индикаторите. Освен тоа беше планирано, врз основа на овие индикатори, да се утврдат квантитативни цели за редукција на социјалната изолација до 2010 година.Постигната беше согласност за низа заеднички приоритети за односните национални политики, кои во однос на тенденцијата се сведуваат на „активирачка социјална држава".

Во двете споменати области се уште не се доволни искуствата за да се дојде до нешто повеќе од привремени оцени. Европската Унија има само малку компетенции, а институционалните и програмските разлики во земјите-членки го отежнуваат заедничкиот приод.

Во основа, Европската социјална политика е ориентирана во полза на конкурентноста. Не само фактот дека социјалното единство претставува едно од трите цели на Европската стратегија за вработување и е централна тема при еден од процесите на методите на

отворена координација, туку и намерата сите „меки“ области, во иднина обединети да ги дополнуваат „тврдите“ области на политиката.

Според тоа, постои еден заеднички став во сите национални социјални политики коишто се стремат :

- да ги задоволат основните (материјални)потреби на своите граѓани,
- до го обезбедат учеството во општеството и
- да го зајакнат социјалното единство.

Поединечните цели на овој систем не можат да се одделат една од друга, туку, тие делумно се условуваат заемно. Квалитетот и квантитетот на она што се подразбира под соодветно материјално ниво, широко општествено учество и силно социјално единство, се исто така променливи.

Европската социјална политика се стреми кон следниве политики :

1) Економска политика и политика на вработување

- Кои ќе создаваат предуслови за задоволување на материјалните потреби кај граѓаните;
- Ќе го обезбедат финансирањето за социјалната политика и мерките на прераспределба;
- Ќе ги подобруваат предусловите за економски просперитет;
- Ќе придонесуваат за општествена и политичка стабилност;

2) Социјална политика/ системите за социјално осигурување/ фискална политика :

- Ќе ја определуваат секундарната распределба на приходите, а со тоа и рамковните услови за општествената и за политичката стабилност и го обезбедуваат задоволувањето на потребите и општественото учество за оние кои поради недоволните можности за вработување и за заработка, не се доволно способни да го сторат тоа.

3) Образовна политика :

- Ќе ги подобрува среднорочните и долгорочните можности за вработување и заработката на граѓаните;

- Ќе создава услови за економски просперитет;
- Ќе го олеснува учеството во општествениот живот.

Антони Гиденс[27] предложува тринаесет точки како предлози кои треба да се применат во сите национални социјални политики :

1. Прогресивниот данок на доход да остане како средство за ограничување на нееднаквоста. Оние држави што сега го употребуваат рамниот данок, треба истовремено да гарантираат дека нивните резултати даваат напредок (врз основа на ослободување на посиромашните групи од плаќање на данокот).
2. Одговорната буџетска политика е принцип- водилка на финансирањето на социјална држава. Овој принцип важи долгорочно и се однесува меѓу другото и на способност да се покријат предвидените подоцнежни пензиски обврски. Оданочување во однос на БДП според меѓународните стандарди е висок, но она што е важно не е толку даночното ниво, туку општата комбинација на различните политики.
3. Се применуваат активни политики на пазарот на трудот кои се базираат на соодветна рамнотежа од поттици и обврски.
4. Создавањето на работни места игра централна улога, како во промовирање на растот, така и во ограничувањето на сиромаштијата, а најдобриот излез од сиромаштијата е да се задржи пристојно работно место со плата над минималната.
5. Активно се поддржува работата со скратено работно време. Тоа е дел од активното прилагодување на транзициите во животот и рамнотежа меѓу работниот и приватниот живот.
6. Да се комбинира стопанската динамика со социјалната праведност. Особено внимание да се посвети на детската сиромаштија. Општествата со низок степен на сиромашни деца се типично поизедначени отколку останатите општества во многу други подрачја.

---

[27] Антони Гиденс или Барон Гиденс е британски социолог кој што е познат по својата теорија за структуирање и неговите иновативни визии за модерните општества.Се смета за еден од најистакнатите современи социолози, кој има напишано 39 книги, преведени на 29 јазици во светот.

7. Таргетираните стратегии против сиромаштијата се применуваат за да се справи со вградените форми на сиромаштијата и социјалната исклученост. Тие можат да вклучат примена на негативен данок на приход или даночен кредит.

8. Особено внимание да се посветува на тие кои работат во услужните дејности со ниско ниво на плати, да им се обезбеди колку што е можно повеќе можности за напредување. Но тоа не значи само државата да осигурува преквалификација, туку исто така и соработка со работодавачот за редизајнирање на некои видови работни места.

9. Таргетираните политики се исто така насочени кон поголема интеграција на етничките малцинства и доселениците. Тие исто така вклучуваат комбинација на права и обврски кои им се дадени како на група и истите се бараат од нив. Обврските ги вклучуваат учењето на јазик и прифаќање на општите вредности на општеството во кое се доселиле.

10. Врската помеѓу придобивките и придонесите е структуирана на тој начин, што го минимизира излегувањето од системот од страна на побогатите.

11. Државата наметнува релативно помалку средства за постарите, а повеќе за младите. При тоа се посветува особено внимание на грижа и воспитување на децата, на рано детско образование и охрабрување да се имаат повеќе деца.

12. Инвестирањето во науката, технологијата и образованието се водечко влијание, како во индустриската политика, така и при креирањето на нови работни места.

13. Секоја политика се проценува од гледна точка на нејзиното еколошко делување.

Социјалната политика заедно со образовната политика и политиката на вработување мораат со поголем интензитет да одговорат на предизвиците во иднина. Ќе останат длабоко вкоренети трендовите кои се однесуваат на старото општество, падот на традиционалното семејство и релативниот пад на европската економија кој што многумина европски и светски аналитичари го предвидуваат во иднина. Политиките мораат да се адаптираат во согласност со светот кој се менува, бидејќи политичкиот пејсаж брзо се менува.

Австриskиот економист Карл Аигинер ги споредил најдобро функционирачкките држави во 2000-та година (Данска,Финска и Шведска)со трите големи загубари во тоа време (Германија,Франција и Италија),но истовремено ги споредил овие европски земји и со САД. При тоа произлегло дека социјалните придонеси биле пообемни во Скандинавските

земји отколку во Германија,Франција и Италија, и тие биле далеку поопфатни отколку во САД. Истовремено, трите водечки европски држави биле исто толку конкурентни и динамични како и САД. Нивната стапка на пораст во споредбениот период беше исто така висока како и американската. Со просечна вработеност преку 70% тие беа зад САД, но беа понапред од сите останати европски држави, кои во просек достигнуваaa вработеност од 61,9%. Јавниот долг во Данска,Финска и Шведска беше значително помал отколку во САД,Франција,Германија и Италија. Оваа историја на Скандинавија укажува дека е навистина можно да се остварат истовремено здрави финансии, минимална нееднаквост и висок степен на вработеност. Наспроти тоа, изгледа дека е возможно да се има само едното од овие, како на пример Германија, којашто во тоа време имаше брзо растечки јавен долг и висок степен на невработеност.

Но не може да биде случајно, дека сите земји што имаат стапка на вработеност преку 70% во ЕУ, следат активни политики на пазарот на трудот. Таквите политики обезбедуваат тренинг за невработените како и за вработените работници на кои им се заканува невработеност. Во сите овие земји се прават активни обиди да се состават невработените со слободните работни места. Најпрвин ова беше воведено во Шведска пред многу години, но оттогаш се прошири и во други земји во ЕУ. Најефективните социјални држави во ЕУ го поврзуваат принципот на социјалното партнерство со општ пристап до социјалните придобивки, што ќе овозможат прешколување(преквалификација или дообучување на граѓаните)и помош за нов почеток на други работни места - „flexicurity" .

Исто така, треба да се води грижа за образовниот систем. На нагласокот врз образованието укажува дека мораме да инвестираме во раното образование, затоа што многу способности тогаш се развиваат. Инвестициите во раното детско образование, воспитување и грижата за децата, исто така, се клучни елементи за намалувањето на сиромаштијата кај граѓаните.На пример, САД, можеби ги има најдобрите универзитети во светот, но истовремено има највисок степен на неписменост од сите развиени држави.Во време кога економијата на знаење и самата станува глобализирана, може да значи дека Европската унија може подобро да се пласира од САД.

Уредувањето на државата со социјално осигурување за сите граѓани од 1945-та година, не е повеќе соодветно за денешниот свет. Обемот на идните предизвици е очигледен : зајакнување на меѓународната конкуренција, населението кое старее, промената на половите улоги во домаќинствата и пазарите на трудот, новите технологии, растењето на социјалните тензии и подлабоките нееднаквости . Доколку социјалната политика се грижи само за социјалното осигурување за своите граѓани, таа ќе биде неспособна да реагира т.е. делува на соодветен и ефективен начин со новите предизвици.

Постојаните идеали на државата со социјално осигурување за сите граѓани, како што се : солидарност, еднаквост и слобода се исто толку важечки и денес колку што беа и пред еден век, но институциите и програмите мораат да бидат прилагодени кон потребите на 21-от век, за да се остварат целите на Европската стратегија 2020-та година и Европската унија да го задржи приматот на најмоќна и најразвиена економија во светот базирана на знаење и социјална праведност.

# Заклучок

Ратостот на вработувањето мора да биде од највисока важност во државите-членки на Унијата, за да бидат остварени целите од Европската стратегија-2020 година, на која и се заканува опасност да биде нереализирана поради актуелните кризи во некои земји-членки на Унијата и ризикот од нивно проширување во други членки, но и опасноста и ризикот кои постојат од појава на нови економски кризи во иднина. Растот на вработувањето е од приоритетна важност за сите земји-членки на Европската унија како услов за создавање на конкурентна економија. Но не може да биде случајно, дека сите земји што имаат стапка на вработеност преку 70% во ЕУ, следат активни политики на пазарот на трудот.

Во истражувачкиов труд, преку компарација на различните мерките за зголемување на вработувањето преземени од страна на државите-членки во Унијата,може да се заклучи дека треба да се применуваат позитивните примери на Финска,Шведска,Германија и Холандија за намалување на невработеноста, додека пак, треба да се избегнуваат политиките на вработување предводени од Шпанија,Летонија или Грција.

Фактите укажуваат, за да се постигне подобрување, потребно е спроведување на сеопфатна макро-економска политика, како и подзасилен економски развој. Сепак, сметаме дека дел од состојбите можат да се подобрат преку преземање на некои одредени мерки во делот на институционалното, административното и законското раководење и насочување на политиката. За таа цел, во продолжение се истакнати приоритетите токму од тој аспект, сметајќи дека спроведувањето на истите би ги подобрило состојбите на пазарот на трудот.

1)Насочување на фискалната политика кон задржување на постојните и отворање на нови работни места.

Во време на рецесија, државата треба да распределува свои ресурси за одржување на поволна клима за инвестиции и задржување на луѓето на пазарот на труд. Со падот на БДП, тоа може да се обезбеди преку заем на пари,од меѓународни организации, или од правни субјекти, што од друга страна го зголемува јавниот долг. Оттаму, овие пари треба да се трошат на разумен начин и треба да се подготват планови за повторно воспоставување на фискална дисциплина. Еден од начините тоа да се постигне е преку намалување на буџетските трошоци кои се скапи, но и непродуктивни, како што се вработувања во јавна администрација или вложување во некапитални намени.

2) Правилно насочување на новите вработувања според потребите на пазарот на труд.

Новите вработувања треба да бидат насочени кон потребите на пазарот на труд и пред се да биде инвестирано во оние сектори кои брзо ќе отворат можности за нови вработувања.

Во државните служби да се вработуваат нови вработени само во случај на потреба, додека останатата работна сила да биде насочувана кон реалниот сектор.

Нови непотребни вработувања во јавната администрација, само привремено го решаваат проблемот со невработеноста, но создаваат огромни проблеми во државата и општеството во иднина, бидејќи исплатата на плати и придонеси во јавната администрација се врши со исплата од буџетски средства, што дополнително ќе го ослабне буџетот во иднина, при што ќе има се помалку финансиските средства за поттикнување и развој на стопанството и нови капитални инвестиции од кои треба да се отворат нови работни места.Прекумерното вработување во јавната администрација, исто така, може да ја доведе државата и до нови задолжувања и голем јавен долг, како што е случајот со Грција. Во Грција, владите, проблемот со невработеноста го решаваа со нови вработувања во јавната администрација, а со слаби поттици и инвестиции во реалната економија, што ја доведоа Грција во ситуација пред банкрот. Слична политика за вработување, се случуваше и во Македонија, каде што поради ограничените потреби на пазарот на труд во реалната економија, политичарите се обидуваа да ја намалат стапката на невработеност со нови непотребни вработувања во јавната администрација, што во иднина може да ја доведе Македонија во слична ситуација, како примерот со Грција.

3) Политика -поголем јавен долг во „замена'' за помала невработеност.

Во време на економска криза, владите треба да го финансираат вработувањето и да не ја намалуваат социјалната помош кон граѓаните, но тоа е отежнат процес, поради недостатокот на финансиски средства во државата, па единствено решение е задолжување на државата и раст на јавниот долг.

Во почетокот на деведесеттите години кога Скандинавските земји се соочија со економска криза, Финска го избра начинот- мал јавен долг и политика на штедење, што резултираше со висока стапка на невработеност и намалување на финансиските средства наменети за социјална помош. Граѓаните имаа големи социо-економски проблеми, бидејќи финансиската моќ на граѓаните опадна, што ја намали потрошувачката на пазарот и дополнително ја влоши состојбата, додека во најтешка позиција се најдоа корисниците на социјална помош, на кои им беа намалени средствата и со тоа дополнително порасна социјалната нееднаквост во Финска.По излезот од кризата, социјалните последици беа видливи долги години по тоа.

За разлика од Финска, Шведска го одбра начинот на поголем јавен долг со пониска стапка на невработеност и помали социо-економски последици.Шведска не ги намали финансиските средства за социјалната помош и ги финансираше мерките за вработување. Кога економијата во државата закрепна и започна да расте, јавниот долг не претставуваше голем проблем за државата, а социјалните последици беа многу помали отколку во Финска. Оваа политика, за време на глобалната еконоска криза,ја примени и Финска,која успешно се справи со кризата и последиците не беа големи.

4)Намалување на неформалната економија преку нејзино формализирање.

Тоа може да се спроведе преку различни програми, мерки и активности за поттикнување на формализирање на неформалниот сектор, преку некои олеснувачки поволности или финансиска помош во почетокот, од една страна, но и строги казниви мерки за оние кои нема да го почитуваат ова, од друга страна. Преку формализирање на неформалната економија, ќе се зголемат придонесите кон државата, ќе се формализира неформалната работна сила, со што ќе се зголеми вработувањето,а преку придонесите од овие вработени во системот за социјална заштита, здравственото и пензиското осигурување, ќе се зголемат финансиските средства, што дополнително ќе ги зајакне овие институции, кои ќе имаат повеќе финансиски средства на располагање за потребите на корисниците.

5)Субвенции за плати.

Владите треба да ја разгледаат оваа мерка за да се намали губењето на работни места. Оваа мерка особено може да им помогне на оние кои се најзасегнати од кризата, како што се ниско-квалификуваните работници, работници со договор за работа на определено време, стари вработени или нововработени млади луѓе со слабо искуство, со цел да се спречи нивното натамошно исклучување од пазарот на труд.

Вакви позитивни мерки применија Германија, Шведска, Финска, Холандија и други земји-членки во Европската Унија,каде што со помош на субвенции, во време на намалено производство и побарувачка на пазарот, фирмите ги задржаа своите вработени, благодарение на овие финансиски средсва. Дел од вработените работеа со скратено работно време и помали месечни плати, но она што е најважно е дека тие останаа активни на пазарот на трудот, па кога повторно закрепна економијата и се зголеми побарувачката, а со тоа и производството, овие вработени повторно ги нормализираа своите работни позиции, работното време и месечните плати.

Она што е важно да се забележи е дека програмите и мерките за субвенционирање на вработувањето, дадоа позитивни резултати само во оние земји, каде што субвенционирањето беше насочено кон реалниот сектор во економијата.

6)Одобрување на поволни кредите и поттикнување на граѓаните да ја зголемат потрошувачката и да започнат да ги трошат своите заштеди.

Во време на економска криза, треба да се поттине потрошувачката во државата, со цел да не се намалува производството. Тоа може да се поттикне со низа мерки и програми, како на пример граѓаните да започнат да ги трошат своите заштеди.

Мерка која успешно се примени во Германија, каде што Владата успеа да постигне договор со банките, да им бидат одобрени кредити на граѓаните на долг временски период, а со ниски каматни стапки. Овие услови се многу поволни и за поттикнување на стопанството кое е зависно од кредитно финансирање. Најчесто парите земани преку кредити во Германија беа трошени за купување на нови автомобили, што предизвика еден мултипликаторен ефект. Од една страна, се зголеми производството и продажбата на нови автомобили, што резултираше со потреба од работна сила во овој сектор, а од друга страна на автомобилската индустрија и беше загарантирана идна работа преку изработка на резервни делови за овие автомобили. Значи во услови на економска криза е неопходна добра банкарска политика т.е. одобрување на поголем број на кредити на долг временски план и со ниска каматна стапка.

7)Воведување на прогресивно оданочување на персоналниот данок.

Со со што ќе се измени рамната даночна стапка и ќе се отргне товарот од граѓаните со ниски приходи и ќе овозможи правична прераспределба во државата. На тој начин ќе се спречат тенденциите за зголемување на сиромаштијата, особено во време на криза и ќе се промовира визија за правична и праведна иднина.

8)Јавно инвестирање во инфраструктура и енергетика.

Ваквите инвестиции ќе осигураат и отворат нови работни места во моменти на криза и ќе отворат пат за потенцијални идни инвестиции, откако ќе заздрави економската ситуација; Државата може да оствари голем финансиски бенефит во инвестирање на инфраструктурна мрежа, посебно во изградба на меѓународни патишта и коридори.

Вложувањата во енергетиката, исто така, овозможуваат добар финансиски бенефит и нови вработувања, посебно доколку државата е енергетски независна и врши производство на енергија за извоз, а посебно ако производството на енергија се остварува преку обновливи извори на енергија.

Како што истакнува Џереми Рифкин во неговото дело „ Европски сон"-„Велика Британија во 19 век стана најмоќната економска држава во светот благодарение на нејзината енергетска независност остварена преку рудата со јаглен, додека САД во 20 век стана најмоќната економија на светот бидејќи располагаше со големи резерви на извори со

нафта и ја контролираше нафтената политика во светот. Според тоа, Европската Унија најмногу финансиски средства вложува во производство на енергија преку обновливите извори и моментално е прва во светот која најмногу ги користи овие ресурси, па според тоа, голема е веројатноста Европската Унија да го држи приматот на најмоќната економска земја во светот во 21 век''.

9)Поголемо користење на средствата од европските фондови(Европскиот фонд за регионален развој[28],Европскиот социјален фонд[29] и Кохезиониот фонд[30]).

Со користењето на средствата од Европските фондови може многу да вложи во : индустријата,туризмот,занаетчиството,услужните дејности; финансирање на инфрастуктурни проекти (изградба на патишта,железници,трансевропски транспортни мрежи,гасоводи,извори за електрична енергија,обновливи извори на енергија,водоснабдување,телекомуникации ); човечки ресурси,социјална интеграција, подобрување на образовниот систем и заштита на животната средина.

Преку користењето на средствата од европските фондови можат да бидат отворени многу нови работни места и во голема мера да се реши проблемот со невработеноста, но и да се постигне економски и социјален развој во државата. Грција,Португалија и Ирска се земји кои имаат најголем број неразвиени региони, но истовремено се и меѓу најголемите корисници на средствата наменети за регионалната политика во ЕУ.

10)Технолошки развој и модернизација на стопанството.

Технолошкиот развој и модернизацијата на стопанството се најважниот предуслов за подобрување на производството и добивање на квалитетен и конкурентен производ, што значи полесен пласман на производите,зголемено производство и извоз,раст на економијата и отворање на нови работни места.Владите можат да ја поттикнат технолошката модернизација на стопанството преку различни мерки, како на пример :

[28] Европскиот фонд за регионален развој има за цел да ја зајакне економската и социјалната кохезија во Европската унија, исправувајќи ја нерамнотежата меѓу регионите.

[29] Европскиот социјален фонд е наменет за зголемување на вработеноста и шанса за пронаоѓање на работа во Европската унија.

[30] Кохезиониот фонд е наменет за државите членки чиј што БДП по жител е помал од 90% од просекот на ЕУ.Неговата цел е да ги ублажи нивните економски и социјални недостатоци, како и да ги стабилизира нивните економии.До 2013 година, овој Фонд можат да го користат: Бугарија,Кипар,Чешка,Естонија,Грција,Унгарија,Летонија,Литванија,Малта,Полска,Португалија,Романија,Словачка и Словенија,додека Шпанија го исполнува условот за постепен престанок за користење на Кохезиониот фонд.

договор на владата со банките за давање на поповолни услови за користење на кредити на овие корисници; стимулирање од страна на државата со одредени субвенции или грантови; поттикнување на граѓаните за поголемо користење на европските фондови итн.

11) Спроведување активни политики на пазарот на труд.

Имајќи предвид дека се повеќе луѓе го напуштаат пазарот на труд, фокусираноста на овие мерки треба да биде одржлива за да се постигне нивната реинтеграција;

Активните политики на вработување сами по себе не би можеле да дадат резултати доколку се изолирани и насочени само кон лицата кои бараат работа.

Потребна е комплементарност на образовни и економски политики, за постигнување на поголема вработеност.

- Социјален дијалог во кој сите инволвирани страни, вклучувајќи ги работодавачите, синдикатите и Владата, ќе бидат дел од процесот на носење на идните одлуки.
- Поттикнување на вработувања со скратено работно време и вработувања по концептот на „flexicurity"
- Поттикнување на самовработувањето како мерка за нови вработувања.

Меѓутоа во услови на економска криза, финансиската моќ на потрошувачите е намалена, со што се намалува и потрошувачката, а ризикот од неупех зголемен, што е причина поради која бројот на нови самовработувања е мал. Затоа во вакви услови е неопходно самовработувањата да се поттикнат со поголема финансиска поддршка од страна на државата.

12)Образование насочено кон потребите на пазарот на трудот, кое ќе се темели на знаење, иновативност и креативност, односно како што се наведува во Лисабонскиот договор - „ образованието да биде ставено во служба на потребите на пазарната економија''.

- Образованието треба да ги следи потребите на пазарот на трудот;
- Да не постојат необразовани граѓани;
- Секој граѓанин треба да добие шанса да го надогради и зголеми своето знаење и образование;

- Да се поттикнуваат граѓаните на доживотно образование;
- Да се зголеми бројот на граѓани кои ќе завршуваат високо образование;
- Државата и компаниите да го финансираат образованието за доквалификување и преквалификување на работната сила, со цел кога ќе се намали работата во еден сектор, вработените брзо да бидат префрлени во друг сектор во кој што има поголема побарувачка.
- Да бидат поттикнувани волонтерските практикански работи по завршување на образованието, бидејќи преку нив студентите го подобруваат својот квалитет,знаење и вештини и на тој начин стануваат поконкурентни, со што полесно успеваат да се вклучат во активниот пазар на труд.

13)Зајакнување на системот на социјална заштита.

Во време на криза, социјалното осигурување станува се повеќе оптоварување за државата, меѓутоа, значајно е во такво време да нема повлекување на социјалните инвестиции, бидејќи тоа може на долгорочен план уште повеќе да ги влоши работите. Социјалните трошоци не треба да бидат засегнати и што е позначајно треба да се зголемат и употребуваат ефективно за да се спречи натамошното осиромашување на популацијата.

-Специјални аранжмани за бенефиции на невработеноста- треба да се воведе поголема флексибилност во строгиот систем за обезбедување на надоместоци за невработените, со што лицата кои ги изгубиле работните места во текот на кризата ќе им се овозможи помош и ќе се спречи нивна исклученост;

-Одржливо финансирање на системот за пензиско осигурување и здравствена заштита, што во време на криза е од клучно значење да се обезбеди одржливоста на овие институции;

-Националната социјална политика да биде ориентирана кон остварување на целите од „ Европската стратегија-2020 година " . Да се напушти илузорната „Кејнзова'' социјална политика и да биде социјалната политика насочена кон потребите на граѓаните на 21 век, или така наречената „ Социјална политика на 21 век''.

Европската унија во последниот извештај, но и во претходниот и даде препорака на Република Македонија да вложи дополнителни напори за намалување на невработеноста и сиромаштијата.

Земјите-членки на Унијата и Република Македонија како земја кандидат за членство во Унијата, треба да ги следат препораките и да ги спроведат во нивните активни политики, со цел да се зголеми вработувањето и да се постигне поголема социјална еднаквост и праведност, како важен услов во создавањето на конкурентна економија во државата.

# Преглед на табели и графикони

Табела 1. Вкупна задолжененост во БНП % во 2006 година

Табела 2. Дефицит,приход,расход и јавен долг на државите –членки во Европската унија за периодот 2007-2010 година

Табела 3. Стапка на невработеност во земјите-членки на ЕУ од 2000-2010

Табела 4. Процентуалната стапка на невработеност во Европската унија и државите-членки во третиот квартал од 2009 и 2010 година

Табела 5. Процентуална стапка на невработеност во ЕУ и државите-членки од октомври 2010 до мај 2011година

Табела 6. 10-ет града со највисока стапка на невработеност / 10-ет града со најниска стапка на невработеност во 2001 година

Табела 7. 15-ет града со највисока стапка на невработеност / 15-ет града со најниска стапка на невработеност во 2004 година

Табела 8. Региони со најниска стапка на невработеност / Региони со највисока стапка на невработеност во 2009година

Табела 9. Региони со највисока стапка на невработеност во ЕУ, во ЕФТА и земји со кандидатски статус во Унијата во 2009 година

Табела 10. % од БДП за социјални заштита во ЕУ за периодот од 2001-2008 година

Табела 11. Финансирање на социјалната заштита во земјите-членки на ЕУ во 2001 и 2008 година

Табела 12. Распределба според групи на финансиските средства од социјалната заштита во земјите-членки на ЕУ

Табела 13. Луѓе кои живеат под ризик од сиромаштија (%)

Табела 14. Луѓе кои живеат во материјална депривација(%)
Табела 15. Луѓе кои живеат во социјално исклучени групи
Табела 16. Пазар на труд во Летонија во периодот 2002-2009

Табела 17. Годишен процентуален раст во Летонија во периодот 2000-2011 година

Табела 18. Процентуална стапка на невработеност во Финска во 90-те години

Табела 19. Пазар на труд во Финска во периодот 2002-2009 година

Табела 20. Годишен процентуален раст во Финска во периодот 2000-2011 година

Табела 21. Пазар на труд во Шпанија во периодот 2002-2009 година

Табела 22. Годишен процентуален раст во Шпанија во периодот 2000-2011 година

Табела 23. Пазар на труд во Германија во периодот 2002-2009 година

Табела 24. Годишен процентуален раст во Германија во периодот 2000-2011 година

Табела 25. Пазар на труд во Холандија во периодот 2002-2009 година

Табела 26. Годишен процентуален раст во Холандија во периодот 2000-2011 година

Табела 27. Пазар на труд во Грција во периодот 2002-2009 година

Табела 28. Годишен процентуален раст во Грција во периодот 2000-2011 година

Табела 29. Стапка на невработеност во Република Македонија во периодот 2006-2009година

Табела 30. Број на невработени граѓани во Република Македонија според : возраст, степен на образование,период на невработеност и етничка припадност во јули 2011 година.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Бишев,Григор (2008), *Глобалната финансиска криза и монетарната политика*, Македонска академија на науките и уметностите,Скопје.

Вељовска, Марија (2011) *Регионалната политика на Европската унија како шанса за развој на Република Македонија,* Филозофски факултет, Скопје.

Вернер, Вајденфелд., Волфганг Веселс (2009), *Европа од А до Ш*, Фондација Конрад Аденауер, Скопје.

Вите,Лотар.,Засенфелд,Хајнрих (2006) *Влијанијата на ЕУ врз Европскиот социјален модел и врз социјалното единство,* Фондација Фридрих Еберт, Скопје.

Геровска-Митев, Маја (2008), *Социјалната политика на Европската унија*, Филозофски факултет, Скопје.

Геровска-Митев, Маја., Миовска-Спасева., Сузана., Ѓорѓев., Драган (2007), *Ревија за социјална политика*, Фондација Фридрих Еберт, Скопје.

Геровска-Митев,Маја.,Пејковски Јован (2009) *Ревија за социјална политика*, Фондација Фридрих Еберт, Скопје.

Гиденс,Антони(2007) *Кон подновен европски социјален модел*, Фондација Фридрих Еберт,Скопје.

Даимонд, Патрик (2006*) Новата политичка економија на европскиот социјален модел,* Фондација Фридрих Еберт, Скопје.

Договор од Лисабон (2010), Фондација Конрад Аденауер, Сопје.

Ерке,Михаел (2009), *Глобалната криза на европска периферија*, Фондација Фридрих Еберт, Скопје.

Кауфман, Инге., Шван, Александер (2008), *Flexicurity на пазарите ба трудот во Европа,* Фондација Фридрих Еберт, Скопје.

Леинен,Јо (2008), *Добитниците од новиот Европски договор,* Фондација Фридрих Еберт, Скопје.

Макроекономска политика на Република Македонија за 2011 година (2010) (red. “anon”),Министерство за финансии на Република Македонија, Скопје.

Новковска, Благица (2011),20 Години Независна Македонија, Државен Завод за статистика на Република Македонија, Скопје.

Оперативен план за активните програми и мерки за вработување за 2011 година(2011) (red. “anon”), Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија, Скопје.

Пејковски,Јован (2008) *Ревија за социјална политика*, Фондација Фридрих Еберт, Скопје.

Рахкола,Јонас.,Тевдовски,Драган., Стамболиева, Марија (2009),*Глобалната финансиска криза и економско-социјалните последици во Македонија,* Фондација Фридрих Еберт, Скопје.

Стамболиева, Марија (2008), *Младите во Македонија и пазарот на трудот*, Фондација Фридрих Еберт, Скопје.

Селм,Берт (2009), *Македонија и ММФ во турбулентни времиња*, Фондација Конрад Аденауер, Скопје.

Тодоровска, Веселинка (2011),Активно население-резултати од Анкетата за работна сила, IV тримесечје 2010 година, Државен завод за статистика, Скопје.

Филиповски, Владимир (2008), *Макроекономијата и берзата*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје.

Фити,Таки (2009), *Феноменологија на економските кризи*,Економски факултет, Скопје.

Хелајнер, Ерик (2009),*Финансиската криза и нејзините реакции-што се случи досега. Пет обиди во потрага по резултат,* Фондација Фридрих Еберт,Скопје.

Цепел,Кристоф (2006) *Социјал демократската програматика по проширувањето на Европската унија*, Фондација Фридрих Еберт,Скопје.

Шапир,Жак (2009) *Од финансиска криза,до пресвртница*, Фондација Фридрих Еберт, Скопје.

“anon” (2010), Europe 2020,A European Strategy for smart, sustanible and inclusive growth, , European Commission, Publications Office of the European Union, Luxembourg.

Bevers, Tom., Krastev Todor., Hemmann, Arnold et al.(2009),European Employment Observatory Review: Spring 2009,European Commission,Publications Office of the European Union, Luxembourg.

Beets, Lauris (2011), The Social Dimension of the Europe 2020 Strategy, A Report Of The Social Protection Committee, European Commission, Publications Office of the European Union, Luxembourg.

Vujovic, Dusan (2009), Globalna finansiska kriza: poruke I pouke za ka ǝne tranzicione privrede, Fakultet za ekonomiju,finansije I administraciju, Beograd.

Governatori,Mateo.,Meyermans,Eric.,Van der Valk,Johan "et al" (2009), Employment in Europe,European Commission, Publications Office of the European Union, Luxembourg.

Governatori,Matteo., Grzegorzewska, Magdalena.,Van der Valk, Johan "et al"(2010), Employment in Europe 2010,Publications Office of the European Union, Luxembourg.

Dimic, Nemanja., Dasic, Marija (2010), Upravljanje potrebama klijenata u uslovi,a globalne ekonomske krize, Medzunarodna finansiska konferencija,Krusevac.

Draskovic, Veselin (2010), Neoinstitucionalizam, neoliberalizam I globalna finansiska kriza, Fakultet za ekonomiju,Univerzitet Crne Gore.

Plantenga,Janneke.; Remery, Chantal (2010), Flexible working time arrangements and gender eguality, European Commission, Publications Office of the European Union, Luxembourg.

Plasman,Robert., Munich, Daniel., Madsen, Per (2011), European Employment Observatory Review: Youth employment measures, 2010, European Commission, Publications Office of the European Union, Luxembourg.

Scpidla, Vladimir & Otto Littorin, Sven (2009),Recovering from the crisis- 27 ways of tackling the employment challenge, Publications Office of the European Union, Luxembourg.

http://makstat.stat.gov.mk/pdf/2011/2.1.11.03.pdf

http://www.finance.gov.mk/files/u1/MAKRO_2011.pdf

http://www.zvrm.gov.mk/WBStorage/Files/OP201101022011.pdf

http://www.zvrm.gov.mk/WBStorage/Files/Nevraboteni082011.pdf

http://www.zvrm.gov.mk/WBStorage/Files/nevraboteni2010.pdf

http://epp.eurostat.ec.europa.eu/statistics_explained/index.php?title=File:Table_unemployment_rates.PNG&filetimestamp

http://epp.eurostat.ec.europa.eu/tgm/table.do?tab=table&language=en&pcode=teilm020&tableSelection=1&plugin=1

http://epp.eurostat.ec.europa.eu/cache/ITY_PUBLIC/3-25062004-BP/EN/3-25062004-BP-EN.HTML

http://epp.eurostat.ec.europa.eu/statistics_explained/index.php/Urban_rankings

**http://ec.europa.eu/eurostat**

http://epp.eurostat.ec.europa.eu/cache/ITY_OFFPUB/KS-SF-11-017/EN/KS-SF-11-017-EN.PDF

http://epp.eurostat.ec.europa.eu/cache/ITY_OFFPUB/KS-SF-11-017/EN/KS-SF-11-017-EN.PDF

http://publications.europa.eu/others/agents/index_en.htm.

http://epp.eurostat.ec.europa.eu/portal/page/portal/government_finance_statistics/excessive_deficit/supplementary_tables_financial_turmoil

http://topics.nytimes.com/top/opinion/editorialsandoped/oped/columnists/paulkrugman/index.html

http://dw-world-de/popups/popup/-lupe/o,,5232052/nd_100

http://www.press24.mk/story/biznis/shpanija-i-italija-vo-dolzhnichka-kriza).

http://www.france24.com/en/20110804-eu-commission-chief-bailout-fund-eurozone-crisis-financial-spain-italy-economy

http://www.dw-world.de/dw/article/0,,15237756,00.html)

http://kurir.mk/svet/biznis/

http://www.dnevnik.com.mk/default.asp?ItemID=B17C09C8B85725428B2476D69506FB25

http://www.mn.mk/aktuelno/1325 21

http://www.wavemagazine.net/

http://query.nytimes.com/search/sitesearch?query=greece+debt&srchst=cse

http://www.guardian.co.uk/business/2011/oct/05/general-strike-in-greece?INTCMP=SRCH

http://www.dw-world.de/dw/article/0,,15258834,00.html
http://tocka.com.mk/index13.php?ID=46811

http://www.trtmacedonian.com/trtworld/mk/

http://www.dw-world.de/dw/article/0,,15432697,00.html).

http://www.mn.mk/aktuelno/1325 16

http://kurir.mk/svet/biznis/

http://www.time.mk/read/85819bc393/1f26560f37/index.html

http://www.dw-world.de/dw/article/0,,15237756,00.html

http://www.dw-world.de/dw/article/0,,15434260,00.html